НЛБ Банка АД Скопје

Извештај на независниот ревизор и

Финансиски извештаи

за годината завршена на 31 декември 2020 година

Содржина	Страна
Извештај на независниот ревизор	1
Биланс на успех	3
Извештај за сеопфатна добивка	4
Биланс на состојба	5-6
Извештај за промените во капиталот и резервите	7-8
Извештај за паричниот тек	9-10
Белешки кон финансиските извештаи	11

Building a better working world

Ernst & Young
Certified Auditors Ltd-Skopje
bul. 8-mi Septemvri,18-3/4
1000 Skopje,
Republic of N. Macedonia

Tel: (+389 2) 311 33 10
Fax: (+389 2) 311 34 38
www.ey.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

До Акционерите на НЛБ Банка АД – Скопје

Извештај на финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на НЛБ Банка АД - Скопје ("Банката"), кои што ги сочинуваат билансот на состојба на Банката на 31 декември 2020 година како и билансот на успех, извештаите за сеопфатна добивка, извештаите за промените на капиталот и извештаите на паричните текови за годината која што завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготовувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија и интерна контрола која што раководството смета дека е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени во Република Северна Македонија и објавени во Службен Весник бр.79 од 11 јуни 2010 година. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршуваме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Банката. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветени за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Building a better working world

Мислење

Според нашето мислење, финансиските извештаи на Банката објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Банката на 31 декември 2020 година како и финансиската успешност и паричните текови на Банката за годината што завршува тогаш во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Северна Македонија.

Извештај за други правни и регулаторни барања

Раководството, исто така, е одговорно за подготовка на годишниот извештај за работење во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работење е конзистентен со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Банката за годината што завршува извршени во согласност со МСР 720 прифатен во Република Северна Македонија и објавен во Службен Весник бр.79 од 11 јуни 2010 година и се однесуваат само на оценка дали историските финансиски информации во годишниот извештај за работење се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Банката.

Годишниот извештај за работење е конзистентен, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Банката за годината што завршува на 31 декември 2020 година.

Владимир Соколовски

Управител

Здружение за ревизорски и книговодствен консалтинг и услуги ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО СКОПЈЕ

Владимир Соколовски

Овластен ревизор

Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО

Скопје, 17 Март 2021 година

Биланс на успех
за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020

	Белешка	*во илјади денари*	
		тековна година 2020	претходна година 2019
Приходи од камата		3.329.534	3.481.088
Расходи за камата		(416.348)	(519.601)
Нето-приходи/(расходи) од камата	6	**2.913.186**	**2.961.487**
Приходи од провизии и надомести		1.737.147	1.723.497
Расходи за провизии и надомести		(614.255)	(619.422)
Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести	7	**1.122.892**	**1.104.075**
Нето-приходи од тргување	8	(45.819)	(19.656)
Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност	9	460	(666)
Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики	10	239.538	188.526
Останати приходи од дејноста	11	275.436	185.786
Удел во добивката на придружените друштва	24	-	-
Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа	12	(673.070)	(427.431)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа	13	(47.426)	(4.473)
Трошоци за вработените	14	(845.588)	(850.550)
Амортизација	15	(195.992)	(167.306)
Останати расходи од дејноста	16	(886.283)	(922.634)
Удел во загубата на придружените друштва	24	-	-
Добивка/(загуба) пред оданочување		**1.857.334**	**2.047.158**
Данок на добивка	17	(153.063)	(197.240)
Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење		**1.704.271**	**1.849.918**
Добивка/(Загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба*		-	-
Добивка/(загуба) за финансиската година		**1.704.271**	**1.849.918**
Добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:			
акционерите на банката		-	-
неконтролираното учество		-	-
Заработка по акција	41		
основна заработка по акција (во денари)		1.995	2.166
разводнета заработка по акција (во денари)		1.995	2.166

* само за консолидираните финансиски извештаи

Скопје, 04.03.2021 година

Потпишани во име на НЛБ Банка АД Скопје:

Игор Давчевски Член на Управен одбор	Гинтер Фриедл Член на Управен одбор	Петер Зелен Член на Управен одбор	Антонио Аргир Претседател на Управен одбор

Извештај за сеопфатна добивка
за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 2020	претходна година 2019
Добивка/(загуба) за финансиската година		1.704.271	1.849.918
Останати добивки/(загуби) во периодот (пред оданочување)			
Останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)			
Ревалоризациска резерва за сопственички средства расположливи за продажба			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на сопственичките средства расположливи за продажба		2	-
- реализирани нето-добивки/(загуби) од сопственичките средства расположливи за продажба, рекласификувани во Останати резерви		-	-
Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност		-	-
Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех	17	-	-
Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех		**2**	**-**
Останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех (пред оданочување)			
Ревалоризациска резерва за должнички средства расположливи за продажба			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на должничките средства расположливи за продажба		69.002	6.706
- реализирани нето-добивки/(загуби) од должничките средства расположливи за продажба, рекласификувани во Билансот на успех		-	-
-дополнителна исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба		-	-
-ослободување на исправката на вредноста на должничките средства расположливи за продажба		-	-
Ревалоризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања			
- ревалоризациска резерва признаена во текот на годината		-	175.272
- намалување на ревалоризациската резерва, рекласификувано во Билансот на успех		(3.365)	-
Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови		-	-
- реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот од паричните текови, рекласификувани во Билансот на успех		-	-
Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење		-	-
Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење		-	-
Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва коишто не се прикажуваат во Билансот на успех	24	-	-
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех		(253)	(807)
Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех	17	-	-
Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех		**65.384**	**181.171**
Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот		**65.386**	**181.171**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година		**1.769.657**	**2.031.089**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:			
акционерите на банката		-	-
неконтролираното учество		-	-

* само за консолидираните финансиски извештаи
Скопје, 04.03.2021 година

Потпишани во име на НЛБ Банка АД Скопје:

Игор Давчевски Член на Управен одбор	Гинтер Фриедл Член на Управен одбор	Петер Зелен Член на Управен одбор	Антонио Аргир Претседател на Управен одбор

НЛБ банка АД Скопје NLB

Биланс на состојба **
на ден 31.12.2020

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 31.12.2020	претходна година 31.12.2019	претходна година*** 01.01.2019
Актива				
Парични средства и парични еквиваленти	18	17.583.530	18.354.193	
Средства за тргување	19	-	-	
Финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетното признавање	20	-	-	
Дериватни средства чувани за управување со ризик	21	460	-	
Кредити на и побарувања од банки	22.1	502.403	424.781	
Кредити на и побарувања од други комитенти	22.2	57.977.711	54.691.236	
Вложувања во хартии од вредност	23	16.367.473	10.911.666	
Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според „методот на главнина")	24	-	-	
Побарувања за данок на добивка (тековен)	30.1	30.924	17.953	
Останати побарувања	25	1.633.256	1.373.283	
Заложени средства	26	-	-	
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	27	139.195	193.165	
Нематеријални средства	28	278.154	206.620	
Недвижности и опрема	29	2.032.107	2.004.050	
Одложени даночни средства	30.2	-	-	
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување	31	-	-	
Вкупна актива		**96.545.213**	**88.176.947**	
Обврски				
Обврски за тргување	32	-	-	
Финансиски обврски по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетното признавање	33	-	-	
Дериватни обврски чувани за управување со ризик	21	-	666	
Депозити на банки	34.1	345.173	542.159	
Депозити на други комитенти	34.2	79.434.666	72.336.067	
Издадени должнички хартии од вредност	35	-	-	
Обврски по кредити	36	422.377	644.303	
Субординирани обврски	37	1.848.018	1.840.991	
Посебна резерва и резервирања	38	254.971	243.239	
Обврски за данок на добивка (тековен)	30.1	-	-	
Одложени даночни обврски	30.2	-	-	
Останати обврски	39	827.163	926.334	
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	31	-	-	
Вкупно обврски		**83.132.368**	**76.533.759**	

Биланс на состојба **
на ден 31.12.2020 (продолжува)

	Белешка	*во илјади денари*		
		тековна година 31.12.2020	претходна година 31.12.2019	претходна година*** 01.01.2019
Капитал и резерви				
Запишан капитал	40	854.061	854.061	
Премии од акции		2.274.484	2.274.484	
Сопствени акции		-	-	
Други сопственички инструменти		-	-	
Ревалоризациски резерви		295.966	230.580	
Останати резерви		5.299.564	5.299.564	
Задржана добивка/(Акумулирани загуби)		4.688.770	2.984.499	
Вкупно капитал и резерви кои припаѓаат на акционерите на банката		**13.412.845**	**11.643.188**	
Неконтролирано учество*		-	-	
Вкупно капитал и резерви		**13.412.845**	**11.643.188**	
Вкупно обврски и капитал и резерви		**96.545.213**	**88.176.947**	
Потенцијални обврски	42	18.362.931	16.255.789	
Потенцијални средства	42	-	-	

* само за консолидираните финансиски извештаи
** овој извештај е познат и како "Извештај за финансиската состојба"
*** оваа колона се пополнува само доколку банката: ретроактивно применува сметководствена политика, прави ретроактивна корекција на грешка или прави ретроактивна рекласификација на ставки од финансиските извештаи.

Скопје, 04.03.2021 година

Потпишани во име на НЛБ Банка АД Скопје:

Игор Давчевски
Член на Управен одбор

Гинтер Фриедл
Член на Управен одбор

Петер Зелен
Член на Управен одбор

Антонио Аргир
Претседател
на Управен одбор

НЛБ банка АД Скопје NLB

Извештај за промените во капиталот и резервите
за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020

	Капитал				Ревалоризациски резерви					Останати резерви			Задржана добивка					
во илјади денари	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопственички инструменти	Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба	Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања	Резерва за заштита од ризикот	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење	Останати ревалоризациски резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите	(Акумулирани загуби)	**Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката**	Неконтролирано учество *	**Вкупно капитал и резерви**
На 1 јануари 2019 година (претходна година)	854.061	2.274.484	-	-	(822)	51.646	-	-	(1.415)	4.843.553	-	-	2.138.210	936.740	-	11.096.457	-	11.096.457
Корекции на почетната состојба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
На 1 јануари 2019 година (претходна година), коригирано	854.061	2.274.484	-	-	(822)	51.646	-		(1.415)	4.843.553	-	-	2.138.210	936.740	-	11.096.457	-	11.096.457
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година																		
Добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1.849.918	-	-	1.849.918	-	1.849.918
Останати добивки/(загуби) во периодот																		
Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба																		
должнички инструменти																		
- нереализирани промени во објективната вредност(нето)	-	-	-	-	6.706	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	6.706	-	6.706
- реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во Билансот на успех	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- дополнителна исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- ослободување на исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
сопственички инструменти																		
- нереализирани промени во објективната вредност (нето)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во Останати резерви	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Курсни разлики од вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (наведете детално)																		
Ревалоризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања	-	-	-	-	-	175.272	-	-	-	-	-	-	-	-	-	175.272	-	175.272
Ревалоризациска резерва за актуарска пресметка	-	-	-	-	-	-	-	-	(807)	-	-	-	-	-	-	(807)	-	(807)
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	6.706	175.272	-	-	(807)	-	-	-	-	-	-	181.171	-	181.171
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	6.706	175.272	-	-	(807)	-	-	-	1.849.918	-	-	2.031.089	-	2.031.089
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите:																		
Издадени акции во текот на периодот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвојување за законска резерва	-	-	-	-	-	-	-	-	-	456.011	-	-	(456.011)	-	-	-	-	-
Издвојување за останати резерви	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(1.484.358)	-	-	(1.484.358)	-	(1.484.358)
Откуп на сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Продадени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Други промени во капиталот и резервите (наведете детално)																		
Задржана добивка од поранешни години ограничена за распределба на акционерите - Инвестициско вложување во денари	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(180.000)	180.000	-	-	-	-
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	456.011	-	-	(2.120.369)	180.000	-	(1.484.358)	-	(1.484.358)
На 31 декември 2019 (претходна година)/ 1 јануари 2020 (тековна година)	854.061	2.274.484	-	-	5.884	226.918	-	-	(2.222)	5.299.564	-	-	1.867.759	1.116.740	-	11.643.188	-	11.643.188

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи

Извештај за промените во капиталот и резервите
за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 (продолжува)

	Капитал				Ревалоризациски резерви					Останати резерви			Задржана добивка					
во илјади денари	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопственички инструменти	Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба	Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања	Резерва за заштита од ризикот	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење	Останати ревалоризациски резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите	(Акумулирани загуби)	Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката	Неконтролирано учество*	Вкупно капитал и резерви
На 31 декември 2019 (претходна година)/ 1 јануари 2020 (тековна година)	854.061	2.274.484	-	-	5.884	226.918	-	-	(2.222)	5.299.564	-	-	1.867.759	1.116.740	-	11.643.188	-	11.643.188
Корекции на почетната состојба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
На 1 јануари 2020 година (тековна година), коригирано	854.061	2.274.484	-	-	5.884	226.918	-	-	(2.222)	5.299.564	-	-	1.867.759	1.116.740	-	11.643.188	-	11.643.188
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година																		
Добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1.704.271	-	-	1.704.271	-	1.704.271
Останати добивки/(загуби) во периодот																		
Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба																		
должнички инструменти																		
- нереализирани промени во објективната вредност(нето)	-	-	-	-	69.002	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	69.002	-	69.002
- реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во Билансот на успех	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- дополнителна исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- ослободување на исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
сопственички инструменти																		
- нереализирани промени во објективната вредност (нето)	-	-	-	-	2	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во Останати резерви	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Курсни разлики од вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (наведете детално)																		
Ревалоризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања	-	-	-	-	-	(3.365)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(3.365)	-	(3.365)
Ревалоризациска резерва за актуарска пресметка	-	-	-	-	-	-	-	-	(253)	-	-	-	-	-	-	(253)	-	(253)
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	69.004	(3.365)	-	-	(253)	-	-	-	-	-	-	65.386	-	65.386
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	69.004	(3.365)	-	-	(253)	-	-	-	1.704.271	-	-	1.769.657	-	1.769.657
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите:																		
Издадени акции во текот на периодот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвојување за законска резерва	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвојување за останати резерви	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Откуп на сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Продадени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Други промени во капиталот и резервите (наведете детално)																		
Задржана добивка од поранешни години ограничена за распределба на акционерите - Инвестициско вложување во денари	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(177.648)	177.648	-	-	-	-
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(177.648)	177.648	-	-	-	-
На 31 декември 2020 (тековна година)	854.061	2.274.484	-	-	74.888	223.553	-	-	(2.475)	5.299.564	-	-	3.394.382	1.294.388	-	13.412.845	-	13.412.845

* само за консолидираните финансиски извештаи

Скопје, 04.03.2021 година
Потпишани во име на НЛБ Банка АД Скопје:

Игор Давчевски
Член на Управен одбор

Гинтер Фриедл
Член на Управен одбор

Петер Зелен
Член на Управен одбор

Антонис Аргир
Претседател
на Управен одбор

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи

Извештај за паричниот тек
за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 2020	претходна година 2019
Паричен тек од основната дејност			
Добивка/(Загуба) пред оданочувањето		1.857.334	2.047.158
Коригирана за:			
Неконтролирано учество, вклучено во консолидираниот Биланс на успех*		-	-
Амортизацијата на:			
нематеријални средства		67.132	44.332
недвижности и опрема		128.860	122.974
Капиталната добивка од:			
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема		(969)	(283)
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		(6.056)	(55.360)
Капиталната загуба од:			
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема		-	61
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		-	-
Приходи од камата		(3.329.534)	(3.481.088)
Расходи за камата		416.348	519.601
Нето-приходи од тргување		45.819	19.656
Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа			
дополнителна исправка на вредноста и посебна резерва		906.359	772.515
ослободена исправка на вредноста и посебна резерва		(242.570)	(344.743)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа			
дополнителни загуби поради оштетување		50.790	4.473
ослободени загуби поради оштетување		(3.364)	-
Резервирања			
дополнителни резервирања		11.505	29.452
ослободени резервирања		(1.990)	(1.094)
Приходи од дивиденди		(4.264)	(5.770)
Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва		-	-
Останати корекции		(213)	(135)
Наплатени камати		2.756.302	3.447.319
Платени камати		(454.251)	(530.739)
Добивка од дејноста пред промените во деловната актива		**2.197.238**	**2.588.329**
(Зголемување)/намалување на деловната актива:			
Средства за тргување		(45.819)	(19.656)
Дериватни средства чувани за управување со ризик		-	16
Кредити на и побарувања од банки		(77.912)	219.870
Кредити на и побарувања од други комитенти		(3.405.037)	(3.716.372)
Заложени средства		-	-
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		9.236	55.360
Задолжителна резерва во странска валута		(270.116)	(267.503)
Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни прописи		-	-
Останати побарувања		(322.857)	(72.253)
Одложени даночни средства		-	-
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување		-	-
Зголемување/(намалување) на деловните обврски:			
Обврски за тргување		-	-
Дериватни обврски чувани за управување со ризик		(666)	(162)
Депозити на банки		(196.950)	69.439
Депозити на други комитенти		7.133.046	5.973.329
Останати обврски		(160.779)	66.460
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување		-	-
Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето		**4.859.384**	**4.896.857**
(Платен)/поврат на данок на добивка		(166.034)	(228.359)
Нето паричен тек од основната дејност		**4.693.350**	**4.668.498**

Извештај за паричниот тек
за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 (продолжува)

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 2020	претходна година 2019
Паричен тек од инвестициската дејност			
(Вложувања во хартии од вредност)		(9.080.260)	(4.607.561)
Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност		3.736.661	1.720.179
(Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва)		-	-
Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва		-	-
(Набавка на нематеријални средства)		(98.658)	(73.976)
Приливи од продажбата на нематеријалните средства		-	-
(Набавка на недвижности и опрема)		(138.131)	(38.967)
Приливи од продажбата на недвижностите и опремата		1.754	2.949
(Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба)		-	-
Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба		-	-
(Останати одливи од инвестициската дејност)		-	-
Останати приливи од инвестициската дејност		4.264	5.770
Нето паричен тек од инвестициската дејност		**(5.574.370)**	**(2.991.606)**
Паричен тек од финансирањето			
(Отплата на издадените должнички хартии од вредност)		-	-
Приливи од издадените должнички хартии од вредност		-	-
(Отплата на обврските по кредити)		(4.771.464)	(608.329)
Зголемување на обврските по кредити		4.554.815	274.132
(Отплата на издадените субординирани обврски)		-	(615.752)
Приливи од издадените субординирани обврски		-	615.752
Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот		-	-
(Откуп на сопствени акции)		-	-
Продадени сопствени акции		-	-
(Платени дивиденди)		-	(1.481.450)
(Останати одливи од финансирањето)		-	-
Останати приливи од финансирањето		-	-
Нето паричен тек од финансирањето		**(216.649)**	**(1.815.647)**
Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти		9.281	(341)
Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти		-	-
Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти		**(1.088.388)**	**(139.096)**
Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари		15.351.034	15.490.130
Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември	18	**14.262.646**	**15.351.034**

* само за консолидираните финансиски извештаи

Скопје, 04.03.2021 година

Потпишани во име на НЛБ Банка АД Скопје:

Игор Давчевски
Член на Управен одбор

Гинтер Фриедл
Член на Управен одбор

Петер Зеден
Член на Управен одбор

Антонио Аргир
Претседател
на Управен одбор

НЛБ банка АД Скопје NLB

Белешки кон финансиските извештаи

Број на белешка	Белешка
	Вовед
1	**Класификација на финансиските средства и финансиските обврски**
2	**Управување со ризици**
2.1	Кредитен ризик
2.2	Ризик на ликвидност
2.3	Пазарен ризик
2.3.1	Анализа на усогласеноста на каматните стапки
2.3.2	Валутен ризик
3	**Адекватност на капиталот**
4	**Известување според сегментите**
5	**Објективна вредност на финансиските средства и обврски**
	Биланс на успех
6	Нето-приходи/(расходи) од камата
7	Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести
8	Нето-приходи од тргување
9	Нето приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективната вредност
10	Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики
11	Останати приходи од дејноста
12	Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа
13	Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа
14	Трошоци за вработените
15	Амортизација
16	Останати расходи од дејноста
17	Данок од добивка
	Биланс на состојба **Актива**
18	Парични средства и парични еквиваленти
19	Средства за тргување
20	Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање
21	Дериватни средства чувани за управување со ризик
22.1	Кредити на и побарувања од банки
22.2	Кредити на и побарувања од други комитенти
23	Вложувања во хартии од вредност
24	Вложувања во придружени друштва
25	Останати побарувања
26	Заложени средства
27	Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања
28	Нематеријални средства
29	Недвижности и опрема
30	Одложени даночни средства
31	Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување

Обврски, капитал и резерви

32 Обврски за тргување
33 Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање
21 Дериватни обврски чувани за управување со ризик
34.1 Депозити на банки
34.2 Депозити на други комитенти
35 Издадени должнички хартии од вредност
36 Обврски по кредити
37 Субординирани обврски
38 Посебна резерва и резервирања
30 Одложени даночни обврски
39 Останати обврски
31 Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување
40 Запишан капитал

Други обелоденувања

41 Заработка по акција
42 Потенцијални обврски и потенцијални средства
43 Работи во име и за сметка на трети лица
44 Трансакции со поврзаните страни
45 Наеми
46 Плаќања врз основа на акции

ВОВЕД

а) Општи информации

НЛБ Банка АД Скопје (во понатамошниот текст: Банката) е акционерско друштво регистрирано и со седиште во Република Северна Македонија. Стратешки акционер е Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана (во понатамошниот текст: НЛБ д.д. Љубљана), со учество од 86,97% (2019: 86,97%) во вкупниот капитал на Банката. Банката е член на НЛБ Групацијата и претставува подружница на НЛБ д.д. Љубљана. Акциите на Банката котираат на Официјалниот пазар на Македонска Берза за хартии од вредност АД Скопје на подсегментот Задолжителна котација – обични акции, регистрирани под ИСИН:"MKTNBA101019".

На 31.12.2020 година најголем акционер во НЛБ д.д Љубљана со значајно влијание е Република Словенија, која поседува 25% плус една акција (2019: 25% плус една акција).

Адресата на регистрираното седиште на НЛБ Банка АД Скопје е следната:

Скопје, општина Центар,
Ул.Мајка Тереза бр.1, п.фах. 702
1000 Скопје, Република Северна Македонија

Банката има овластување да ги извршува сите банкарски активности согласно Законот за банки. Главните активности вклучуваат одобрување на кредити на клиенти, примање депозити, обезбедување странски кредитни линии, платен промет во земјата и странство, посредување при обезбедување на девизни средства на клиенти и банкарски услуги на население.

Со решението издадено од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: НБРСМ), Банката има овластување да ги врши следниве активности:

- кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- прибирање депозити и други повратни извори на средства;
- кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- издавање и администрирање платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- финансиски лизинг;
- менувачки работи;
- тргување со хартии од вредност;
- тргување со финансиски деривати;
- тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
- тргување со инструменти на пазарот на пари;
- давање услуги на чување на имот на инвестициски и пензиски фондови;
- посредување во склучување договори за кредити и заеми;
- издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- изнајмување сефови, остава и депо;
- обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
- економско-финансиски консалтинг;
- инвестиционо советување на клиенти;
- дејствување како покровител при котација;

ВОВЕД (продолжува)
а) Општи информации (продолжува)

- извршување на трансакции, активности за сметка на трети лица потребни за преземање на акционерски друштва;
- купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;
- чување на хартии од вредност за клиенти;
- советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица;
- продажба на полиси за осигурување и
- застапување во осигурување.

Овие финансиски извештаи се одобрени од Надзорниот одбор на Банката на ден 12.03.2021 година.

б) Основа за изготвување на финансиските извештаи

Финансиските извештаи на Банката се изготвени во согласност со Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи (Службен весник бр. 169/10, 165/12, 50/13,110/13 и 83/17), Одлука за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и белешките кон тие извештаи (Службен весник бр. 169/10, 152/11, 54/12, 166/13, 83/17 и 149/18), Законот за банки (Службен весник бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и 101/19), други акти донесени од НБРСМ и Законот за трговските друштва (Службен весник бр. 28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11,166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14,138/14, 88/15, 192/15 6/16, 30/16, 61/16, 64/18,120/18, 239/18 и 290/20).

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на принципот на континуитет и според историската вредност, освен за средствата расположливи за продажба и дериватните средства и обврски кои што се мерат по објективна вредност.

Во текот на 2020 година, Банката одобри мораториум на обврските на клиентите правни и физички лица. Мораториумот за физички лица беше одобрен на портфолио основа, додека за правните лица се користеа портфолио пристап и пристап на поединечна експертска анализа.
Првиот мораториум заврши на 30.09.2020 година, а на клиентите кои ги исполнија дефинираните услови им беше одобрен втор мораториум со важност од 01.10.2020 до 31.03.2021 година.
Во текот на мораториумот, деновите на доцнење беа замрзнати, но од 01.10.2020 истите продолжија да се бројат и во пресметаниот износ на исправка на вредност и посебна резерва соодветно е ефектуирано и зголеменото доцнење како и преминот на нефункционални конта. Со состојба на 31.12.2020 година, изложеноста во мораториум изнесува 3.394 милиони денари (од кои 2.789 милиони денари кон физички лица и 605 милиони денари кон правни лица), што претставува 3,3% од вкупната изложеност на Банката. Квалитетот на портфолиото кое е во втор мораториум, на редовна основа се следи и анализира.

Финансиските извештаи претставуваат поединечни (неконсолидирани) финансиски извештаи и износите се прикажани во илјади македонски денари (МКД).

Функционална валута на Банката претставува валутата на примарното економско опкружување во кое работи Банката и е македонскиот денар (МКД).

Известувачката валута во која се прикажани финансиските извештаи е македонскиот денар (МКД).

Деловните трансакции во странска валута се евидентираат почетно во нивната функционална валута со примена на соодветниот девизен курс на денот на трансакциите.

ВОВЕД (продолжува)
б) Основа за изготвување на финансиските извештаи (продолжува)

Монетарните средства и обврски назначени во странски валути се курсираат користејќи го официјалниот среден девизен курс на НБРСМ на датумот на известување и се признаваат во Билансот на успех во периодот во кој се појавиле.

Немонетарните ставки кои се евидентирани по историска вредност, назначени во странска валута, се курсираат користејќи го средниот девизен курс на НБРСМ на денот на трансакцијата.

Немонетарните ставки кои се евидентирани по објективна вредност, назначени во странска валута, се курсираат користејќи ги девизните курсеви на датумот кога е определена објективната вредност.

Странските валути со кои работи Банката воглавно се еврото (ЕУР), доларот на САД (УСД) и швајцарски франк (ЦХФ). Девизните курсеви кои се користат за искажување на 31.12.2020 и 31.12.2019 година се следниве:

	2020 МКД	2019 МКД
1 ЕУР	61,69	61,49
1 УСД	50,24	54,95
1 ЦХФ	56,82	56,56

в) Значајни сметководствени политики

Основните сметководствени политики применети при составување на финанансиските извештаи се наведени во понатамошниот текст.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски

1.1 Финансиски средства

Финансиско средство е средството коешто е:

- парично средство;
- сопственички инструмент издаден од друго правно лице;
- договорно право да се примат пари или друго финансиско средство од друго лице;
- договорно право да се разменат финансиски инструменти со друго лице според услови коишто се потенцијално поволни за Банката или
- договор кој може да биде подмирен или ќе се подмири со сопственички инструменти на Банката и е:
  - недериват за кој Банката е или може да биде обврзана да добие променлив број од своите сопственички инструменти или
  - дериват кој може да биде или ќе биде подмирен на друг начин, а не со размена на одреден износ на пари или на друго финансиско средство за фиксен број од нејзините сопственички инструменти.

1.1.1 Класификација

Финансиските средства се класифицирани во една од следните категории:

- финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност;

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.1 Финансиски средства (продолжува)
1.1.1 Класификација (продожува)

- финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка и
- финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку Билансот на успех.

Банката ги класифицира финансиските средства при нивното почетно признавање.

Класификацијата на финансиските средства се врши врз основа на:
- деловниот модел на Банката за управување со финансиските средства и
- карактеристиките на договорните парични текови на финансиското средство.

Во категоријата на **финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност**, Банката ги класифицира финансиските средства кои ги исполнуваат следните критериуми:
- Банката ги управува финансиските средства со цел наплата на договорните парични текови и
- согласно договорните услови на средството, исполнет е условот на „единствено отплати на главница и камата“ (во понатамошниот текст: СППИ).

Во оваа категорија на финансиски средства, Банката ги класифицира и паричните средства, побарувањата од купувачи, побарувања за наем, побарувања за провизии и надомести и сите други финансиски средства коишто претставуваат изложеност на кредитен ризик согласно со Одлуката за управување со кредитниот ризик, а за кои условот на СППИ е неприменлив. За овие средства не е потребно исполнување на условот на СППИ.

Во категоријата на **финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка**, Банката ги класифицира финансиските средства кои ги исполнуваат следните критериуми:
- Банката го управува финансиското средство со цел наплата на договорните парични текови и/или за продажба и
- согласно договорните услови на средството, исполнет е условот на "единствено отплати на главница и камата" – СППИ.

Во категоријата **на финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку Билансот на успех**, Банката ги класифицира финансиските средства кои ги управува со цел тргување и остварување на добивка од промените во објективната вредност на средството. Ова е и резидуална категорија, односно Банката во оваа категорија ги класификува и сите оние финансиски средства кои не ги исполнуваат критериумите на останатите две категории.

1.1.2 Деловен модел

Оцената на деловниот модел на Банката се врши на ниво на деловен процес, а не по одделен инструмент. Банката има повеќе деловни процеси за управување со финансиски инструменти. Банката може да користи и управува одделен вид финансиски инструмент на различни начини, така што еден вид финансиски инструмент може да се појави во различни деловни процеси на Банката за управување со финансиските инструменти. Оцената на деловниот модел ја врши клучното раководство на Банката, при што ги зема во предвид сите релевантни и расположливи податоци за начинот на управување со финансиските инструменти, особено: како се следат успешноста/остварувањата на деловниот модел и како се известува до клучното раководство на Банката; кои се ризиците кои влијаат на остварувањето на тој деловен модел и како се управува со тие ризици; врз што се темелат наградите на раководството на Банката и сл.
Така:
- целта на деловниот модел за категоријата на финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност е Банката да ги чува финансиските средства заради наплата на договорните парични текови. Притоа, доколку одредени финансиски

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)

1.1 Финансиски средства (продолжува)

1.1.2 Класификација (продожува)

инструменти од оваа категорија се продадат пред нивниот договорен рок на достасување (предвремени продажби), тоа не е директен показател за промена на деловниот модел на Банката, особено доколку ваквите продажби не се во голем обем, не се со зголемена зачестеност и доколку и во иднина се очекува дека ваквите или слични финансиски инструменти ќе се управуваат во рамки на ваков деловен модел. Во случај на предвремени продажби на овие средства Банката треба да направи анализа дали настанала промена на деловниот модел на Банката за овие финансиски средства, пришто треба да се земат во предвид податоците за фреквенцијата, периодите и обемот на продажбите, причините за продажбите и очекувањата на Банката за продажби на средства од оваа категорија и во иднина;

- целта на деловниот модел за категоријата на финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка е дека финансиските средства Банката ги држи заради управување со ликвидноста, одржување на одреден каматен принос, заради усогласување на рочноста (траењето) на финансиските средства со рочноста (траењето) на финансиските обврски коишто се извор на тие финансиски средства и слично;
- целта на деловниот модел за категоријата на финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку Билансот на успех е дека Банката ги управува финансиските средства преку активно и фреквентно тргување со цел остварување на добивка од промените во објективната вредност на средствата. Банката ги управува овие средства со цел реализација на нивната пазарна/објективна вредност и одлуките при управувањето ги носи врз основа на нивната пазарна/објективна вредност.

Банката ги утврди следните деловни модели:

- деловен модел за финансиски средства со цел наплата на договорните парични текови при одобрување на кредитна изложеност кон банки и други клиенти;
- деловен модел за финансиски средства со цел наплата на договорните парични текови и деловен модел за финансиски средства со цел наплата на договорните парични текови и/или за продажба, за финансиски средства хартии од вредност во кој припаѓаат: благајнички записи, државни записи и државни обврзници;
- деловен модел за сопственички финансиски средства, кои се мерат по објективна вредност пришто промените во објективната вредност се евидентираат во ревалоризациски резерви во рамки на Останата сеопфатна добивка;
- деловен модел за сопственички финансиски средства, кои се мерат по објективна вредност пришто промените во објективната вредност се евидентираат во ревалоризациски резерви во рамки на Останата сеопфатна добивка, за сопственички инструменти за кои нема активен пазар и чиешто поседување е утврдено со закон/и или е поврзано со можноста за користење на услугите коишто ги вршат овие институции;
- деловен модел за финансиски обврски со цел плаќање на договорените парични текови за финансиските обврски во кој влегуваат: депозити на банки и други клиенти, издадени должнички хартии од вредност, обврски по кредити и субординирани обврски и
- деловен модел за финансиски обврски со цел чувани за тргување во кои влегуваат финансиски обврски чувани за тргување, деривати за тргување и дериватни обврски чувани за управување со ризик во кои влегуваат деривати за заштита од ризик, вградени деривати и други деривати чувани за управување со ризик.

1.1.3 СППИ тест - единствено отплати на главница и камата

Должнички финансиски средства коишто согласно деловниот модел на Банката треба да се класификуваат во категориите на финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност или на финансиските средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, треба да исполнат уште еден услов - согласно договорните

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)

1.1 Финансиски средства (продолжува)

1.1.3 СППИ тест- единствено отплати на главница и камата **(продолжува)**

услови на средството, Банката очекува парични текови на одредени датуми „единствено врз основа на отплата на главница и камата“ - СППИ. Во рамки на договорните парични текови, елементот „главница“ го опфаќа износот при првичното одобрување, намален за сите отплати; а елементот „камата“ претставува надомест за временската вредност на парите, кредитниот ризик, ликвидносниот ризик, административните или услужните трошоци и профитната маргина.
За да е исполнет условот на СППИ, договорните парични текови не треба да вклучуваат било каква изложеност на ризици или променливост кои не претставуваат вообичаен кредитен аранжман (на пример, изложеност на ризик од промена на цените на акции или добра/стоки). Оценката дали е исполнет СППИ условот се прави во валутата во која средството е деноминирано. Условот на СППИ единствено може да се разгледува само за должничките финансиски средства. Оние должнички финансиски средства за кои е оценето дека не го исполнуваат условот на СППИ, Банката ќе ги класифицира како финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку Билансот на успех и ќе ја мери нивната објективна вредност.

Анализата дали е исполнет условот на СППИ се прави при почетното признавање на секое должничко финансиско средство.
Анализата дали е исполнет условот на СППИ се прави врз основа на договорните услови на инструментот и се земаат во предвид сите парични текови утврдени во договорот. За оние должнички финансиски средства кои произлегуваат од одреден производ за кој Банката има типизиран договор (или договорни услови) кој се применува за сите одделни побарувања по тој производ, Банката анализата дали е исполнет условот на СППИ ја прави на ниво на производ, а не по поединечно финансиско средство.

При анализата дали е исполнет условот на СППИ, Банката го зема во предвид и следното:

- за финансиските средства кои имаат различна каматна стапка од онаа којашто вообичено се применува на исти или слични финансиски инструменти, Банката прави споредба помеѓу недисконтираните парични текови на анализираното финансиско средство и недисконтираните парични текови на финансиско средство со ист кредитен квалитет и со исти договорни услови, освен каматната стапка (т.н. „benchmark“ инструмент). Доколку разликата помеѓу паричните текови на двата инструменти е значајна, анализираниот инструмент не го исполнува условот на СППИ и се класифицира и мери по објективна вредност преку Билансот на успех;
- за финансиските средства за кои регулаторот пропишува максимална вредност на каматната стапка која не смее да се надмине, се смета дека го исполнува условот на СППИ;
- за финансиските средства за кои согласно со договорните услови е предвидена минимална/максимална вредност под/над која каматната стапка не може да падне/надмине, се смета дека го исполнуваат условот на СППИ;
- за финансиските инструменти чијашто каматна стапка периодично се усогласува за стапката на инфлација, се смета дека го исполнуваат СППИ условот;
- за финансиските средства за кои со договорните услови е предвидена промена на каматната стапка доколку настане промена на кредитната способност на клиентот (уредено во договорот дека се следи преку кој било показател за кредитната способност на клиентот, како на пр.: неплаќање на договорните обврски во одреден рок, влошување/подобрување на интерната или регулаторната категорија на ризик, надминување на одредена вредност на одреден/и финансиски показател/и за работењето на клиентот и сл.), се смета дека го исполнуваат условот на СППИ;
- за финансиските инструменти одобрени во денари со валутна клаузула, се смета дека го исполуваат СППИ условот (доколку и останатите карактеристики на инструментот упатуваат на исполнување на СППИ условот);
- доколку финансискиот инструмент содржи одредена карактеристика поради која СППИ условот не е исполнет, но притоа таа карактеристика има незначително

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.1 Финансиски средства (продолжува)
1.1.3 СППИ тест - единствено отплати на главница и камата **(продолжува)**

влијание на договорните парични текови на средството (анг. „de minimis feature“), Банката смета дека СППИ условот е исполнет;

- доколку финансискиот инструмент содржи одредена карактеристика која би ги изменила договорните парични текови на средството само доколку настане одреден исклучително редок настан со мала веројатност да се случи, Банката смета дека е исполнет условот на СППИ;
- доколку договорните услови на финансискиот инструмент предвидуваат можност за предвремена отплата и доколку износот кој би се наплатил во случај на предвремена отплата го претставува износот на ненаплатената главница и достасаната ненаплатена камата, како и разумен надомест за предвременото раскинување на договорот (до 5% од предвреме отплатениот износ), Банката смета дека СППИ условот е исполнет;
- доколку договорните услови на финансискиот инструмент предвидуваат можност за продолжување на рокот на достасување и доколку паричните текови и во продолжениот период на достасување го исполнуваат условот на СППИ (може да вклучуваат и разумен надомест за продолжувањето на периодот на достасување), Банката смета дека СППИ условот е исполнет.

Во случај на измена на договорните парични текови на постоечко финансиско средство, Банката на датумот на изменувањето повторно оценува/проверува дали е исполнет условот на СППИ со новите изменети договорни услови и соодветно го класифицира финансиското средство.

1.1.4 Прекласификација

Прекласификација на должничките финансиски средства од една во друга категорија е можна само доколку дојде до промена на деловниот модел на Банката за управување со тие средства. Прекласификациите се прават во ретки случаи кога промената на деловниот модел има значајно влијание на деловните операции на Банката, кога промената е поради промена на надворешни или внатрешни фактори кои имаат значајно влијание на активностите на Банката и сл. Одлуката за промена на деловниот модел ја носи раководството на Банката. Доколку настане промена на деловниот модел, Банката мора да ги прекласификува сите финансиски средства од една во друга категорија. Во вакви случаи, прекласификуваните средства продолжуваат да се мерат соодветно со принципите на новата категорија од тој датум проспективно, односно не се прави корекција на сите дотогаш признаени добивки или загуби.
Прекласификација на сопственичките финансиски средства од една во друга категорија не е дозволена.

1.1.5 Принципи на мерење на вредноста

Банката користи два принципи на мерење на вредноста на средствата и обврските:

- принцип на мерење по амортизирана набавна вредност и
- принцип на мерење по објективна вредност.

1.1.5.1 Принцип на мерење по амортизирана набавна вредност

Амортизирана набавна вредност на финансиско средство или финансиска обврска е износ по кој се мери средството или обврската земајќи го во предвид:

- износот при почетното признавање;
- намален за отплатите на главница;
- намален или зголемен за износот на акумулирана амортизација со употреба на методот на ефективна каматна стапка, за секоја разлика помеѓу износот при почетното признавање и износот при достасувањето и
- намален за исправката на вредноста поради оштетување или ненаплатливост.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.1 Финансиски средства (продолжува)
1.1.5 Принципи на мерење на вредноста (продолжува)

Ефективна каматна стапка

Ефективната каматна стапка е еднаква на стапката која ги дисконтира очекуваните идни парични приливи и одливи од инструментот до датумот на крајна достасаност на инструментот или за пократок временски период, доколку е тоа соодветно. Мерењето со

употреба на методот на ефективна каматна стапка овозможува амортизирање на набавната вредност на финансискиот инструмент и на приходот/расходот од камата во периодот на очекувано достасување на инструментот.

При пресметка на ефективна каматна стапка, се земаат во предвид:

- сите очекувани идни парични текови;
- сите платени и/или наплатени провизии и надомести кои претставуваат составен дел од ефективната камата на финансиското средство или обврска (надомести за оценка на финансиската состојба на клиентот, за посредување при договарање на условите на финансискиот инструмент, надомести за поднесување барање и обработка на барањето за одобрување на кредити, надомести за повлекување на средствата по финансискиот инструмент, редовен месечен надомест за управување со кредитот до крајното достасување на кредитот којшто се задолжува и се наплатува во истиот момент со задолжувањето и наплатата на редовната договорна камата и слично);
- трансакциските трошоци кои се директно поврзани со трансакцијата (надомести и провизии платени на продажни агенти, советници, брокери, дилери, надомести на регулаторни тела, платени даноци и царини и слично) и
- премиите и/или дисконтите одобрени на финансискиот инструмент.

При пресметка на ефективна каматна стапка не треба да се земат во предвид:

- исправките на вредност (загубите поради оштетување).

Провизиите и надоместите кои претставуваат составен дел од ефективната каматна стапка, трансакциските трошоци кои се директно поврзани со трансакцијата и премиите и/или дисконтите, се директно поврзани со одобрувањето на финансискиот инструмент и поради тоа, претставуваат корекција на каматната стапка на финансиското средство, односно обврска и соодветно се разграничуваат и се признаваат во Билансот на успех како приходи од камата, односно расходи од камата, во периодот на достасување на финансискиот инструмент.

Банката прави суштинска анализа на провизиите и надоместите поврзани со кредитните производи и определува дали тие претставуваат составен дел на ефективната камата на кредитот или претставуваат надомест на услуга извршена од/на Банката. Притоа, доколку надоместот е директно поврзан со одобрувањето на кредитот или пак претставува надомест којшто се наплатува/плаќа на редовна основа, во истиот момент со задолжувањето и наплатата/плаќањето на редовната договорна камата, до крајното достасување на кредитот, тој претставува составен дел од ефективната камата. Доколку, надоместот претставува компензација за друга услуга, освен одобрувањето на кредитот, извршена од/на Банката, тој претставува приход/расход од провизии и надомести. Следствено, провизиите и надоместите ќе се евидентираат како акумулирана амортизација на кредитот и како приход/расход од камата, или пак, како побарување/обврска и приход/расход од провизии и надоместите.

Модификација на финансиски средства

Банката во одредени услови може да врши промена на договорните услови на финансиските средства.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.1 Финансиски средства (продолжува)
1.1.5 Принципи на мерење на вредноста (продолжува)

Финансиските средства за кои договорните услови, кои имаат директно влијание на паричните текови, се променети во текот на нивниот животен век се нарекуваат "модифицирани финансиски средства".

Промените на договорните услови на средствата на Банката може да настанат на барање на должниците поради влошена финансиска состојба или поради добивање поповолни услови, како и поради промена на каматните стапки на пазарот, награди за лојалност на клиентите и слично.

При менување на договорните услови на средствата, Банката прави анализа и утврдува дали клиентот има финансиски потешкотии во работењето односно дали има сигнали за влошување на финансиската состојба. Доколку клиентот има влошена финансиска состојба или има сигнали за влошување, промената на условите претставува реструктурирање на средствата. Ако промената на условите е од комерцијален интерес за Банката тогаш претставува рефинансирање на средства, што доведува до депризнавање на старото финансико средство и признавање на ново финансиско средство.

При промена на договорните услови на средствата при реструктурирање, Банката прави проценка дали промената на договорните услови е значајна или не и на датумот на промената проверува дали е исполнет условот на СППИ, со новите изменети договорни услови.

Доколку ново договорените услови се значајно различни од оригиналните услови тогаш промената ќе резултира во депризнавање на старото финансиско средство и отварање ново модификувано финансиско средство.

Доколку ново договорените услови не се значајно различни од оригиналните услови и средството не се квалификува за депризнавање, тогаш промените се рефлектираат на постоечкото финансиско средство со книжење на модификациона добивка/загуба која произлегува од променетите услови.

По исклучок, во одредени случаи промените на условите на финансиските средства не треба да предизвикаат признавање на добивки/загуби од измената во Билансот на успех бидејќи тие промени се незначителни.

Од клучно значење за Банката е да се утврди кога договорените парични текови се промениле до степен до кој се исполнети/не се исполнети критериумите за депризнавање. Од тука, Банката ќе ја утврди значајноста на промените на договорените парични текови преку квалитативен и квантитативен тест.

Квалитативниот тест на значајност вклучува промени во условите кои сами по себе се доволен показател за депризнавање на старото финансиско средство и признавање на ново финансиско средство без дополнително правење квантитативен тест (како на пример: рефинансирање, промена на должник, промена на валута, претворање на дел од кредитната изложеност во капитално вложување на клиентот, не е поминат СППИ тест и сл.).

Квантитативениот тест на значајност е изразен во процентуална вредност од најмалку 10%, која се утврдува кога дисконтираната сегашна вредност на паричните текови под новите услови со користење на оригиналната ефективна каматна стапка, е најмалку 10% различна од сметководствената вредност на преостанатиот паричен тек на оригиналното финансиско средство.

1.1.5.2 Принцип на мерење по објективна вредност

Мерењето по објективна вредност претпоставува дека средството или обврската се разменуваат помеѓу пазарни учесници, во вообичаена трансакција, според тековните пазарни услови на датумот на мерење.

Објективната вредност се утврдува на различни начини, во зависност од тоа дали средството или обврската се тргува на активен пазар или не се тргува.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.1 Финансиски средства (продолжува)
1.1.5 Принципи на мерење на вредноста (продолжува)

Активен пазар: Објавена цена

Активен пазар е пазарот на кој се вршат трансакции со средството или обврската со доволна фреквенција и обем, за да обезбедат ценовна информација за средството или обврската. Соодветната котирана пазарна цена за средството или обврската е онаа што е во рамките на распонот помеѓу куповната и продажната цена, а којашто најдобро ја претставува објективната вредност во соодветните услови. Вообичаено се употребува тековната: куповна цена за средството коешто се чува или за обврската којашто треба да се издаде, односно продажна/понудена цена за средството коешто ќе биде стекнато или за обврската којашто се чува; просечната пазарна цена или друга цена согласно со вообичаената, прифатена пазарна практика.

Непостоење на активен пазар: Техники за вреднување

Доколку не постои активен пазар за финансиското средство или обврска, Банката за да ја одреди објективната вредност на средството или обврската, применува техники на вреднување за коишто има најмногу расположливи податоци, давајќи им предност на податоците коишто можат да се потврдат на пазарот.
Вообичаени техники на вреднување во Банката се: *пазарен пристап* (се користат котирани цени или други релевантни информации од пазарни трансакции со исти или слични средства или обврски) и *приходен пристап* (дисконтирана вредност на тековните пазарни очекувања за идните износи (парични приливи или приходи и расходи) од средството или обврската).
При примената на техниките за вреднување, Банката:

- користи информации за постигнатите цени на скорешни (од последните 6 месеци), нормални, комерцијални трансакции за истиот финансиски инструмент помеѓу запознаени, доброволни странки (ако се достапни);
- ако нема информација за постигнатите цени од скорешните трансакции за истиот финансиски инструмент, тогаш за утврдување на објективната вредност треба да се примени тековната пазарна цена на друг инструмент, кој е во суштина ист (во смисла на тоа дека е со иста валута и со ист или сличен рок на достасување);
- ако не може да се добие информација за објективната вредност на финансискиот инструмент од пазарите, тогаш за одредување на објективната вредност на финансискиот инструмент се употребуваат податоци коишто не можат да се потврдат на пазарите.

Техниките за вреднување треба да ги опфатат сите фактори кои учесниците на пазарот ги земаат предвид при определување на цената и треба да се доследни на усвоените економски методологии за определување на цената на финансиските инструменти.

Банката може да ја смени или да направи промени на техниката за вреднување на финансискиот инструмент, ако таквата промена е поради развој на нови пазари, достапност на нови информации, промена на пазарните услови или подобрување на техниката за вреднување и ако дава посоодветна објективна вредност на финансискиот инструмент. Корекциите поради промена на техниката за вреднување претставуваат промена на сметководствените оценки, во согласност со МСС 8.

Анализата на дисконтираните парични текови е важна и често применувана техника за определување на објективната вредност на многу средства и обврски. Еден од најважните фактори при примената на оваа техника е определувањето соодветна дисконтна стапка.

Дисконтната стапка треба да ги опфати неизвесностите и ризиците од проценката на паричните текови што се поврзани со одредено средство или обврска, како и променливоста на тие ризици и неизвесности.

Соодветна дисконтна стапка може да се определи на следниот начин:

- стапка врз основа на тековниот пазарен принос на инструментот или на инструмент со слични карактеристики;

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)

1.1 Финансиски средства (продолжува)

1.1.5 Принципи на мерење на вредноста (продолжува)

- повикување на стапка ослободена од ризик, корегирана за соодветниот ризик на средството. При определувањето на дисконтната стапка и двата фактори треба да се земат предвид поодделно. Каматната стапка што е ослободена од ризик, нормално, се темели врз државни обврзници со споредливи карактеристики (валута и достасување) на средствата или обврските за кои дисконтната стапка ќе се применува. Премијата за ризикот на средството е еднаква на износот којшто пазарните учесници би го побарале како надомест за неизвесноста на идните парични текови од средството.

Непостоење на активен пазар: Сопственички инструменти

Банката ја мери/утврдува објективната вредност на сопственичките инструменти кои немаат тргувана цена на активен пазар и дериватите што се поврзани со нив и коишто мора да се намират со испорака на вакви некотирани сопственички инструменти. Банката ја утврдува објективната вредност со примена на метод кој најдобро ја одразува објективната вредност на сопственичкиот инструмент. За вложувањата на Банката во сопственички инструменти на одредени специфични институции (како што се КИБС, ЦДХВ, SWIFT и сл.), за коишто нема активен пазар и чиешто поседување е утврдено со закон и/или е поврзано со можноста за користење на услугите коишто ги вршат овие институции, се смета дека нивната набавна вредност ја одразува нивната објективна вредност. Банката ги класифицира овие вложувања како финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка.

1.2 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност

1.2.1 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност од 01.07.2019

Банката на месечна основа проценува и признава исправка на вредноста/оштетување за очекуваните кредитни загуби на финансиските средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност и на должничките финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, како и за вонбилансна кредитна изложеност и за побарувања врз основа на договори за наем, побарувања од купувачи и останати побарувања коишто се дел од изложеноста на кредитен ризик.

При утврдување на очекуваните загуби, изложеноста на кредитен ризик се класифицира во една од следните три групи на кредитен ризик:

- Група 1, ги опфаќа сите финансиски средства при почетното признавање (освен оние кои се купени со експлицитни очекувани кредитни загуби), финансиски средства со низок кредитен ризик и финансиски средства кои немаат значително влошување на кредитната способност по почетното признавање.
  Исправката на вредноста на финансиските средства од Групата 1 ја претставува загубата за целиот животен век на средството, кои би настанале како резултат на штетни настани кои би можеле да се појават во следните 12 месеци или пократок период, доколку животниот век на средството е пократок од 12 месеци (не очекуваните парични загуби во периодот од следните 12 месеци), односно е еднаква на очекуваните кредитни загуби во текот на целиот животен век на средството, пондерирани со веројатноста дека одреден штетен настан ќе се случи во текот на следните 12 месеци;
- Група 2, ги опфаќа финансиските средства кај кои настанало значително влошување на кредитната способност по почетното признавање, но сеуште нема објективни докази за оштетување (трансферирани од Група 1) и финансиски средства кои се купени или издадени со експлицитни очекувани кредитни загуби. Исправката на вредност ги вклучува очекуваните кредитни загуби кои може да настанат како

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.2 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност (продолжува)
1.2.1 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност од 01.07.2019 (продолжува)

резултат на сите штетни настани во текот на целиот преостанат животен век на средството;

- Група 3, ги опфаќа финансиските средства за кои има објективни докази за оштетување како и финансиски средства кои се купени или издадени со експлицитни очекувани кредитни загуби. Исправката на вредноста на средствата е еднаква на вкупниот износ на очекувани кредитни загуби кои може да настанат како резултат на сите штетни настани во текот на целиот преостанат животен век на средството.

Износот на кредитна загуба е еднаков на разликата помеѓу:

- договорните парични текови на средството и
- очекуваните парични текови на средството, дисконтирани со примена на оригиналната ефективна каматна стапка (сегашна вредност на очекуваните парични текови).

Утврдувањето на износот на очекувани загуби се темели на следните основни принципи:

- мерење и признавање на очекуваните кредитни загуби за целиот животен век на финансиското средство и/или за вонбилансната кредитна изложеност;
- треба да ги рефлектира/претставува очекувањата за кредитната способност (кредитниот квалитет), влошувања и подобрувања, во текот на целиот животен век на средството;
- да реагира на информациите за промените на кредитниот квалитет на финансиското средство и/или за вонбилансната кредитна изложеност, така да во случај на информација за очекувано позначајно влошување на кредитниот квалитет, да настане трансфер од Групата 1 во Групата 2 или Групата 3.

Почетно, сите финансиски средства, освен оние средства кои ги исполнуваат условите за класификација во Групата 2 или во Групата 3, треба да се класификуваат во Групата 1. Во Групата 1 се класификуваат сите финансиски средства кои на датумот на известување имаат низок кредитен ризик, како и оние финансиски средства кои немаат значително зголемување на кредитниот ризик од почетното признавање. Доколку Банката забележи значително влошување на кредитната способност на средството после почетното признавање, Банката треба да ја прекласифицира изложеноста од Групата 1 во Групата 2, додека трансферот во Групата 3 настанува кога веќе има објективни докази дека настанало ошетување.

Финансиски средства со низок кредитен ризик се оние кои ги исполнуваат следните критериуми:

- имаат низок ризик од неисполнување;
- оценето е дека должникот, краткорочно, има капацитет за исполнување на обврските;
- очекувањата/согледувањата на Банката се дека долгорочно, негативните промени во економските и деловните услови би можеле, но не задолжително, да ја намалат способноста на должникот да ги исполнува своите обврски.

Во Групата 2 се класификуваат оние финансиски средства кои имаат значително влошување на кредитниот ризик по првичното признавање, но сеуште нема објективни докази за настанување на загуба/оштетување.

Во Групата 3 се класификуваат оние финансиски средства за кои има еден или повеќе објективни докази дека настанало оштетување. Објективни докази дека настанало оштетување се:

- значајни финансиски потешкотии на кредитокорисникот или издавачот на должнички финансиски инструмент;
- непочитување на договорот, како на пр. значително доцнење во плаќањата или неплаќање;

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.2 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност (продолжува)
1.2.1 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност од 01.07.2019 (продолжува)

- доверителите на кредитокорисникот му имаат одобрено одредени олеснувања, поради неговата влошена финансиска состојба;
- постои можност дека над кредитокорисникот ќе започне постапка за стечај или друг вид на финансиска реорганизација;
- непостоење (исчезнување) на активен пазар за финансиското средство, поради финансиски потешкотии на издавачот и
- купување или издавање на финансиско средство, по значителен дисконт поради настанати кредитни загуби.

Оцената дали настанало значително влошување на кредитниот квалитет (значителен пораст на кредитниот ризик) по почетното признавање треба да се темели на оценка на ризикот од неисполнување, односно треба да се спореди ризикот од неисполнување на датумот на оценка (тековниот датум) и оценетиот ризик од неисполнување на средството на овој датум при првичното признавање. Оваа оцена треба да се темели врз промената/влошувањето на ризикот од неисполнување за целиот животен век на средството, а не на промената/зголемувањето на износот на очекуваните кредитни загуби. Доколку на датумот на преоценување средството има низок кредитен ризик, Банката може да смета дека не настанало значително влошување на кредитната способност на средството.

При оценката дали постои значителен пораст на кредитниот ризик, Банката ги зема во предвид сите разумни и поткрепувачки информации кои и се расположливи како: промени на надворешните услови (на пр. пазарните услови), промени во интерните услови во Банката и промени кај должникот. Информациите се темелат врз минато искуство, сегашните состојби и на предвидувањата за идните услови. Пример на тип на информации кои Банката ги следи со цел оценка дали настанал значителен пораст на кредитниот ризик се: тековни или очекувани промени во надворешниот кредитен рејтинг на финансискиот инструмент, анализи за кредитната способност на должникот, пораст на кредитниот ризик и сл. Доколку настане задоцнување во плаќањето на договорните обврски во период подолг од 31 ден, се смета дека настанал значителен пораст на кредитниот ризик на средството, и следствено, Банката го прекласификува средството од Групата 1 во Групата 2.

Се смета дека ризик од неисполнување настанува најдоцна во случај на доцнење подолг од 90 дена и тие финансиски средства Банката ги класификува во Групата 3.

Процената на износот на очекувани кредитни загуби се прави на износот на максималната договорна преостаната кредитна изложеност на средството (не повисок износ), за текот на преостанатиот договорен животен век на финансиското средство. По исклучок, само за кредитните производи кои вообичаено на било кој пресечен датум се состојат од искористен и неискористен дел (преземена обврска за кредитирање, на пр.: кредитни картички, одобрени пречекорувања и сл.), процената на очекуваните кредитни загуби се прави за проценетиот животен век на кредитниот производ на Банката.

При утврдување на сегашната вредност на очекуваните идни парични текови, за потребите на дисконтирањето се употребува ефективна каматна стапка изразена на годишна основа.

За дисконтирање на очекуваните идни парични текови од побарувања со променлива каматна стапка, Банката ја применува ефективната каматна стапка, согласно со договорот, што е важечка на денот на утврдувањето на сегашната вредност на очекуваните парични текови. Во овие случаи, ефективната каматна стапка се пресметува за целиот период на важност на договорот (не само преостанатиот период до достасување), со примена на каматната стапка, што е важечка на денот на утврдувањето на сегашната вредност на очекуваните парични текови.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.2 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност (продолжува)
1.2.1 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност од 01.07.2019 (продолжува)

Доколку поради финансиски потешкотии на клиентот, Банката одобри измена на условите на кредитирање, во поглед на висината на каматата и периодите на отплата на обврските на клиентот, за дисконтирање на очекуваните идни парични текови се употребува ефективната каматна стапка, што била важечка пред измените на условите на кредитирање.

Во моментот на трансфер од Групата 1 во Групата 2 или 3, во Билансот на успех се признава целиот износ на очекувани кредитни загуби за целиот преостанат животен век на средството. Враќање од Групата 2 или 3 во Групата 1 е можно само за оние средства кои почетно биле класифицирани во Групата 1, но само доколку повеќе не постојат условите за нивна класификација во Групата 2 или 3, односно доколку значително се подобри нивната кредитна способност (кредитен квалитет) и на датумот на преоцена имаат низок кредитен ризик.

При оценка на кредитниот ризик/кредитниот квалитет на одредено средство не се зема во предвид вредноста на обезбедувањето дадено за тоа финансиско средство. Вредноста на обезбедувањето, намалена за трошоците поврзани со преземањето и продажбата на обезбедувањето, се зема во предвид само при пресметката на потребниот износ на исправка на вредноста/посебна резерва.

За вложувањата во сопственички инструменти исправка на вредноста не се пресметува.

Банката ги утврдува очекуваните кредитни загуби на поединечна основа.

При оцена на поединечна основа треба да се земе во предвид и ризикот што го носи средството од аспект на групата на слични финансиски средства, односно оние со слични кредитни карактеристики кои ја покажуваат кредитната способност на должникот за отплата на достасаните износи, како на пример: типот на инструментот, кредитните рејтинзи, видот на обезбедувањето, датумот на настанување на средството, преостанатиот период на достасување, дејноста, географската локација на должникот и слично. Очекуваните кредитни загуби коишто произлегуваат од група на слични финансиски средства се проценуваат врз основа на минато искуство на Банката за загуби за средства со кредитни карактеристики што се слични на оние во групата, сегашните услови и проценките за идните настани и состојби во економијата.

Доколку исправката на вредноста е утврдена на поединечна основа, сметководствената вредност на средството треба да биде намалена до неговиот проценет очекуван надоместлив износ, преку користење сметка за исправка на вредноста во рамки на соодветното средство. Износот на загубата е вклучен во Билансот на успех во позицијата Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа.

Доколку на последователен датум на процена Банката утврди понизок износ на исправка на вредноста, разликата до претходно признаениот износ на исправка на вредноста (загуба поради оштетување) се ослободува/анулира преку коригирање на сметката за исправката на вредноста во рамки на соодветното средство.

Ослободувањето на исправката на вредноста не треба да доведе до сметководствена вредност на финансиското средство која го надминува износот, кој инаку би ја претставувал амортизираната набавна вредност на средството, доколку не било признаено оштетување. Износот на ослободувањето е вклучен во Билансот на успех во позицијата Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.2 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност (продолжува)
1.2.1 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност од 01.07.2019 (продолжува)

Оштетување/Исправка кај должнички финансиски средства расположливи за продажба

За должничките финансиски средства расположливи за продажба за износот на утврдената исправка на вредноста, кумулативната загуба (разликата помеѓу почетната набавна вредност и тековната објективна вредност на средството), којашто била признаена директно во ревалоризациските резерви, треба да се отстрани од ревалоризациските резерви и да се признае во Билансот на успех во позицијата Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа, и покрај тоа што финансиското средство не се депризнава.

Доколку, во последователниот период, објективната вредност на должничкиот инструмент класифициран како расположлив за продажба, се зголеми и зголемувањето може објективно да се поврзе со некој настан кој се случил откако исправката на вредноста (загубата поради оштетување) била признаена во Билансот на успех, исправката на вредноста се ослободува/анулира. Притоа, износот на ослободување ќе биде вклучен во Билансот на успех во позицијата Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа. Останатиот износ, до новата објективна вредност (ако има), претставува зголемување на објективната вредност на средството и се признава во ревалоризациските резерви.

Во финансиските извештаи на Банката, состојбата на сметките за исправка на вредноста во рамки на сметките за вложувања во должнички хартии од вредност расположливи за продажба Банката ги прикажува во рамки на позицијата Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба, а не како дел од Активата.

Од 01.07.2019, Банката ја примени Одлуката за методологијата за управување со кредитен ризики во целост се усогласи со нејзините барања при пресметката на исправките на вредност, нефункционалната кредитна изложеност и реструктурираната кредитна изложеност.

1.2.2 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност до 30.06.2019

Средства кои се вреднуваат според амортизирана вредност

На месечна основа, Банката прави проценка дали постои објективен доказ за исправка на вредноста на финансиското средство. Исправка на вредноста на финансиските средства и загубите од исправката настануваат само доколку има објективен доказ за исправка на вредност како резултат на еден или повеќе настани коишто се случиле по првичното признавање на средството ("настан на загуба") и тој настан на загуба (или настани) има влијание на очекуваните идни парични текови од финансиското средство коишто можат веродостојно да се проценат.

Загубата од исправката на вредност на активните билансни побарувања го претставува износот утврден како разлика помеѓу сметководствената вредност на финансиските средства и сегашната вредност на очекуваните идни парични текови. Сегашната вредност на активните билансни побарувања се добива со дисконтирање на очекуваните идни парични текови по тие побарувања со употреба на ефективна каматна стапка.

Износот на посебната резерва за активните вонбилансни позиции на поединечна основа е еднаков на сегашната вредност на очекуваните идни парични текови врз основа на плаќања на Банката по преземените потенцијални обврски и наплати од клиентот, дисконтирани со тековна пазарна цена на ниско ризични хартии од вредност издадени во иста валута и со ист рок на достасување како валутата и рокот на достасување на очекуваното плаќање или

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.2 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност (продолжува)
1.2.2 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност до 30.06.2019 (продолжува)

наплата, односно доколку не постои таква цена се зема тековната пазарна цена на ниско ризичните хартии од вредност со најблиска рочност до рочноста на очекуваното плаќање.

Сметководствената вредност на средството се намалува преку употреба на сметки за исправка на вредноста (загуба поради оштетување) и на сметки за посебна резерва, и износот на загубата се признава во Билансот на успех.
Доколку во наредниот период, показателите за постоење на загуба покажуваат дека повеќе не постои загуба поради оштетување и за кои може објективно да се поврзе со настан којшто се случил откако исправката била признаена (како на пример: подобрување во рангирањето на должникот), претходно признаената загуба од исправката на вредност се ослободува и износот се признава во Билансот на успех.

Средства класифицирани како расположливи за продажба

На секој датум на Билансот на состојба, Банката прави проценка дали постои објективен доказ за исправка на вредноста на должничкото финансиското средство.

Доколку постои таков доказ, Банката ќе издвои износ на исправка на вредност кој претставува негативна разлика помеѓу објективната вредност и амортизираната набавна вредност.

Кога намалувањето на објективната вредност за должничките финансиски средства расположливи за продажба било признаено директно во реваловризациските резерви и кога постои објективен доказ дека средството е оштетено, тогаш кумулативната загуба (разликата помеѓу почетната набавна вредност и тековната објективна вредност на средството), којашто била признаена директно во реваловризациските резерви, треба да се отстрани од реваловризациските резерви и да се признае во Билансот на успех. Доколку во последователниот период, објективната вредност на должничките хартии од вредност се зголемува и зголемувањето може објективно да се поврзе со настан кој се случил откако загубата поради оштетување била признаена во Билансот на успех, загубата поради оштетување се ослободува преку Билансот на успех.

1.2.3 Продолжување на рокот на достасување

Продолжувањето на рокот на достасување значи продолжување на рокот на измирување, при што продолжувањето не е последица на влошената финансиска состојба на клиентот, туку на промени во финансиските услуги кои ги нуди Банката и/или промени во работењето на клиентот и/или Банката.
При секое продолжување на рокот на достасување, Банката е должна да изврши анализа на причините поради кои се врши продолжувањето.

1.2.4 Реструктурирање на побарување

До 30.06.2019 година, Банката ги применуваше следните одредби за реструктурирани побарувања:
Реструктурирање на побарување значи воспоставување кредитна изложеност од страна на Банката за замена на едно или повеќе постоечки побарувања или промена на постоечката кредитна изложеност, при што се извршени измени на договорните услови коишто се резултат на влошената финансиска состојба на клиентот, што меѓу другото вклучува:

- продолжување на рокот на достасување;
- намалување на каматната стапка;
- намалување на висината на побарувањето (главница и/или достасана камата и провизија) преку отпис;

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.2 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност (продолжува)
1.2.4 Реструктурирање на побарување (продолжува)

- капитализација на камата;
- консолидација на повеќе побарувања во едно побарување со менување на договорните услови или
- други слични активности.

Капитализација на камата преставува припишување или конверзија на побарување врз основа на камата во побарување врз основа на главница.

При реструктурирање на побарување, Банката е должна да ги почитува критериумите за класификација на кредитната изложеност настаната како резултат на реструктурирањето.

Нето ефектот од реструктурирањето на побарувањето не смее да доведе до зголемување на финансискиот резултат на Банката, освен во случаи на намалување на кредитната изложеност како резултат на наплата. Во период од шест месеци по извршеното реструктурирање Банката не смее да евидентира приход врз основа на ослободување исправка на вредноста/посебна резерва, којшто не е резултат на наплата на кредитната изложеност.

По исклучок, Банката може да одреди подобра категорија на ризик и/или да пресмета понизок износ на исправка на вредноста/посебна резерва, само доколку кредитната изложеност настаната како резултат на реструктурирањето е обезбедена со првокласен инструмент за обезбедување.

Банката може да врши капитализација на камата само доколку таа е дел од реструктурирањето на побарувањето.

Банката е должна при секое реструктурирање на побарување да изврши анализа на причините поради кои се врши реструктурирањето.

По стапување на сила на Одлуката за методологија за управување со кредитниот ризик од 01.07.2019 година, се смени начниот на утврдување, третирање и пресметување на исправка на вредност за реструктурираните побарувања. Во продолжение се објаснети новите одредби за реструктурирани побарувања.

Под реструктурирање на кредитна изложеност се подразбира менување на договорните услови на кредитната изложеност или одобрување на нова кредитна изложеност за затварање на постоечка кредитна изложеност на клиент којшто има влошена финансиска состојба или има сигнали за влошување на неговата финансиска состојба, поради што не може или не би можел да ги почитува договорните услови.

Реструктурирање на кредитната изложеност вклучува најмалку:

- продолжување на рокот на достасување;
- промена на висината и на динамиката на отплата на кредитната изложеност, вклучително и одобрување нов или продолжување на постоечкиот грејс-период;
- намалување на каматната стапка;
- консолидација на повеќе побарувања во една кредитна изложеност со менување на договорните услови, вклучително и капитализација на каматата;
- претворање на дел од кредитната изложеност во капитално вложување кај клиентот;
- отпис на кредитната изложеност врз основа на главница и/или достасана камата или провизија;
- намалување на кредитната изложеност преку обезбедувањето;
- одобрување нова кредитна изложеност на денот или во рок од 31 ден до денот на достасување на постоечката кредитна изложеност, со која се врши затворање на побарувањата врз основа на постоечката кредитна изложеност, во целост или делумно, чиишто договорни услови клиентот не може да ги исполнува или не би можел да ги исполнува доколку не биле извршени промените на договорните услови.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.2 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност (продолжува)
1.2.4 Реструктурирање на побарување (продолжува)

Реструктурираната кредитна изложеност има третман на нефункционална реструктурирана кредитна изложеност доколку се исполнети најмалку следниве услови:

- на датумот на реструктурирање, кредитната изложеност имала третман на нефункционална кредитна изложеност или би станала нефункционална кредитна изложеност доколку не било извршено реструктурирањето;
- износот на отписот на кредитната изложеност при реструктурирањето е поголем од износот на извршената исправка на вредноста/посебна резерва.

Кредитната изложеност може да се исклучи од категоријата на реструктурирани кредитни изложености доколку се исполнети следниве услови:

- поминати се најмалку две години од датумот на реструктурирањето, или од датумот кога биле исполнети условите за исклучување на кредитната изложеност од категоријата на реструктурирана нефункционална кредитна изложеност, односно е поминат пробниот период, и
- по завршувањето на пробниот период, сите кредитни изложености на клиентот се класифицирани во категоријата на ризик „А“.

Под пробен период се подразбира период од две години од датумот на реструктурирањето или од датумот кога биле исполнети условите за исклучување на кредитната изложеност од категоријата на реструктурирана нефункционална кредитна изложеност.

Реструктурираната нефункционална кредитна изложеност може да се исклучи од категоријата на реструктурирани нефункционални кредитни изложености доколку се исполнети следниве услови:

- помината е најмалку една година од денот кога кредитната изложеност добила третман на реструктурирана нефункционална кредитна изложеност;
- врз основа на кредитната изложеност, клиентот нема обврски коишто се достасани подолго од 31 ден;
- платен е износ којшто е еднаков на оној кој бил достасан и/или отпишан при реструктурирањето, и
- настанати се промени во кредитната способност на клиентот коишто упатуваат на тоа дека клиентот ќе може да ги почитува договорните услови.

Доколку за време на пробниот период се изврши ново реструктурирање на кредитната изложеност или доколку клиентот доцни повеќе од 60 дена врз основа на реструктурираната кредитна изложеност, таа кредитна изложеност добива третман на реструктурирана нефункционална кредитна изложеност.

Нето-ефектот од реструктурирањето на кредитната изложеност не смее да доведе до зголемување на финансискиот резултат на Банката, освен во случај на намалување на кредитната изложеност како резултат на наплата. Во период од шест месеци по извршеното реструктурирање, Банката не смее да евидентира приход врз основа на ослободување исправка на вредноста/посебна резерва, којшто не е резултат на наплата на кредитната изложеност.

По исклучок, Банката може да одреди подобра категорија на ризик и/или да пресмета понизок износ на исправка на вредноста/посебната резерва, само доколку за кредитната изложеност настаната како резултат на реструктурирањето е обезбеден првокласен инструмент за обезбедување.

Реструктуирањата во текот на 2020 година, Банката ги спроведуваше во согласност со Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик (Службен весник бр. 149/18) и измените кон истата кои беа донесени за надминување на ефектите од КОВИД-19.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.2 Оштетување/Исправка на вредноста на финансиски средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност (продолжува)

1.2.5 Отпис на побарувања

Одлуката за методологија за управување со кредитниот ризик донесе измени и во делот за отпис на побарувања, но особено значајно е што во првата половина од 2019 година се вршеше задолжителен отпис на сите побарувања кои најмалку две години биле целосно резервирани, додека согласно измените во Одлуката овој период се скрати на една година и истата се применува во втората поливина на 2019 година и во текот на целата 2020 година.

Отпис на кредитната изложеност се врши најмалку во следниве случаи:

- Банката нема право на идни парични текови, односно се истечени правата за наплата на кредитната изложеност, независно од основата поради која се изгубени или се истечени правата, а што особено вклучуваат: правосилна судска одлука за неоснованост на побарувањето на Банката, правосилна судска одлука за немање право на побарувањето, правосилно судско решение за заклучена стечајна постапка, правосилно судско решение за одобрен план за реорганизација на должник во стечај;
- Банката нема разумни очекувања за наплата на кредитната изложеност, во целост или делумно;
- Банката донела одлука за отпуштање на долгот согласно со закон со која се откажува од понатамошна наплата на побарувањето;
- станува збор за поединечно незначајна кредитна изложеност;
- поминати се дванаесет месеци од датумот кога Банката била должна да врши исправка на вредноста, односно да издвојува посебна резерва од 100%.

Банката може да врши делумен или целосен отпис на побарувањата при што отпишаното побарување се пренесува на посебна вонбилансна сметка (со исклучок на мали износи на поединечно незначајни побарувања) и за него Банката води посебна евиденција во период од најмалку десет години.

1.3 Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства на Банката ги сочинуваат:

- паричните средства во благајната (денарска и девизна);
- средствата на сметката на Банката кај НБРСМ;
- неограничени депозити во НБРСМ, вклучувајќи ја и задолжителната резерва и
- депозити по видување (вклучувајки ги и трансакциските сметки).

Паричните еквиваленти на Банката ги сочинуваат:

- орочени депозити со договорен рок на достасаност до три месеци или помалку од датумот на стекнување;
- ограничени депозити со рок на достасаност до три месеци или помалку од датумот на стекнување;
- благајнички и државни записи со кои може да се тргува на секундарен пазар со рок на достасаност до три месеци или помалку од датумот на стекнување и
- останати високо ликвидни финансиски средства со рок на достасаност до три месеци или помалку од датумот на стекнување.

За целите на изготвување на извештајот за паричен тек, од паричните средства и парични еквиваленти се исклучува задолжителната резерва во девизи и ограничените депозити. Банката ги признава паричните средства во оној момент кога и се ставени на располагање за неограничена употреба, врз основа на доставените изводи за состојбата и прометот на тие средства.

Благајничките записи и слични хартии од вредност, Банката ги признава како средства на датумот на тргување.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.3 Парични средства и парични еквиваленти (продолжува)

Паричните средства и парични еквиваленти се мерат по амортизирана набавна вредност, која вообичаено е еднаква со нивната номинална вредност, освен благајничките записи кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка.

1.4 Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата ги вклучуваат сите побарувања кои произлегуваат од трансакциите со клиенти и банки, како оние кои потекнуваат од Банката, така и оние кои се купени на секундарен пазар. Кредитите и побарувањата се недериватни финансиски средства кои го исполнуваат условот на СППИ.

Кредитите на финансиски друштва дадени по договор за повторно купување/договор за реоткуп ("обратно репо") се прикажуваат одделно како одобрени кредити за кои, како обезбедување, се заложени хартии од вредност. Заложените хартии од вредност се евидентираат на вонбилансни сметки.

Кредитите на и побарувањата од други комитенти вклучуваат кредити на и побарувања од различни комитенти, нето-вложувања во финансиски лизинг и останати побарувања.

Кредити на и побарувања од банки вклучуваат кредити на банки, орочени депозити во банки со оригинален рок на достасување подолг од 3 месеци, репо договори и останати побарувања. Кредитите на банки се дефинирани како трансакции за кои важи склученио договор за кредит.

Банката ги признава кредитите и побарувањата како средства во Билансот на состојба на датумот кога станува странка на договорните одредби на инструментот, односно кога се испорачува средството.

Кредитите и побарувањата почетно се евидентираат по набавната (објективната) вредност. Трансакциските трошоци коишто се директно поврзани со стекнување или издавање, се вклучуваат во почетното мерење на побарувањата по основ на кредити.

После почетното признавање, побарувањата по кредити се мерат според амортизирана набавна вредност користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

1.5 Финансиски средства евидентирани по објективна вредност преку Билансот на успех

Финансиските средства по објективна вредност преку Билансот на успех почетно се признаваат по објективна вредност. Трансакциските трошоци на овие средства не се вклучуваат во износот по кој првично се мери инструментот. Тие се евидентираат веднаш во Билансот на успех во позицијата Нето-приходи/расходи од провизии и надомести.

По почетното признавање, финансиските средства по објективна вредност преку Билансот на успех се мерат по објективна вредност (објективната вредност ја претставува куповната цена за средствата и продажната цена за обврските) без намалување за трансакциските трошоци кои можат да настанат при продажба или отуѓување.

Добивките или загубите од промените во објективната вредност се вклучуваат во Билансот на успех во периодот во кој настануваат и тоа: за средствата за тргување – во позицијата Нето-приходи од тргување; за финансиските средства по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетното признавање – во позицијата Нето приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност.

Дериватите се признаваат на датумот на тргување.

Дериватите се депризнаваат од Билансот на состојба во случај на реализација, истекување или други причини за депризнавање.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.5 Финансиски средства евидентирани по објективна вредност преку Билансот на успех (продолжува)

1.5.1 Финансиски средства за тргување

Финансиските средства класифицирани за тргување се оние средства кои Банката ги стекнува или настанале главно со намера да се продадат или откупат во краток период и за кои постои доказ на близок веројатен модел на краткорочна добивка.
Во оваа категорија, Банката ги класифицира и оние финансиски средства кои не го исполнуваат условот на СППИ поради што не може да се класифицираат ниту во категоријата на финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност, ниту во категоријата на финансиски средства по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка.
Финансиско средство се класифицира за тргување доколку е:

- стекнато или настанато за целите на купопродажба во блиска иднина;
- дел од портфолио од идентификувани финансиски инструменти со кои збирно/групно се управува и за коишто постои доказ за скорешен, фактички/реален модел на тргување и остварување на краткорочни профити или
- дериват кој не се чува за целите на управувањето со ризици или за заштита од ризик.

Финансиските средства и дериватите чувани за тргување во Билансот на состојба се прикажуваат како Средства за тргување.

1.5.2 Финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетното признавање

При почетното признавање, секое финансиско средство може да биде определено како финансиско средство по објективна вредност преку Билансот на успех, освен некотираните сопственички инструменти и оние финансиски инструменти кои немаат котирана пазарна цена и чијашто објективна вредност не може реално да се измери.

Во оваа категорија може да се класифицираат вложувања во хартии од вредност и кредити и побарувања, доколку ги исполнуваат следниве услови:

- се елиминараат или значително се намалуваат сметководствените неусогласености кои би произлегле при мерењето и признавањето на средствата или поврзаните приходи и расходи на различни основи или
- група на финансиски средства се управуваат и нивното остварување се мери според објективната вредност, во согласност со документираните стратегии за вложувања или управување со ризиците, како и бидејќи следењето и известувањето до раководниот кадар на Банката за таа група се врши по објективна вредност.

1.5.3 Дериватни средства чувани за управување со ризик

Банката презема активности за заштита од ризик со цел намалување на изложеноста кон различни финансиски ризици, преку финансиски инструменти кои се класифицираат како деривати за заштита од ризик.
Банката поседува инструменти чија цена, директно или индиректно зависи од промената на девизните курсеви.

1.6 Должнички финансиски средства расположливи за продажба

Должнички финансиски средства расположливи за продажба се оние средства кои Банката ги држи со цел наплата на договорните парични текови и / или за продажба и кои согласно договорните услови на средството го исполнуваат условот на СППИ (Банката очекува парични текови на одредени датуми „единствено врз основа на отплата на главница и камата”).
Финансиските средства расположливи за продажба, Банката ги признава во Билансот на состојба на датумот на тргување.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.6 Должнички финансиски средства расположливи за продажба (продолжува)

Банката почетно ги признава финансиските средства расположливи за продажба по нивната набавна вредност, којашто е еднаква на објективната вредност зголемена за трансакциските трошоци кои се директно поврзани со набавката на средството. Вообичаено цената на трансакцијата се третира како објективна вредност на финансиското средство.

По почетното признавање, Банката ги мери финансиските средства по нивната објективна вредност без намалување за трансакциските трошоци кои можат да настанат при продажба или отуѓување.

Добивките или загубите коишто се јавуваат од промената во објективната вредност на должничките средства расположливи за продажба се еднакви на разликата помеѓу амортизираната набавна вредност и тековната објективна вредност на средството и директно се признаваат во капиталот и резервите, во позицијата Ревалоризациони резерви. Банката има евиденција и на амортизираната набавна вредност за должничките хартии од вредност класифицирани како расположливи за продажба (врз основа на која во одделни пресметковни периоди го разграничува и го евидентира приходот врз основа на камата) и на објективната вредност. При продажба на овие средства соодветно се раснижува и акумулираната амортизација која се однесува на средството.

Во моментот на депризнавање на должничките финансиски средства расположливи за продажба кумулативните добивки или загуби, претходно признаени во капиталот, се депризнаваат од капиталот и се признаваат во Билансот на успех. Приходите од каматата која е пресметана со примена на методот на ефективна каматна стапка и добивките и загубите од девизните промени кај средствата класифицирани како расположливи за продажба, како и загубите поради оштетување/исправка на средствата, се признати во Билансот на успех за тековната година.

За утврдување на објективната вредност на финансиските средства кои котираат на активен пазар се користи тековната куповна цена.

Состојбата на сметките за исправка на вредноста за вложувања во должнички хартии од вредност расположливи за продажба, доколку има, Банката ги прикажува во капиталот и резервите во рамки на позицијата Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба, а не како дел од активата.

Банката ги депризнава должничките финансиските средства расположливи за продажба кога се истечени правата од договорот за добивање на паричните текови од финансиските средства или кога Банката ги има пренесено правата на паричните текови од средството со трансакција во која сите ризици и награди од сопственоста на финансиското средство се пренесени на друг.

1.7 Вложувања во сопственички инструменти расположливи за продажба

Банката има вложувања во сопственички хартии од вредност кои овозможуваат помалку од 20% од управувачката моќ на друштвото каде е вложено. Кај овие вложувања не постои значајно влијание, не може да се контролира или значајно да се влијае врз одлуките донесени од страна на раководството на претпријатието каде е вложено.

Банката, сопственичките хартии од вредност ги признава како средства расположливи за продажба во Билансот на состојба на датумот на тргување.

Сопственичките финансиски средства се класифицираат и мерат по објективна вредност (немаат договорни парични текови врз основа на главница и камата, односно не подлежат на условот на СППИ). Оваа одлука во Банката се носи за поединечен инструмент, само при почетното признавање на инструментот и потоа не е дозволена прекласификација.

Сопственичките инструменти со кои не тргува, Банката има одбрано да ги класифицира како финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка. Промените во објективната вредност (реализирани и нереализирани/пресметани) ги евидентира во Ревалоризациски резерви. При депризнавање на сопственичките

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.7 Вложувања во сопственички инструменти расположливи за продажба (продолжува)

инструменти, износите признаени во Ревалоризациските резерви се прекласификуваат во друга категорија на капитал односно во Задржана добивка/Акумулирани загуби, но никогаш не може да се признаат во Билансот на успех.

За вложувањата во сопственички инструменти на одредени специфични институции (како КИБС, ЦДХВ, SWIFT и сл.), за коишто нема активен пазар и чиешто поседување е утврдено со закон и/или е поврзано со можноста за користење на услугите коишто ги вршат овие институции, се смета дека нивната набавна вредност ја одразува нивната објективна вредност.

За вложувањата во сопственички инструменти исправка на вредност не се пресметува.

Добивките и загубите од девизните промени кај сопственичките инструменти класифицирани како расположливи за продажба се признаваат во Останата сеопфатна добивка. Дивидендите кои произлегуваат од сопственичките вложувања класифицирани како расположливи за продажба се признаваат во Билансот на успех, кога ќе се утврди правото на субјектот да се прими плаќањето.

1.8 Финансиски средства кои се чуваат до достасување

Во категоријата финансиски средства кои се чуваат до достасување се вклучени должничките финансиски средства коишто ги управува Банката со цел наплата на договорните парични текови и кои согласно договорните услови на средството го исполнуваат условот на СППИ.

Банката ги признава како финансиски средства во Билансот на состојба на датумот на тргување.

Почетното признавање на финансиските средства кои се чуваат до достасување се врши според нивната набавна вредност, којашто е објективната вредност на дадениот надоместок за истите во која се вклучени и трошоците на трансакцијата кои се директно поврзани со набавката на средството.

Вложувањата кои се чуваат до достасување, последователно се мерат според амортизираната набавна вредност со користење на методот на ефективна каматна стапка.

Добивките и загубите коишто произлегуваат кога средството е депризнаено или оштетено и преку процесот на амортизација, се признаваат во Билансот на успех.

1.9 Нематеријални средства

Почетно нематеријалните средства кои се стекнати од Банката, се искажани според набавната вредност, а последователно се мерат по набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и за акумулирани загуби поради оштетување, доколку има.

Последователните издатоци се капитализираат само кога е веројатно дека идните економски користи поврзани со средството ќе бидат прилив во Банката и истите можат веродостојно да се измерат. Сите други издатоци се признаваат во Билансот на успех во моментот на настанување.

Амортизацијата се признава во Билансот на успех со отпишување на набавната вредност на средствата во текот на нивниот корисен век на употреба. Нематеријалните средства се амортизираат од датумот кога се расположливи за употреба со примена на праволиниски метод.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.9 Нематеријални средства (продолжува)

Корисниот век на употреба е следниот:

	2020	2019
софтвер	4-10 години	4-10 години
патенти и лиценци	3-10 години	3-10 години
останато	5 години	5 години

Корисниот век на употреба и методот на амортизација се проверува еднаш годишно, на крајот на финансиската година.

1.10 Недвижности и опрема

Недвижностите се состојат од земјиште и градежни објекти. Сите недвижности и опрема се искажуваат според набавна вредност намалена за амортизација и за акумулирани загуби поради оштетување, доколку има.
Набавната вредност ги вклучува трошоците што се директно поврзани со стекнувањето на средството.
Последователните издатоци се вклучени во набавната вредност на средствата или се искажани како посебно средство, само кога е веројатно дека идните економски користи поврзани со средството ќе бидат прилив во Банката и истите можат веродостојно да се измерат. Сите други поправки и одржувања на недвижностите и опремата се признаваат во Билансот на успех во периодот кога тие настанале.

Амортизацијата на недвижностите и опремата се пресметува со примена на методот на праволиниска основа за да се распредели нивната набавна вредност до остатокот на вредноста во текот на нивниот корисен век на употреба. Недвижностите и опремата се амортизираат од датумот кога се расположливи за употреба.
Земјиштето и уметничките дела не се амортизираат.

Корисниот век на употреба на средствата е следниот:

	2020	2019
згради	40 години	40 години
мебел и опрема	4-10 години	4-10 години

На секој датум на Билансот на состојба, Банката ја разгледува преостаната вредност на средствата и корисниот век на употреба на средствата и се прилагодуваат, ако е потребно.

Средствата кои се предмет на амортизација се ревидираат за оштетување кога настаните и промените покажуваат дека сметководствената вредност не може да се надомести. Ако сметководствената вредност на средството е поголема од пресметаниот надоместлив износ, тогаш сметководствената вредност на средството се сведува до надоместливиот износ. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ од нето продажната цена на средството и неговата употребна вредност.

Добивките и загубите од отуѓување се утврдуваат како разлика помеѓу нето приливите од отуѓувањето и сметководствената вредност.

Во случај на пренамена на преземено средство врз основа на ненаплатени побарувања во основно средство коешто и служи на Банката во работењето, вредноста по која ќе се евидентира основното средство е пониската од последната важечка проценка извршена од страна на овластен проценител за преземеното средство коешто се пренаменува во основно средство и почетната сметководствена вредност на средството на датумот на преземање.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)

1.11 Наеми

Финансискиот наем е наем со кој се пренесуваат суштински сите ризици и користи својствени за сопственоста над дадено средство при што сопственоста може, но и немора да биде пренесена.

Почеток на времетраење на наемот е датумот од кој Банката има право да го користи средството кое е предмет на наемот односно датумот на првичното признавање на средствата, обврските и расходите од наемот, по пониската вредност од објективната вредност на изнајмениот износ или сегашната вредност на минималните плаќања за наемот.

Банката ги прикажува средствата добиени со финансиски наем во Билансот на состојба во позицијата Недвижности и опрема.

Последователно, средствата добиени со финансиски наем се мерат според почетната вредност, намалена за амортизација.

Банката ја прикажува обврската која произлегува од финансискиот наем во Билансот на состојба, во позицијата Останати обврски. Обврската се признава во моментот на започнување на финансискиот наем, во износ на сегашната вредност на минималните плаќања за наемот.

Минимални плаќања за наемот се плаќањата кои треба да ги прави Банката или кои може да бидат побарани да ги прави, исклучувајќи ги неизвесните наемнини, трошоците за услуги и даноци кои ги плаќа и му се надоместуваат на наемодавателот и се состојат од два елементи: надомест за обврската за финансиски наем и расход по камати, при што расходот за камата се распределува и се признава во Билансот на успех за периодот на времетраењето на наемот.
Оперативен наем е наем кој што не е финансиски наем, односно кога не се пренесуваат сите ризици и награди својствени за сопственоста.

Вкупните плаќања од оперативните наеми на Банката како наемател во периодот на времетраење на наемот се искажани во Билансот на успех како расходи за наеми според праволиниска основа во периодот на наемот. Вкупните примања од оперативните наеми на Банката како наемодавател во периодот на времетраење на наемот се искажани во Билансот на успех како приходи од наеми според праволиниска основа во периодот на наемот.

Доколку кај Банката како наемател/наемодавател постојат однапред платени/примени средства за идни периоди тогаш тие се искажуваат како активни/пасивни временски разграничувања и се евидентираат како трошоци/приходи во периодот за кој се однесуваат.

Кога оперативниот наем е прекинат пред да истече периодот на наем, секоја исплата која треба да му се исплати на наемодавачот како казна, се препознава како трошок во периодот во кој раскинувањето настанало.

1.12 Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања

Во категоријата преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања влегуваат земјиште, згради, опрема и други вредности кои се добиени во замена за наплата на ненаплатени побарувања.
Преземените средства се признаваат во моментот на стекнување на правна основа за запишување на сопственоста, односно кога се исполнети следниве критериуми: кредитот или друго побарување (билансно и вонбилансно) законски се смета дека е подмирено во моментот на преземањето на средството ставено како обезбедување за тој кредит или за друго побарување, со што критериумите за депризнавање на кредитот/побарувањето се исполнети; сите права и ризици кои произлегуваат од преземеното средство се пренесени на

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.12 Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања (продолжува)

Банката; преземеното средство ќе создаде идни економски користи кои ќе претставуваат прилив за Банката и може веродостојно да се измери неговата набавна вредност.

Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања првично се признаваат по почетна сметководствена вредност, односно по пониската вредност од: набавната вредност (сметководствената вредност) на кредитот или побарувањето пред исправката на вредност на денот на преземањето на средството, односно вредноста наведена во актот донесен од страна на надлежен орган од кој произлегува правната основа за стекнување на сопственост и проценетата (објективната) вредност намалена за очекуваните трошоци за продажба (нотарски трошоци, даноци и сл.) кои ќе паднат на терет на Банката.

На датумот на преземање, Банката е должна да обезбеди процена на пазарната вредност на преземеното средство којашто е важечка на датумот на преземање на средството и во Билансот на состојба да прикаже оштетување од најмалку 20% од почетната сметководствена вредност на преземеното средство. Доколку износот на затворената исправка на вредноста/посебна резерва е поголем од оштетувањето кое е искнижено на датумот на преземањето, Банката оваа разлика ја признава како реваловризациона резерва, која претставува дел од дополнителниот капитал на Банката.

Доколку соодветното побарување намирено со преземање на хартии од вредност и удели било претходно оштетено, исправката на вредност (загубата поради оштетување) треба да се ослободи низ Билансот на успех.

Делот од побарувањето којшто не е наплатен со преземање на средство, Банката може да го отпише.

Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања (со исклучок на преземените хартии од вредност и удели) последователно се мерат по пониската вредност од сметководствената вредност и проценетата вредност намалена за трошоците за продажба. Најмалку еднаш во период од дванаесет месеци, Банката е должна да обезбеди проценка на вредноста на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања и во Билансот на успех да прикаже загуба за оштетување на средствата еднаква најмалку на поголемиот износ од:

1) негативната разлика помеѓу проценетата вредност и нето вредноста на преземеното средство и
2) 20% од нето вредноста на преземеното средство.

Во периодот помеѓу две процени на пазарната вредност на преземеното средство, Банката ќе признае во Билансот на успех дополнителен износ на загуба за оштетување еднаков на негативната разлика помеѓу нето вредноста и износот на објавената намалена продажна цена на преземеното средство.

Преземените хартии од вредност и удели, последователно се мерат според пониската вредност од сметководствената вредност и објективната вредност, намалена за трошоците за продажба.

Најмалку еднаш во период од дванаесет месеци, Банката е должна да ја преоцени вредноста на преземените хартии од вредност и удели и доколку оваа вредност е помала од сметководствената вредност намалена за загубите за оштетување признаени во минатите периоди, Банката е должна да прикаже загуба за оштетување/исправка на вредноста во висина на разликата помеѓу двете вредности.

Банката при вреднувањето постапува согласно "Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања" и за оние средства кои нема да ги продаде во предвидените рокови согласно оваа одлука (во рок од 5 години), нето вредноста на средствата ја сведува на нула.

Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања и износот на оштетување се депризнаваат при продажба, кога трајно ќе се повлечат од употреба или во случај на пренамена во основни средства. Реализираниот вишок над сметководствената вредност при

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.12 Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања (продолжува)

продажбата се признава како приход во Билансот на успех во позицијата Останати приходи од дејноста, а реализираната помала вредност од сметководствената вредност при продажба се признава како расход во Билансот на успех во позицијата Останати расходи од дејноста.

При продажба Банката ќе ја депризнае и ревалоризациската резерва за преземеното средство, преку ослободување на Исправка на вредност на останатите нефинансиски средства во Билансот на успех. Банката може да ја депризнае ревалоризациската резерва и во случај кога средството не е продадено, преку исклучување на ревалоризациската резерва од дополнителниот капитал на Банката само за износот на добивката по одаточување по Одлука на Собранието на Банката за прераспоредување во резервите или во задржаната нераспределена добивка.

1.13 Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување

Банката ги класифицира во оваа категорија сите нетековни средства кои се чувани за да бидат отуѓени (со продажба или поинаку), односно кога нивната сметководствена вредност се надоместува преку продажба, а не преку континуирана употреба за сопствени или административни цели.
Средствата се признаваат како средства чувани за продажба и група за отуѓување и средства класифицирани како такви кои се чуваат за распределба на сопствениците во моментот кога ќе стане расположливо за моментална продажба, односно се очекува продажбата да се оствари во период од една година од датумот на класификацијата и кога неговата продажба мора да биде високо веројатна.

Нетековното средство класифицирано како чувано за продажба, односно класифицирано како такво кое се чува за распределба на сопствениците, првобитно се мери според пониската вредност од неговата сметководствена вредност и објективната вредност намалена за очекуваните трошоци за продажба, кои ќе паднат на товар на Банката.

Банката признава загуба поради оштетување во Билансот на успех за секое почетно или последователно намалување на вредноста на средството до објективната вредност намалена за трошоците за продажба.

1.14 Останати средства

Оваа група на средства ја сочинуваат: залихи на материјали и ситен инвентар, побарувања од купувачи, однапред платени трошоци, побарувања од вработените, побарувања за дадени аванси, средства за други намени, побарувања по работи во име и за сметка на други, побарувања по основ на провизии и надомести, побарувања од картично работење без лимит и други побарувања кои не се прикажани во некоја друга позиција од активата на Билансот на состојба.

Краткорочните побарувања без наведена каматна стапка вообичаено се мерат според првобитниот фактурен износ, освен доколку ефектот на импутирање на каматата би бил значаен.

Средства кои се стекнати без купување, треба да се признаат според нивната објективна вредност, освен доколку трансакцијата е без комерцијална основа или објективната вредност на средството (добиено или дадено) не може веродостојно да се измери. Во тој случај, средствата се признаваат според нивната набавна вредност.

Последователно, средството се мери според пониската вредност од неговата сметководствена вредност и нето-вредноста на реализацијата. Нето вредноста на реализацијата е еднаква на проценетата продажна цена намалена за проценетите трошоци за завршување, поправки и проценетите трошоци неопходни да се оствари продажбата.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.14 Останати средства (продолжува)

Ситниот инвентар се средства со век на употреба помал од 1 година и чиј поединечен трошок на набавка е помал од 300 евра. Тие се ставки со мали вредности и ставки кои не се поврзани со определена ставка на недвижностите, постројките и опремата.

Залихите на материјали и ситниот инвентар се вреднуваат по набавна вредност. Ситниот инвентар се отпишува целосно и еднократно при ставање во употреба, доколку не е наведено поинаку со Одлука.

Однапред платените трошоци за идни периоди се искажуваат како активни временски разграничувања, а се пресметуваат како трошоци на периодот за кој се однесуваат врз основа на соодветен сметководствен документ. Такви трошоци се: платени премии за осигурување, платени закупнини, претплати за списанија и службени гласила и слично.

Приходите кои се однесуваат на тековниот пресметковен период кои достасуваат за наплата во иден период, се искажуваат како активни временски разграничувања. Такви приходи се недостасани пресметани приходи, освен недостасани приходи од камата.

1.15 Резервирања

Резервирање се признава во Билансот на состојба кога Банката како резултат на минат настан има сегашна законска или изведена обврска која може веродостојно да се измери и е веројатно дека ќе има одлив од Банката за подмирување на обврската. Резервирањата се утврдуваат со дисконтирање на очекуваните идни парични текови користејќи дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и по потреба ризиците специфични за обврската.

Банката признава резервирања за судски постапки кога постои ризик од загуба заради настанување на трошоци во врска со исполнувањето на обврските коишто Банката по основ на (за неа) негативна судска одлука мора да ги исполни.

Резервирањата за судски постапки се користат за покривање на трошоците за судските постапки за коишто биле издвоени.

Резервирањата за судски постапки (правен ризик) се укинуваат по правосилно завршена судска постапка која се водела против Банката.

Доколку Банката има неповолен договор треба да прикаже резервирања за неповолен договор во износ на сегашната вредност на обврската по договорот. Неповолен договор е оној во кој неизбежните трошоци за исполнување на обврските од договорот ги надминуваат економските користи, коишто се очекуваат од него.

1.16 Резервирања за пензии и други користи за вработените

1.16.1 Планови за дефинирани придонеси

Банката плаќа придонеси во пензиските фондови во согласност со барањата на законската регулатива. Придонесите кои се утврдуваат врз основа на платите на вработените се уплатуваат во пензиските фондови, кои што се одговорни за исплата на пензиите. Банката нема дополнителна обврска за плаќање по основ на овие планови. Обврските за уплата на придонеси во плановите за дефинирани придонеси се признаваат како расход во Билансот на успех кога се пресметуваат.

1.16.2 Краткорочни користи за вработените

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие.
Банката признава обврска за износ кој што се очекува да биде исплатен како бонус или како удел во добивката и доколу Банката има сегашна правна или изведена обврска да врши

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.16 Резервирања за пензии и други користи за вработените (продолжува)
1.16.2 Краткорочни користи за вработените (продолжува)

такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

1.16.3 Други долгорочни користи за вработените

Нето обврската на Банката во однос на долгорочните користи, освен спрема пензиските планови е износот на идни користи кои вработените ги заработиле како возврат за нивната услуга во тековниот и минатиот период при што тие користи се дисконтираат за да се утврди нивната нето сегашна вредност со што дисконтираниот износ се прикажува како расход од камата. Други долгорочни користи за вработени вклучуваат трошоци за периодот за јубилејни награди и отпремнини при одење во пензија. Актуарските добивки или загуби кои настануваат како резултат на промена на актуарските претпоставки (демографски, финансиски и искуствени) за отпремнини, се признаваат како ревалоризациски резерви во Останата сеопфатната добивка, додека пак за јубилејните награди се признаваат како добивка или загуба во Билансот на успех, во периодот во кој настанале.

1.17 Тековни даночни средства /обврски

Тековни даночни средства/обврски се побарувањата или обврските за данок од добивка утврдени со даночниот биланс на Банката за тековниот финансиски период.
Согласно Законот за данок од добивка, Банката пресметува данок на добивка на бруто добивката утврдена како разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи утврдени согласно прописите за сметководство и сметководствените стандарди зголемена за непризнаените расходи и помалку искажани приходи за даночни цели и намалена за износот на извршените вложувања од добивката од претходната година и дивидендите остварени со учество во капитал на друг обврзник под услов да се оданочени. Пресметаниот данок на добивка се намалува за износот на донирани средства на спортски субјекти, но најмногу до 50% од пресметаниот данок.
Тековните даночни средства/обврски се признаваат кога платениот износ на даноци за тековниот и претходните периоди е поголем/помал од износот кој што се должи за периодот кога обврската не е подмирена.

1.18 Финансиски обврски

Финансиски обврски се обврски кои се:

- договорна обврска за предавање на парични средства или друго финансиско средство, или за размена на финансиски инструменти со друга страна или
- договор којшто може или ќе биде подмирен со сопственичките инструменти на Банката и е недериват за кој Банката е или може да биде, обврзана да достави променлив број сопственички инструменти или е дериват којшто ќе биде, или може да биде, подмирен на друг начин, освен со размена на фиксен износ на парични средства или друго финансиско средство за одреден број сопственички инструменти на Банката.

При почетното признавање, финансиските обврски Банката треба да ги класифицира во една од следните категории:

- финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност преку Билансот на успех или
- финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност.

Банката, финансиските обврски ги мери по амортизирана набавна вредност.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.18 Финансиски обврски (продолжува)

1.18.1 Депозити, обврски по кредити, субординирани обврски и издадени хартии од вредност

Депозитите, обврските по кредити, субординираните обврски и издадените хартии од вредност претставуваат главен извор за финансирање на активностите на Банката.

Банката ги класифицира капиталните инструменти како финансиски обврски или како инструменти на капиталот во согласност со суштината на договорните услови на инструментот.

Банката почетно ги признава депозитите, обврските по кредити, субординираните обврски и издадените хартии од вредност на датумот кога настанале.

Депозитите, обврските по кредити, субординираните обврски и издадените хартии од вредност почетно се мерат според нивната набавна вредност која е еднаква со нивната објективна вредност зголемена за трансакциските трошоци, а последователно се мерат по амортизирана набавна вредност користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

Амортизираната набавна вредност на финансиската обврска е износот според кој финансиската обврска е мерена при почетното признавање, намалена за отплатите на главницата, намалена или зголемена за акумулираната амортизација на секоја разлика помеѓу почетниот износ и износот во моментот на достасување.
Банката ја депризнава финансиската обврска (или дел од финансиската обврска) само доколку обврската згасне, односно кога обврската определена во договорот е подмирена, откажана или истечена.

1.19 Останати обврски

Во групата останати обврски спаѓаат: денарски и девизни обврски за провизии, обврски за бруто плати и други обврски кон вработените, обврски за дивиденди, обврски кон добавувачи, обврски по дадени инструменти за плаќање, обврски по работи во име и за сметка на други, примени аванси, пресметани недостасани обврски, одложени приходи и други обврски кои не се прикажани во некоја друга позиција од пасивата на Билансот на состојба.

Останатите обврски се евидентираат по номинална вредност врз основа на соодветен сметководствен документ (фактура, договор, пресметка) согласно прописите и одлуките на Банката.

Приливи на средства кои не се признаваат како приходи во тековниот период, се одложуваат за иден период, и се евидентираат како пасивни временски разграничувања. Кога приходите ќе се заработат тогаш пасивните временски разграничувања се затвараат, а се евидентираат приходи.

Трошоците за кои со сигурност може да се утврди дека се однесуваат за тековниот пресметковен период, а претставуваат обврска во иден период, се евидентираат на пасивни временски разграничувања.

1.20 Вонбилансна евиденција

Банката води вонбилансна евиденција за извршени трансакции кои во моментот не ги исполнуваат критериумите за признавање како средство или обврска, а кои можат да создадат идни приливи и одливи на средства и кои претставуваат извор на информации за работењето, за утврдувањето на ризикот од работењето и евентуалните идни обврски.
Оваа евиденција ги опфаќа следниве ставки: издадени непокриени платежни и чинидбени гаранции, отворени непокриени акредитиви, авали, акцепти, преземени неотповикливи обврски за кредити, неискористен дел на одобрени рамковни кредити, неискористени лимити на кредитни картички, неискористени пречекорувања по тековни сметки, и други облици на гаранција врз чија основа можат да настанат обврски за плаќање и побарувања од страна на

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.20 Вонбилансна евиденција (продолжува)

Банката како и друга книговодствена евиденција која за неа не претставува посебен ризик (евиденција на отпишани побарувања, покриени акредитиви, покриени гаранции и сл.).

Банката води вонбилансна евиденција и на потенцијалните средства и обврски за деривати чувани за управување со ризик односно договори зависни од промена на курсот.

Вонбилансната евиденција се евидентира на денот на случување на настанот.

1.20.1 Договори за финансиски гаранции

Договорите за финансиски гаранции се договори кои од издавачот бараат да изврши посебни плаќања со цел да му ја надомести на корисникот на гаранцијата загубата на која е изложен од причина што должникот не ја подмирил платежната обврска навреме. Ваквите финансиски гаранции се даваат на банки, финансиски институции и други институции, а во корист на комитенти со цел да се обезбеди кредит, дозволено пречекорување, гарантирање на увоз и други банкарски инструменти.

Финансиските гаранции почетно се признаваат според објективната вредност на датумот кога гаранцијата е издадена, што всушност се потврдува преку примените провизии. По почетното признавање, обврските на Банката се мерат според почетната вредност намалена за амортизација која се пресметува за да во Билансот на успех се признае приходот од провизија која се добива праволиниски за периодот на важност на гаранцијата.

1.21 Капитал

Капиталот на Банката го сочинуваат:

- основната главнина која е еднаква на номиналната вредност на сите акции (запишан и уплатен капитал);
- зголемување на капиталот по основ на остварена разлика помеѓу номиналната вредност на акциите и цената по која се продадени (премии на акции);
- зголемување на капиталот по основ на распоредена ревалоризациона резерва, (прокнижен распоред од ревалоризациона резерва од поранешни години) и
- задржана добивка / акумулирани загуби од претходни години.

Акционерскиот капитал на Банката се состои од обични акции. Обичните акции имаат номинална вредност од 1.000 денари по акција. Сите издадени акции се платени во целост.

1.22 Резерви

Резервите на Банката се состојат од законска и статутарна резерва, ревалоризациска резерва и останати резерви.

Законската и статутарна резерва на Банката се искажува по номинална вредност со издвојување од нето добивката и тоа посебно за законските резерви, посебно за статутарните резерви и за останати резерви.

Резервниот фонд на Банката се формира при распределба на нето добивката во висина на утврдениот процент (5%) согласно Статутот на Банката и Законот за трговски друштва.

Банката има обврска да издвојува во резервниот фонд дел од добивката се додека фондот не достигне износ од една десетина од основната главнина. Се додека не го достигне тој износ, резервниот фонд може да се користи исклучиво за покривање на загуби.

Во ревалоризациската резерва се евидентираат добивките и загубите од промените во објективната вредност на средствата расположливи за продажба, која резултира во зголемување или намалување на главнината (освен добивките и загубите од курсните разлики за должничките хартии од вредност, кои се признаваат во Билансот на успех).

Кога намалувањето на вредноста на финансиското средство расположливо за продажба се признава директно во ревалоризациската резерва и кога постои објективен доказ дека

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.22 Резерви (продолжува)

средството е оштетено, кумулативната загуба треба да се отстрани од капиталот и да се признае во Билансот на успех.

При депризнавање на должничките финансиски средства расположливи за продажба (продажба, наплата и други начини на отуѓување на средства), кумулативните добивки/загуби од промените во објективната вредност се депризнаваат од ревалоризациските резерви и се прикажуваат во Билансот на успех.

При депризнавање на сопственички финансиски средства расположливи за продажба, кумулативните добивки/загуби од промените во објективната вредност се депризнаваат од ревалоризациските резерви и се прикажуваат во Задржана добивка/(Акумулирани загуби).

Ревалоризациска резерва се евидентира и во случај на преземање на средства врз основа на ненаплатени побарувања, односно при затварање на износот на исправката на вредност/посебна резерва којшто Банката ги искнижила од Билансот на состојба како резултат на затварањето на ненаплатеното побарување, при што разликата од затворената исправка на вредност/посебна резерва и најмалку 20% од почетната сметководствена вредност на средствата се евидентира како ревалоризациска резерва.

Депризнавањето на ревалоризациската резерва се врши при продажба на преземеното средство, кога трајно ќе се повлече од употреба, при пренамена на преземеното средство во основни средства или исклучување на ревалоризациската резерва од дополнителниот капитал на Банката само за износот на добивката по одаточување по Одлука на Собранието на Банката за прераспоредување во резервите или во задржаната нераспоредена добивка.

Банката признава ревалоризациски резерви и при мерење на сегашната вредност на обврските за дефинирани користи во согласност со МСС 19.

Во ревалоризациски резерви се прикажуваат промените во актуарските претпоставки за отпремнини како разлика од претходната актуарска пресметка и новата актуарска пресметка која го вклучува ефектот на настаните кои навистина се случиле во периодот. Вакви искуствени промени кои се евидентираат во ревалоризациони резерви се: промени во финансиските претпоставки (дисконтна стапка, очекувана стапка на поврат, нивоа на идни плати и користи), промена во демографски показатели, промена во искуствени претпоставки и друго.

1.23 Добивка или загуба

Добивката или загубата во тековната година се утврдува согласно законските прописи. Остварената нето добивка од тековната година се пренесува и распоредува наредната година согласно одлуката на Собранието на акционерите на Банката.
Дел од задржаната добивка на Банката претставува реинвестирана добивка која подразбира добивка остварена со годишната сметка од претходната година, која по пат на распределба е издвоена за инвестиции и во наредната година е вложена во материјални и нематеријални средства. Добивката која се издвојува за инвестиции во материјални и нематеријални средства со Одлука на Собранието на акционери е ограничена за распределба во форма на дивиденди на акционерите на Банката.
Исто така, при депризнавање на сопственичките хартии од вредност износите прикажани како ревалоризациски резерви се пренесуваат во Задржана добивка/(Акумулирани загуби).

1.24 Заработка по акција

Банката ја прикажува заработката по акција во основната структура на Билансот на успех, ако обичните акции се предмет на јавно тргување на пазарот или ако е во процес на издавање на обични акции на јавните пазари.

Банката прикажува основна и разводнета заработка по акција. Основната заработка по акција претставува дел од добивката или загубата кој им припаѓа на акционерите –

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.24 Заработка по акција (продолжува)

сопственици на обични акции за ефектите на сите обични акции во оптек во текот на периодот.

Основната заработка по акција се пресметува кога нето добивката или загубата која им припаѓа на имателите на обични акции се дели со пондерираниот просечен број на обични акции во оптек во текот на периодот. Пондерираниот просечен број на акции во оптек во текот на периодот, се добива кога бројот на акции во оптек на почетокот на периодот се корегира за бројот на акции кои се издадени или откупени во тек на периодот, помножени со временскиот пондер (бројот на денови во текот на кој конкретните акции се во оптек – во однос на вкупниот број на денови во годината).

Разводнетата заработка по акција во Банката е идентична со основната заработка по акција, поради непостоење на издадени потенцијални обични акции за чиј ефект се врши корекција на нето добивката која им припаѓа на имателите на обични акции.

1.25 Приходи и расходи од камата

Приходите и расходите по основ на камата за сите каматоносни финансиски инструменти, освен за оние што се класифицирани за тргување, се признати како „Приходи од камата“ и „Расходи од камата“ во Билансот на успех, користејќи го методот на ефективна каматна стапка. Методот на ефективна каматна стапка е метод на мерење на финансиските средства и обврски според амортизирана набавна вредност и алокација на приходите и расходите од камата во периодот на очекуваното достасување на финансиските инструменти.

Во „Приходи/расходи од камата“ се вклучени и расходите од камата утврдени со актуарска пресметка поради промена на сегашната вредност на користите за вработени заради приближување до датумот за исплата, исправката на вредноста и ослободувањето на исправката на вредноста на сомнителните и спорни побарувања по основ на камати, како и нивната наплата.

1.26 Приходи од провизии и надомести

Приходите од провизии и надомести воглавно се состојат од финансиски услуги што ги извршува Банката вклучувајќи издавање на гаранции, отварање на акредитиви, платен промет во земјата и странство, провизии од трансакции со трговци, порамнување со картички, провизии од комисиони и доверителски активности, брокерски провизии кои претставуваат провизии од тргување со хартии од вредност, провизии за управување со средства, провизии по кредитирање, провизии од посредување при осигурување, провизии од транспорт на готовина, како и провизии по други услуги. Провизиите и надоместите генерално се признаваат на пресметковна основа, кога услугата ќе се изврши.

1.27 Приходи од дивиденди

Приходите од дивиденди се признаваат во Билансот на успех кога ќе биде утврдено правото на Банката да ја прими уплатата и кога приливот на економски користи е веројатен.

1.28 Нето приходи од тргување

Нето приходи од тргување претставуваат реализирани и нереализирани промени во објективната вредност при последователно мерење, добивка или загуба при отуѓување, дивиденди, приходи и расходи од камати на средствата и обврските за тргување, како и промените во објективната вредност на дериватите за тргување.
Нето приходите од тргување се мерат според промената на објективната вредност на финансиските средства и обврски за тргување која претставува разлика помеѓу сметководствената вредност и објективната вредност, на датумот на Билансот на состојба.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)

1.29 Нето приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност

Нето приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност, претставуваат реализирани и нереализирани промени во објективната вредност при последователно мерење, реализирана добивка или загуба при оттуѓување и дивиденди на:

- дериватни средства чувани за управување со ризик;
- дериватни обврски чувани за управување со ризик;
- финансиски средства определени по објективна вредност преку Билансот на успех при почетното признавање и
- финансиски обврски определени по објективна вредност преку Билансот на успех при почетното признавање.

Промената на објективната вредност претставува разлика помеѓу сметководствената вредност (набавната вредност на средството или обврската стекнати во периодот на известување или нивната последна објективна вредност) и објективната вредност на датумот на Билансот на состојба, или продажната цена на датумот на продажба.

Приходите/расходите од камати на финансиските средства/обврски определени по објективна вредност преку Билансот на успех при почетното признавање и дериватите чувани за управување со ризик, се признаваат во Приходи/расходи од камати.

1.30 Нето приходи и расходи од курсни разлики

Нето приходите и расходите од курсни разлики вклучуваат реализирани и нереализирани курсни разлики кои произлегуваат од:

- порамнување на трансакции во странска валута на монетарни и немонетарни ставки во текот на целата финансиска година и
- курсирање на монетарни ставки деноминирани во странска валута на датумот на Билансот на состојба.

1.31 Останати приходи од дејноста

Во оваа група на приходи спаѓаат:

- нето приход од вложувања во подружници и придружени друштва;
- добивка од продажба на должнички финансиски средства расположливи за продажба;
- приход од дивиденди од сопственички финансиски средства расположливи за продажба;
- добивка од отуѓување на недвижности и опрема и на нематеријални средства која претставува разлика помеѓу приливите од продажбата и нивната нето сметководствена вредност на денот на отуѓувањето;
- добивка од продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања;
- приходи од наплатени претходно отпишани кредити и побарувања;
- приходи од наеми од оперативен лизинг;
- нето ослободувања на резервирањата по поединечен вид на резервирање (за потенцијалните обврски на судски спорови и други резервирања) и
- други приходи.

Приходот се признава и се мери согласно соодветниот стандард за одредено средство, според чија основа е остварен.

1.32 Загуби поради оштетување/Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност

Банката на редовна основа ја проценува и ја признава исправката на вредноста и посебната резерва за очекуваните кредитни загуби на финансиските средства кои се мерат по

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.32 Загуби поради оштетување/Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност (продолжува)

амортизирана набавна вредност и на финансиските средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, како и на вонбилансната изложеност на кредитен ризик.
Загубата поради оштетување претставува разлика помеѓу сметководствената вредност на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со првобитната ефективна каматна стапка на финансиските средства:

- кредити на и побарувања од банки и од други комитенти;
- финансиски средства кои се чуваат до достасување;
- финансиски средства расположливи за продажба и
- вонбилансни изложености.

Кога причините за исправката на вредноста (загубата поради оштетување) ќе исчезнат, треба да се анулира претходно признаената исправка на вредност/посебна резерва преку Билансот на успех во позиција „Исправка на вредноста (загуби поради оштетување) на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансна кредитна изложеност, на нето основа“. Последователни ослободувања на исправката на вредност се признава само за финансиски средства што се евидентирани по амортизирана набавна вредност и за должничките инструменти расположливи за продажба.

Банката исправката на вредност (загуби поради оштетување) и посебна резерва ја мери и признава на поединечна основа.

1.33 Загуби поради оштетување на нефинансиски средства

Загуба поради оштетување на нефинансиски средства претставува разлика помеѓу сметководствената вредност и надоместливиот износ на:

- недвижности и опрема;
- нематеријални средства;
- преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања;
- нетековни средства кои се чуваат за продажба и група на отуѓување и
- останати нефинансиски средства.

Банката проценува, на секој датум на Билансот на состојба, дали постои некој објективен доказ дека нефинансиското средство или група на нефинансиски средства се оштетени.

Загуба поради оштетување се признава во моментот кога постои доказ дека сметководствената вредност е поголема од проценетиот надоместлив износ на нефинансиските средства и се признава во Билансот на успех како загуба поради оштетување на нефинансиските средства.

Кога причините за загубата поради оштетување ќе исчезнат, треба да се анулира претходно признаената загуба преку Билансот на успех на позиција Загуби поради оштетување на нефинансиските средства, на нето основа, но најмногу до износот на претходно признаените загуби поради оштетување.

Последователни ослободувања на загубата поради оштетување не се признава за преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања. Ослободување на загуба поради оштетување се признава само при продажба на преземени средства или нивна пренамена во основни средства во функција на работењето на Банката како ослободување на исправка на вредноста на останати нефинансиски средства.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)

1.34 Трошоци за вработени

Трошоците за вработени се состојат од:

- краткорочни користи за вработените (плати, задолжителни придонеси за социјално и здравствено осигурување, персонален данок, краткорочни платени отсуства, бонуси и др.);
- долгорочни користи за вработените (јубилејни награди, користи при пензионирање и др.) и
- користи по престанокот на вработувањето (придонеси кон планови за дефинирани придонеси - уплати на придонеси во посебен фонд).

Краткорочните користи се признаваат во моментот на настанување кога соодветната услуга ќе се добие. Краткорочните користи се мерат по недисконтиран износ кој се очекува да биде платен врз основа на работен однос и се признаваат во Билансот на успех како расход.

Долгорочните користи се мерат според сегашната вредност на обврската за дефинираните користи на датумот на Билансот на состојба, намален за објективната вредност на средствата на планот на датумот на Билансот на состојба од кои обврските треба да се подмират директно. Секоја актуарска добивка или загуба се признава во Билансот на успех во периодот во кој настанала со исклучок на ефектите од разликите помеѓу претходните актуарски претпоставки и она што реално настанало и ефектите од промена во демографските и финансиските претпоставки, дисконтниот фактор и сл. во делот на отпремнините, кои се прикажуваат во останатата сеопфатна добивка.

1.35 Амортизација на нематеријални средства

Амортизацијата на нематеријалните средства се распределува врз систематска основа за време на најдобрата проценка на корисниот век на употреба на средството. Банката проценува дали корисниот век на употреба на нематеријалното средство е конечен или бесконечен и доколку е конечен, должината на употреба го претставува неговиот корисен век на употреба.

Пресметката на амортизација започнува кога средството станува расположиво за употреба и престанува кога средството е класифицирано како чувано за продажба или се депризнава. Амортизацијата продолжува да се пресметува за нематеријалните средства кои се ставени надвор од употреба. Банката ги амортизира сите нематеријални средства пооделно, групирајќи ги во амортизациски групи оние средства кои имаат ист корисен век на употреба и ист метод на амортизација.

Стапките на амортизација се одредени така да вредноста на нематеријалните средства се распоредува во трошоци во проценетиот период на нивната корисност.

Амортизацијата се пресметува според праволиниски метод и трошокот за амортизацијата за секој период се признава како расход во Билансот на успех во позицијата Амортизација.

Периодот за пресметка на амортизација (остатокот на вредноста и корисниот век на употреба на средството) и методот за амортизација се проверува на крајот од секоја финансиска година и доколку се утврди промена истата треба да се евидентира како промена на сметководствена проценка, перспективно во тековниот и во идните периоди.

1.36 Амортизација на материјални средства

Амортизацијата на материјалните средства се распределува врз систематска основа за време на најдобрата проценка на корисниот век на употреба. Пресметката на амортизација започнува кога средството станува расположиво за употреба и престанува кога средството е класифицирано како чувано за продажба или се депризнава. Амортизацијата продолжува да се пресметува за материјалните средства кои се ставени надвор од употреба. Банката ги амортизира сите материјални средства пооделно, групирајќи ги во амортизациски групи оние средства кои имаат ист корисен век на употреба и ист метод на амортизација.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.36 Амортизација на материјални средства (продолжува)

Земјиштето има неограничен век на употреба и не се амортизира. Уметничките дела не се амортизираат.

Стапките на амортизација се одредени така што вредноста на материјалните средства се распоредува како трошок во проценетиот период на нивната корисност.

Амортизацијата се пресметува според праволиниски метод и трошокот за амортизацијата за секој период се признава како расход во Билансот на успех во позицијата Амортизација.

Периодот за пресметка на амортизација (остатокот на вредноста и корисниот век на употреба) и методот на амортизација се проверува на крајот од секоја финансиска година и доколку се утврди промена истата треба да се евидентира како промена на сметководствена проценка, перспективно во тековниот и во идните периоди.

1.37 Останати расходи од дејноста

Во групата на останати расходи од дејноста спаѓаат: административни трошоци, трошоци за осигурување на депозити, осигурување на имот и вработени, материјали и услуги, трошоци за кирии, загуба од продажба на должнички финансиски средства расположливи за продажба, загуба од отуѓувањето на недвижности и опрема, загуба од отуѓување на нематеријални средства, загуби од продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања, расходи за резервирања на нето основа и останати трошоци кои не можат да се категоризираат во специфична позиција.

Останатите расходи од дејноста се признаваат и се мерат согласно соодветниот стандард за одредено средство/обврска, врз чија основа е реализиран расходот.

Останати расходи од дејноста се признаваат и евидентираат врз основа на стварно настанати трошоци искажани по веродостојни сметководствени документи (фактури, договори, пресметки). Исто така на оваа позиција се прикажуваат и предвидени трошоци врз основа на пресметки и предвидувања за трошоци кои се настанати во извештајниот период, а за кои не се пристигнати релевантни документи за евиденција.

1.38 Нетирање на финансиски средства и обврски

Финансиските средства и обврски се нетираат и нето износот се прикажува во Билансот на состојба само кога Банката има законско право да ги нетира признаените износи и има намера да се порамни трансакцијата на нето основа или да се реализира средството и истовремено да се подмири обврската.

1.39 Настани по датумот на Билансот на состојба

Оние настани по датумот на Билансот на состојба кои даваат дополнителни информации за финансиската состојба на Банката на датумот на билансирањето (корективни настани) се рефлектирани во финансиските извештаи. Оние последователни настани кои немаат карактер на корективни настани се објавуваат во соодветна белешка доколку истите се материјално значајни.

г) Употреба на оценки и проценки

1.40 Опис на варијабилноста/несигурноста на сметководствените оценки

Финансиските извештаи и финансискиот резултат на Банката зависи од сметководствените политики, претпоставки, оценки и расудување на раководството кои се применуваат при изготвувањето на финансиските извештаи. Банката прави проценки и претпоставки кои влијаат на известувањата за износите во активата и пасивата и во текот на следната финансиска година. Проценките и расудувањата постојано се оценуваат на континуирана

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)
1.40 Опис на варијабилноста/несигурноста на сметководствените оценки (продолжува)

основа и се базираат на претходно искуство и други фактори, вклучувајќи очекувани настани кои се сметаат за веројатни во дадените услови.

1.41 Опис на значајните проценки при примената на сметководствените политики

1.41.1 Загуби поради оштетување на кредити и побарувања

Банката го разгледува портфолиото на кредити и побарувања за да го процени оштетувањето на месечна основа. При одредувањето дали една загуба од оштетување треба да се искаже во Билансот на успех, Банката расудува во однос на тоа дали постојат забележливи податоци кои навестуваат дека има мерливо намалување на проценетиот иден паричен тек од некое портфолио на кредити пред намалувањето да може да биде идентификувано со поединечен кредит во тоа портфолио. Овој доказ може да вклучува забележливи податоци кои навестуваат дека постои неповолна промена во наплатата на побарувањата на Банката, или во државните или локалните економски услови кои се однесуваат на неизвршувањата на обврските за активата во Банката.

Раководството користи проценки кои се базираат на искуство, на историски евидентираните загуби на активата изложена на кредитниот ризик и на објективни докази на оштетувања слични на оние во портфолиото кога се проектира идниот готовински тек. Методологијата и претпоставките кои се употребуваат за проценка на износот и времето на идните готовински текови се разгледуваат за ревидирање на редовна основа со цел да се намали било какво несовпаѓање промеѓу проценетите загуби и стварно настанатите загуби.

1.41.2 Исправка на вредноста на преземени средства

Процесот на пресметка на исправката на вредност (загубата поради оштетување) бара да се направат важни и комплексни претпоставки во однос на планираниот продажен период на преземените средства, нивните проценети нето продажни вредности и соодветната стапка на попуст, со цел да се намали сметководствената вредност до ниво на нето сегашната вредност на очекуваниот паричен тек од продажбата на преземените средства.

Раководството на Банката очекува дека преземените средства ќе бидат продадени во разумна временска рамка, без загуби. Во спротивно, ќе бидат направени прилагодувања доколку пазарната активност посочи дека таквите прилагодувања се соодветни.

1.41.3 Актуарска пресметка

Сегашната вредност на долгорочните користи за пензиски планови зависи од повеќе фактори кои се определуваат на основа на актуарска пресметка со користење на претпоставки.

Главни актуарски претпоставки вклучени во пресметката на користите за вработени се следните:

- дисконтен фактор од 3% (2019: 2,7%);
- број на вработени подобни за искористување на правото на бенефиции и
- идните зголемувања на платите земајќи го во предвид општиот индекс на инфлација на платите, унапредувањата како и зголемувањата на платите врз основа на минат труд.

Банката користи услуги од независен квалификуван актуар при вреднувањето на сегашната вредност на долгорочните користи за пензиски планови.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)

д) Промена на сметководствените политики, сметководствените оценки и корекција на грешки

Грешки се пропусти и грешки од претходен период како резултат на злоупотреба или пропуст во користењето на информациите како што се математички грешки, превиди или погрешни толкувања на факти и измами и се корегираат ретроактивно во финансиските извештаи.

Промена на сметководствени оценки е корекција на сметководствената вредност на средството или обврската како резултат на проценка на тековниот статус на средството или обврската или на очекуваните идни користи и обврски од средството или обврската. Ова е резултат на нови информации или нови ситуации и согласно со тоа не е корекција на грешка. Ефектите од промена на сметководствената оценка треба перспективно да се признаваат во Билансот на успех. Секоја промена на корисниот век на употреба, остатокот на вредноста или на методот на амортизација на ставка на недвижности и опрема или на нематеријални средства се смета за промена на сметководствената оценка.
Промена на сметководствените политики се промени кои се барани согласно Методологијата на НБРСМ или ако промената доведе до веродостојно и пореално прикажување на настани или трансакции во финансиските извештаи.

ѓ) Усогласеност со законска регулатива

Банката во 2020 година, своето работење го темелеше на почитување на постојната регулатива, со редовна контрола на усогласеноста со прописите и континуирано усогласување на работењето на Банката со новите законски и подзаконски прописи.

Службата за усогласување со прописите и информативна сигурност врши идентификација и следење на ризиците од неусогласеноста на работењето на Банката со прописите, го известува Надзорниот и Управниот одбор за утврдени неусогласености како и за преземени мерки за нивно надминување, врши оценка на усогласеноста на новите производи и системи во Банката, врши обука за сите вработени и го оценува потенцијалното влијание од промените во прописите врз работењето на Банката.

Во таа насока, во 2020 година Службата вршеше усогласување на работењето на Банката со новите законски, подзаконски прописи и уредби со законска сила донесени од страна на Владата во услови на вонредна состојба во државата, односно изготвуваше анализи на новите или измени на постоечките законски прописи кои се од значење за работењето на Банката и анализа на Одлуките донесени од страна на НБРСМ. Соодветно на изготвените анализи од измените, беа давани насоки и препораки за усогласување на Банката во пооделни сегменти и истото беше соодветно контролирано и координирано.

Согласно одлуките донесени од страна на НБРСМ, Службата за усогласување со прописите и информативна сигурност, изготвуваше и учествуваше во ревидирањето на соодветните интерни акти кои како задолжителна обврска се утврдени со подзаконската регулатива на НБРСМ, кои по усвојувањето од страна на Управниот, односно Надзорниот одбор на Банката, се применуваат од сите вработени во Банката. Преку работата на Службата и нејзините активности, Банката придонесува кон подобрување на комуникацијата помеѓу секторите и зголемувањето на свесноста на вработените во Банката за почитување на работната етика, интегритетот и следење и имплементирање на новините во правната регулатива во секојдневното професионално делување.

Банката има воспоставено внатрешни контролни системи и механизми за идентификување, следење и управување со ризиците, одржува адекватно ниво на ликвидност, има воспоставено систем на корпоративно управување, што овозможува навремено идентификување, следење и контрола на ризиците на кои е изложена.

На 31.12.2020 година, Банката е во согласност со лимитите на изложеност, солвентноста и адекватноста на капиталот и сопствените средства, вложувањата на Банката, ликвидноста на Банката и отворената девизна позиција определени со законските и подзаконските акти пропишани од НБРСМ, односно Банката е усогласена од материјален аспект, со регулативата, пропишана од страна на НБРСМ.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)

е) Обелоденување за управување со ризици

Квантитативните информации за секој ризик одделно се дадени во белешките 2.1, 2.2, 2.3.1, 2.3.2, 2.3.3 и 3. Квалитативните информации за поодделни видови на ризици следат во продолжение (Точка 2).

2. Обелоденувања за управување со ризиците

Активностите на Банката се изложени на разни финансиски ризици и тие активности вклучуваат анализа, проценка, прифаќање и управување со одреден степен на ризик или комбинација на ризици. Преземањето на ризикот е основа на финансискиот бизнис и оперативните ризици се неизбежна последица на работењето. Затоа, целта на Банката е да постигне одреден баланс помеѓу ризикот и повратот на средствата и да ги минимизира потенцијалните негативни ефекти од финансиското работење на Банката.

Политиките за управување со ризици на Банката се проектирани за да ги идентификуваат и анализираат ризиците, да определат одредени лимити и контроли, да вршат мониторинг на ризиците и да ги почитуваат лимитите преку веродостојни и современи информациски системи. Банката редовно ја ревидира политиката и системите на управување со ризици, во согласност со промените на пазарот, производите и појавата на најдобри решенија.

Управувањето со ризици се спроведува од страна на Секторот за управување со ризици во Банката, применувајќи ги политиките кои се одобрени од страна на Надзорниот Одбор. Надзорниот одбор обезбедува, во пишана форма, принципи за севкупните управувања со ризиците и политики кои ги покриваат специфичните области како што се кредитниот ризик, валутниот ризик, ризикот од каматни стапки и ризикот на ликвидност. Понатаму, Секторот за внатрешна ревизија е одговорен за независно надгледување на управувањето со ризици и начинот на контрола.

Најважните видови на ризик на кои Банката е изложена се кредитен ризик, ризик на ликвидност, пазарен ризик и други оперативни ризици. Пазарниот ризик ги опфаќа валутниот ризик, ризик од каматни стапки и други пазарни ризици.

2.1 Кредитен ризик

Банката е изложена на кредитен ризик, кога клиентот ќе предизвика финансиска загуба од неисполнување на својата обврска кон Банката. Кредитниот ризик е најзначајниот ризик во работењето на Банката, и затоа раководството внимателно ја разгледува изложеноста на кредитниот ризик. Изложеноста на кредитниот ризик примарно настанува кај кредитните активности, односно кредитите и побарувањата, и инвестиционите активности во должничките инструменти и други хартии од вредност во активата на Банката. Кредитен ризик постои и кај вонбилансните финансиски инструменти. Управувањето и контролата на кредитниот ризик е централизирано во Службата за управување со кредитни ризици во рамките на Секторот за управување со ризици, кој е одговорен пред Управниот Одбор.

2.1.1 Мерење на кредитен ризик

Банката во 2020 година изврши класификација и утврди исправка на вредност и посебна резерва на поединечна основа за сите кредитни изложености.

2.1.1.1 Кредити и побарувања

Мерењето на кредитниот ризик поврзан со кредити и побарувања дадени на клиенти и банки, се спроведува преку:

- класификација на кредитната изложеност врз основа на:
  - кредитната способност на клиентот / финансискиот проект и
  - уредноста во намирување на обврските;
- утврдување на исправка на вредност и посебна резерва.

2. Обелоденувања за управување со ризиците (продолжува)
2.1 Кредитен ризик (продолжува)
2.1.1 Мерење на кредитен ризик (продолжува)

Измените во овој дел кои се применуваат од 01.07.2019 година се однесуваат на идентификување на изложеностите кои преставуваат проектно финансирање, и класификација на овие кредитни изложености.

Системот за класификација е развиен интерно и ја комбинира финансиската анализа со оценките на кредитниот референт и потврдување каде што е возможно со споредување на дополнителни екстерни податоци. Клиентите на Банката се класификуваат во пет ризични категории. Методологијата за класификација на кредитната изложеност редовно се ревидира и надградува, доколку е тоа потребно.

Систем за класификација на Банката

Категории на Банката
А
Б
В
Г
Д

Измените во условите за класификација на кредитната изложеност во соодветна категорија на ризик, согласно новата Одлука за методологијата за управување со кредитен ризик се однесуваат пред се на: 1) дозволени исклучоци за доцнење најмногу два пати во последните шест месеци, 2) критериуми за класификација на реструктурираните побарувања согласно фазата во која се наоѓаат, како и 3) дефинирање на нови услови за целосно резервирање на побарувањата (побарувањата кои имаат признат колатерал, а доцнат над 3 години треба да бидат целосно резервирани, како и побарувањата кои доцнат над 2 години, а немаат признат колатерал).

Критериумот за класификација на финансиските средства или преземените обврски во ризичните категории А, Б, В, Г и Д е како што следи:

Во категорија на ризик „А” се класифицира:

- побарувања од Европската Централна Банка, како и од централните влади и централните банки на земјите чиишто побарувања согласно со методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот имаат пондер на ризичност од 0%;
- делот од кредитната изложеност којшто е обезбеден со првокласни инструменти за обезбедување, доколку инструментот се активира во рок од 60 дена од рокот на достасувањето на таа изложеност;
- финансиската состојба и паричните текови на клиентот овозможуваат негово непречено работење и можност за намирување на тековните и идните обврски кон Банката;
- кредитната изложеност чиишто обврски се извршуваат со задоцнување до 31 ден, или со исклучок до 60 дена, доколку доцнењето е најмногу двапати во интервалот од 32 до 60 дена во претходниот период од шест месеци;
- кредитната изложеност којашто се наоѓа во последната година од пробниот период.

Во категорија на ризик „Б” се класифицира:

- кредитната изложеност кон клиент/проект за кој заради финансиски слабости се очекуваат потешкотии во намирувањето на неговите обврски;

2. Обелоденувања за управување со ризиците (продолжува)
2.1 Кредитен ризик (продолжува)
2.1.1 Мерење на кредитен ризик (продолжува)

- кредитната изложеност чиишто обврски се извршуваат со задоцнување до 60 дена, или со исклучок до 90 дена, доколку доцнењето е најмногу двапати во интервалот од 61 до 90 дена во претходниот период од шест месеци;
- кредитната изложеност којашто има третман на реструктурирана кредитна изложеност;
- кредитната изложеност којашто најмалку една година нема третман на реструктурирана нефункционална кредитна изложеност.

Во категорија на ризик „В" се класифицира:

- кредитната изложеност кон клиент/проект чиишто парични приливи се несоодветни за редовно намирување на обврските;
- кредитната изложеност кон клиент/проект со несоодветна рочна структура на изворите на финансирање и неговите приливи;
- кредитната изложеност кон клиент/проект чијашто задолженост е висока во споредба со капиталот и/или, клиент кој има значителен долг кон доверителите;
- кредитната изложеност кон клиент/проект за кој Банката не располага со потребните и ажурирани информации за оцена на кредитната способност на клиентот, односно квалитетот на проектот;
- кредитната изложеност којашто има третман на реструктурирана кредитна изложеност и исполнет е најмалку уште еден критериум од оваа категорија на ризик;
- кредитната изложеност чиишто обврски се извршуваат со задоцнување до 120 дена, или со исклучок до 180 дена, доколку доцнењето е најмногу двапати во интервалот од 121 до 180 дена во претходниот период од шест месеци;
- кредитната изложеност кон клиентот нефинансиско лице кое има побарувања врз основа на финансиски кредит од лице со кредитен рејтинг еднаков или понизок од ЦЦЦ+ (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс" или „Фич") или Цаа1 (согласно со рејтингот на „Мудис");
- кредитната изложеност кон клиентот нефинансиско лице кое има побарувања врз основа на финансиски кредит од лице со кредитен рејтинг повисок од рејтингот од алинејата 7 од оваа категорија, но со седиште во земја чијшто кредитен рејтинг е еднаков или понизок од ЦЦЦ+ (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс" или „Фич") или Цаа1 (согласно со рејтингот на „Мудис");
- кредитната изложеност кон клиентот нефинансиско лице кое има побарувања врз основа на финансиски кредит од лице за кое не е утврден кредитен рејтинг, но е со седиште во земја чијшто кредитен рејтинг е еднаков или понизок од Б- (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс" или „Фич") или Б3 (согласно со рејтингот на „Мудис") или е со седиште во земја за која не е утврден кредитен рејтинг.

Банката може да не ја класифицира кредитната изложеност кон клиентот од алинеи 6 и 7 во категоријата на ризик „В", доколку:

- изложеноста е врз основа на царинска гаранција или гаранција за учество на тендер;
- финансискиот кредит е помал од 31.000.000 денари (доколку финансискиот кредит е даден во странска валута, се зема предвид денарската противвредност на дадениот кредит) или
- финансискиот кредит е еднаков или поголем на/од 31.000.000 денари, а изложеноста на Банката е поголема од износот на финансискиот кредит и Банката извршила исправка на вредноста, односно издвоила посебна резерва, најмалку во износот над 20% од износот на финансискиот кредит, при што кредитната изложеност или клиентот ги исполнува условите за класификација во друга категорија на ризик.

Во категорија на ризик „Г" се класифицира:

- кредитната изложеност кон клиент којшто е неликвиден;

2. Обелоденувања за управување со ризиците (продолжува)
2.1 Кредитен ризик (продолжува)
2.1.1 Мерење на кредитен ризик (продолжува)

- реструктурирана нефункционална кредитна изложеност за која клиентот доцни повеќе од 60 дена или за која е одобрено ново реструктурирање;
- кредитната изложеност чиишто обврски се извршуваат со задоцнување до 240 дена, или со исклучок до 300 дена, доколку доцнењето е најмногу двапати во интервалот од 241 до 300 дена во претходниот период од шест месеци;
- кредитната изложеност кон клиент (вклучувајќи ги и владите и централните банки) со кредитен рејтинг еднаков или понизок од ЦЦЦ+ (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс“ или „Фич“) или Цаа1 (согласно со рејтингот на „Мудис“);
- кредитната изложеност кон клиент со кредитен рејтинг повисок од рејтингот од алинејата 4 од оваа категорија, но е со седиште во земја чијшто кредитен рејтинг е еднаков или понизок од ЦЦЦ+ (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс“ или „Фич“) или Цаа1 (согласно со рејтингот на „Мудис“);
- кредитната изложеност кон клиент кој нема кредитен рејтинг, но е со седиште во земја чијшто кредитен рејтинг е еднаков или понизок од Б- (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс“ или „Фич“) или Б3 (согласно со рејтингот на „Мудис“) или е со седиште во земја за која не е утврден кредитен рејтинг.

Банката може да не ја класифицира изложеноста од алинеи 4, 5 и 6 од категоријата на ризик „Г“, доколку станува збор за вонбилансно побарување врз основа на царинска гаранција или гаранција за учество на тендер или доколку станува збор за изложеност кон друга банка, врз основа на тековни сметки во странска валута во странство.

Во категорија на ризик „Д” се класифицира:

- кредитната изложеност чиишто обврски се извршуваат со задоцнување над 241 ден, односно над 600 дена за кредитната изложеност за која има признат колатерал;
- кредитната изложеност кон клиент над кој е воведена стечајна постапка, освен во случај кога за клиентот е усвоен план за реорганизација согласно со закон;
- кредитната изложеност кон клиент кој го оспорува постоењето на кредитната изложеност (во судска или вонсудска постапка).

2.1.1.2 Должнички и останати хартии од вредност

За должничките и останатите хартии од вредност, во делот за управување со изложеноста кон кредитен ризик се употребуваат класификации во зависност од издавачот: НБРСМ и Република Северна Македонија. Вложувањата во таквите хартии од вредност претставуваат начин да се зголеми кредитниот квалитет и во исто време да се одржуваат достапни извори на средства за пресретнување на барањата за финансирање.

Вложувања се дозволени само во ликвидни хартии кои имаат висок кредитен рејтинг. Со високиот кредитен рејтинг, раководството на Банката не очекува договорната страна да не ги исполнува своите обврски. Максималната изложеност кон кредитниот ризик е претставена со сметководствената вредност на секое финансиско средство во Билансот на состојба.

2.1.2 Политика на контрола на лимити и политика на ублажување на ризикот

Банката управува, ги ограничува и контролира концентрациите на кредитни ризици, каде и да се забележани, особено кај поединечните клиенти и групи, како и кај индустриските и географските ризици.

Банката ги структуира нивоата на кредитен ризик кои таа ги презема со поставување на ограничувања на износот на прифатен ризик во однос на еден кредитобарател, или група на кредитобаратели и во однос на географска и индустриска сегментација. Таквите ризици се следат постојано и подлежат на ревизии на годишно или почесто ниво, кога тоа се смета за

2. Обелоденувања за управување со ризиците (продолжува)
2.1 Кредитен ризик (продолжува)
2.1.2 Политика на контрола на лимити и политика на ублажување на ризикот (продолжува)

потребно. Нивоата на ограничувања на кредитен ризик по производ и индустриски сектор се одобруваат од страна на Надзорен Одбор.

Изложеноста на кредитниот ризик, исто така, се управува преку редовни анализи на способноста на кредитобарателите и потенцијалните кредитобаратели, да ги исполнат обврските за плаќање на камата и главница и со менување на овие лимити при одобрување на кредити каде тоа е соодветно.

Неколку други специфични мерки за контрола и ублажување се прикажани подолу.

2.1.2.1 Обезбедување

Банката применува голем број на политики и искуства за намалување на кредитниот ризик. Највообичаениот начин е земање гаранција за одобрените средства, што е и често применувано. Банката имплементира насоки за прифатливоста на специфичните класи на обезбедување или ограничување на кредитниот ризик.

Главни типови на обезбедување за кредити и побарувања се:

- парични депозити;
- хипотека на станбен имот;
- хипотека на деловни простории;
- банкарски и корпоративни гаранции;
- финансиски инструменти (должнички и сопственички хартии од вредност) и
- друго прифатливо обезбедување кое Банката го дефинирала во интерните акти.

Кредитите одобрени на претпријатија и население вообичаено се обезбедени, пречекорувањата на сметки и кредитни картички издадени на население се обезбедени со меници во полн износ. Со цел да се минимизира загубата од кредити, Банката ќе побара дополнително обезбедување од клиентите веднаш штом ќе се забележат индикатори за загуби поради оштетување за релевантните поединечни кредити и побарувања.

За целите на финансиските извештаи за 2020 година (белешка 22.2Б), во согласност со насоките на НБРСМ, кредитите и побарувањата од други комитенти кои се обезбедени со меници, се прикажуваат како необезбедени.
Генерално, Банката не бара обезбедување по основ на кредити и пласмани во банки.

Должничките хартии од вредност, благајничките записи и други записи обично не се обезбедени.

2.1.2.2 Кредитни обврски

Примарната цел на овие инструменти е да осигураат дека средствата се расположливи по барање на клиентите. Гаранциите и акредитивите го имаат истиот кредитен ризик како кредитите и се осигурани со исто обезбедување како кредитите.

2.1.3 Политики на оштетување и резерви

Интерните системи на рангирање кои се опишани во белешка 2.1.1 го прикажуваа квалитетот на кредитната изложеност од одобрувањето, па се до нејзината целосна отплата. Исправката на вредност и посебната резерва се признаваат во финансиските извештаи и ја претставуваат загубата која Банката ја очекува врз основа објективни докази на оштетување.

2. Обелоденувања за управување со ризиците (продолжува)
2.1 Кредитен ризик (продолжува)
2.1.3 Политики на оштетување и резерви (продолжува)

Интерните рангирања му помагаат на раководството да одреди дали објективните докази за оштетувања постојат, а кои се засновани на следните критериуми поставени од страна на Банката:

- неисполнување на договорно плаќање на главнина или камата;
- потешкотии во паричниот тек на кредитокорисникот (пр. коефициент на акционерски капитал, процент на нето приход од продажби);
- прекршување на договорот и условите на кредитот;
- започнување на постапка за стечај;
- намалување на конкурентната положба на кредитокорисникот и
- намалување на вредноста на обезбедувањето.

Проценката обично го вклучува применото обезбедување (вклучувајќи ја повторната потврда за нејзината способност да стапи на сила) и однапред примените средства за таа поединечна сметка.
Резервациите за загуби поради оштетување на кредитите и на останатите активни билансни и вонбилансни позиции се врши во согласност со регулативата пропишана од страна на НБРСМ.
Во првото полугодие од 2019 година, Банката го утврдува износот на исправка на вредност и посебна резерва согласно Одлуката за управување со кредитен ризик (Службен весник бр. 50/13) и сите одлуки за измени кон истата. Почнувајќи од 01.07.2019 година, Банката го утврдува износот на исправка на вредност и посебна резерва согласно Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик (Службен весник бр. 149/18) и измените кон истата кои беа донесени за надминување на ефектите од КОВИД-19.
Процентите кои се применуваат пооделно за секоја ризична категорија во 2020 и 2019 година се движат во следниве рамки:

Ризична категорија	**31.12.2020**	**31.12.2019**
А	од 0,01% до 5%	од 0,01% до 5%
Б	над 5% до 20%	над 5% до 20%
В	над 20% до 45%	над 20% до 45%
Г	над 45% до 70%	над 45% до 70%
Д	над 70% до 100%	над 70% до 100%

2.1.4 Максимална изложеност на кредитен ризик

Максималната изложеност на кредитен ризик пред давање обезбедување или други кредитни подобрувања (белешка 2.1) претставува сценарио за најлошиот можен случај за изложеност на кредитен ризик на Банката на 31.12.2020 и 31.12.2019 година, без да се земе во предвид било кое примено обезбедување или други кредитни подобрувања кои се додадени. За средствата во Билансот на состојба, изложеноста се базира на нето сметководствена вредност како што е искажано во Билансот на состојба.

За целите на финансиските извештаи (белешка 2.1), Банката ги поврза групите на кредитен ризик (Група 1, 2, 3) од Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи и категориите на ризик од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик, и извести на следниот начин:

- во рамки на Група 1, изложеностите на кредитен ризик класифицирани во категорија на ризик „А“;
- во рамки на Група 2, изложеностите на кредитен ризик класифицирани во категориите на ризик „Б“ и „В“, коишто немаат статус на нефункционална кредитна изложеност;

2. Обелоденувања за управување со ризиците (продолжува)
2.1 Кредитен ризик (продолжува)
2.1.4 Максимална изложеност на кредитен ризик (продолжува)

- во рамки на Група 3, изложеностите на кредитен ризик коишто имаат статус на нефункционална кредитна изложеност.

2.1.5 Објективна вредност на средствата земени за заштита на кредитниот ризик

Објективна вредност на обезбедувањето која е прикажана во белешка 2.1.Б е утврдена од страна на овластени проценители и претставува вредност која е реална за законските сопственици на средствата.

2.1.6 Должнички инструменти, благајнички записи и други записи

Анализа на должнички инструменти, благајнички записи и други записи според вид на вложување е прикажано во белешките 18 и 23. Издавачи на хартиите од вредност се Република Северна Македонија и НБРСМ. Според "Стандард и пурс" (Standard & Poor's Ratings Services), Република Северна Македонија е рангирана со ББ - за долгорочен и Б за краткорочен рејтинг со стабилен изглед. Според "Фич" (Fitch Rating Agency) е рангирана во ББ+ за долгорочен рејтинг за домашна и странска валута и Б за краткорочен рејтинг за домашна и странска валута со негативен изглед.

2.2 Ризик на ликвидност

Ризикот од ликвидност е ризикот кога Банката не е во можност да ги исполни своите обврски на плаќање соодветно кога тие ќе достасаат и да ги замени средствата кога ќе бидат повлечени. Последица од ова може да биде неисполнување на обврската да се исплатат депонентите и да се исполнат обврските по основ на кредитите.

2.2.1 Рочност на финансиски средства и обврски

Белешката 2.2 ги претставува тековите на паричните приливи и одливи на финансиските средства и обврски на Банката според преостанатата договорна достасаност на датумот на Билансот на состојба. Износите кои се прикажани во белешката се договорните недисконтирани парични текови.

Средствата со кои можат да се исполнат сите обврски се паричните средства, средствата во НБРСМ, хартии од вредност, средства обезбедени по пат на наплата на пласмани и кредити кон банки и кредити и побарувања кон комитенти.

Согласно законската регулатива и Политиката за управување со ликвидносен ризик, на месечна основа Банката пресметува структурни ликвидносни показатели (СЛ30 и СЛ180) и истите во текот на 2020 и 2019 година се во рамките на законски дефинираните лимити.
На месечна основа, Банката применува конзервативен стрес тест на ликвидносен ризик во повеќе нивоа на сценарија и интензитети, со основна претпоставка за одлив на повисок процент на депозитите на комитенти, обврските по кредити и плаќања по основ на вонбилансни инструменти и лимити. Резултатите од спроведените стрес тест сценарија укажуваат на поседување на високоликвидна позиција на Банката и способност за регулирање на достасаните обврски во секој момент.
Заклучно со 31.12.2020 година Банката реализира ликвидносен вишок при комбинирано стресно сценарио, за период од 3 месеци.
Дополнително, Банката поседува високо ниво на стабилност на депозитите на комитенти по видување (во Извештајот 2.2 прикажани во рочен блок до 1 месец).

Банката, исто така, може да се справи со неочекуваните нето одливи на парични средства, со продавање на хартии од вредност и изнаоѓање на дополнителни финансиски извори.

2. Обелоденувања за управување со ризиците (продолжува)

2.3 Пазарен ризик

Пазарниот ризик претставува ризик од промена на пазарните цени, како што се промена на каматните стапки, цена на капиталот, промена на девизните курсеви и кредитната маргина (со исклучок на промените во односите помеѓу должникот и доверителот) кој ќе влијае врз приходите на Банката или врз вредноста на финансиските инструменти. Целта на управувањето со пазарниот ризик е да се контролира кредитната изложеност во прифатливи рамки, за оптимизирање на повратот од ризик.

2.3.1 Анализа на чувствителноста на промените на пазарниот ризик на средствата и обврските

Во тековното работење, средствата и обврските на Банката се изложени на промена на вредноста како резултат на пазарните движења на следните ризични фактори: девизен курс, каматни стапки, цени на хартии од вредност, влошување на кредитното портфолио на Банката. Согласно историските и искуствените податоци, Банката подготвува екстремни стрес – тест сценарија кои укажуваат на ефектите од промена на истите врз адекватноста на капиталот, сопствените средства, средствата и обврските и добивката/загубата на Банката. Претпоставките и резултатите од тековните ефекти од стрес – сценаријата се прикажани во белешка 2.3.1 А.

Согласно Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот, Банката го исполнува законски пропишаниот лимит за портфолиото за тргување, при што нема обврска за издвојување на капитал за управување со пазарен ризик и следствено не го пополнува извештајот 2.3.1 Б.

2.3.2 Каматен ризик

Банката е изложена на ризик од променливоста на каматните стапки како резултат на тоа што каматоносните средства (вклучувајќи ги и вложувањата) и каматоносните обврски достасуваат или нивната каматна стапка се менува во различен период или во различни износи. Во случај на средства и обврски со променливи каматни стапки, Банката е исто така изложена на основниот ризик кој произлегува од различниот начин на менување на променливите каматни стапки, како што се на пример каматната стапка на штедните влогови на населението со три или шест месечен LIBOR или EURIBOR и различни видови на камати.

Активностите за управување со ризикот се наменети за оптимизирање на нето приходите од камати, со пазарни каматни стапки кои се конзистентни со деловните стратегии на Банката.

Активностите за управување со средствата и обврските се спроведуваат од аспект на реагирање на сензитивноста на Банката на промените на каматните стапки. Генерално, Банката е осетлива на промените во средствата, бидејќи за најголемиот дел на каматоносните средства и обврски, Банката го задржува правото за истовремено менување на каматните стапки, како во активата така и во пасивата. Во услови кога се намалуваат каматните стапки, ќе се намалат и каматните маргини како резултат на тоа што каматните стапки на обврските ќе се намалат со понизок процент во споредба со каматните стапки на средствата. И покрај тоа, Банката секогаш внимава да не се намали каматната маргина. Како и да е, крајниот ефект ќе зависи од различни фактори, вклучувајќи ја стабилноста на економијата, опкружувањето и стапката на инфлација. Дополнително, во областа на управувањето со ризикот од променливост на каматните стапки, Банката согласно имплементираната препорака од НБРСМ, не применува прилагодливи каматни стапки во новите договори за кредити и депозити.

Белешките 2.3.2 А и 2.3.2 Б ја прикажуваат изложеноста на Банката на ризици од каматни стапки категоризирани според договорни повторни оценувања на датумите на достасаност.

2. Обелоденувања за управување со ризиците (продолжува)
2.3 Пазарен ризик (продолжува)

2.3.3 Валутен ризик

Банката е изложена на валутен ризик преку трансакциите во странска валута. Нето изложеноста на Банката се одржува на задоволително ниво преку купување и продажба на девизи заради надоместување на краткорочни отстапувања. Изложеноста на Банката на валутен ризик е прикажана во белешката 2.3.3.

На полугодишна основа, Банката спроведува стрес тестирање на изложеноста на валутен ризик со примена на претпоставката за ефектот од депрецијација и апрецијација на девизниот курс за 20% и комбинирани сценарија. Резултатите од стрес-тестирањето на годишно ниво се прикажани во белешката 2.3.1 А и истите укажуваат дека и со примена на дадените претпоставки стапката на адекватност на капиталот е на очекуваното ниво.

2.3.4 Оперативен ризик

Оперативен ризик е ризик од загуба поради несоодветни или слаби интерни процеси, несоодветни лица и несоодветни или слаби системи во Банката, надворешни настани и правниот ризик.

Банката има воспоставено Политика за управување со оперативен ризик која е усвоена од страна на Надзорниот одбор на Банката. Истата редовно се ревидира од страна на Надзорниот одбор, а согласно со Одлуката за управување со ризици донесена од страна на НБРСМ. Политиката најмалку еднаш годишно е предмет на оценување на нејзината соодветност од страна на Надзорниот одбор.

Во рамките на Политиката, Банката ги дефинира оперативните ризици како ризици коишто настануваат заради недостатоци или грешки при делувањето на внатрешните процеси, системи и луѓе или заради надворешни настани. Определбата го вклучува и правниот ризик, а не го вклучува стратегискиот ризик и ризикот од губење на доброто име (репутацисикиот ризик). Меѓутоа поради значењето што го има репутацискиот ризик, истиот се зема во предвид при управувањето со оперативните ризици.

Целта во управувањето со оперативните ризици е да се ограничи обемот на потенцијалните загуби и веројатноста за нивна реализација на ниво кое е прифатливо за Банката гледано од финансиски аспект, како и од аспект на угледот на Банката. Банката ги прифаќа оние оперативни ризици кои доколку се реализираат нема да имаат значаен ефект врз финансискиот резултат, односно нема да го загрозат понатамошното работење на Банката. За постигнување на таа цел Политиката и актите кои произлегуваат од неа воспоставуваат конзистентен пристап во управувањето со оперативните ризици.

Банката, пресметува капитално барање за покривање на оперативните ризици користејќи го стандардизираниот пристап според локалната регулатива.

3. Адекватност на капиталот

Целите на Банката кога управува со капиталот, кој е поширок концепт од прикажаниот „Акционерскиот капитал” во самиот Биланс на состојба се:

- да се придржува до капиталните барања поставени од регулаторот;
- да се заштити способноста на Банката за одржување на континуитетот во работењето за да може да продолжи да дава поврат на акционерите и заинтересираните страни и
- да одржи силна капитална основа за да го поддржи развојот на својот бизнис.

Адекватноста на капиталот и сопствените средства се следат на месечна основа од раководството на Банката, применувајќи техники кои се базирани на насоките добиени од

3. Адекватност на капиталот (продолжува)

НБРСМ за целите на супервизија. Извештаите за адекватноста на капиталот се доставуваат до НБРСМ на квартална основа.

НБРСМ пропишува секоја банка или банкарска група да: (а) држи минимално ниво на пропишан капитал од 310.000.000 денари, (б) да ги исполнува пропишаните капитални бафери и в) показателот за вкупен пропишан капитал во однос на ризично пондерираната актива да е на или над нивото на усогласениот минимум од 8%.

Согласно законската регулатива, Банката ги почитува следниве стапки:

- редовниот основен капитал не смее да биде понизок од 4,5% од активата пондерирана според ризиците;
- основниот капитал не смее да биде понизок од 6% од активата пондерирана според ризиците;
- стапката на адекватност на капиталот не смее да биде пониска од 8% од активата пондерирана според ризиците и
- заштитни слоеви на капиталот и тоа: заштитен слој за зачувување на капиталот (2,5%), противцикличен заштитен слој на капиталот (до 2,5%), заштитен слој на капиталот за системски значајни банки (од 1% - 3,5%) и системски заштитен слој на капиталот (од 1% - 3%).

Врз основа на супервизорска оцена на профилот на ризик на Банката, НБРСМ утврди додаток од 3 процентни поени над минималното законски утврденото ниво на адекватност на капиталот, така што Банката е должна да ја одржува адекватноста на капиталот на ниво повисоко од 11%.

Дополнително, во текот на 2020 година, Банката е должна да ги одржува заштитните слоеви капитал и тоа:

- заштитен слој за зачувување на капиталот, со стапка од 2,5% од активата пондерирана според ризиците;
- заштитен слој за системски значајна банка, со стапка од 1,5% од активата пондерирана според ризиците;
- системски заштитен слој во моментов не е применлив за Банката и
- противцикличен заштитен слој на капиталот од 0%.

Вкупната стапка на адекватност на капиталот што Банката треба да ја одржува за 2020 година изнесува 15% (2019: 15%).

Сопствените средства на Банката се состојат од:

- основен капитал кој се состои од Редовен основен капитал (капитални инструменти, премија од продажба на капиталните инструменти, задолжителна општа резерва, задржана нераспоредена добивка којашто не е оптоварена со какви било идни обврски, тековна добивка или добивка на крајот на годината и збир на сеопфатна добивка или загуба согласно насоките од НБРСМ) и Додатен основен капитал (капитални инструменти и премија од продажба на капиталните инструменти, корегирани за одбитни ставки/корекции согласно насоките од НБРСМ) и
- дополнителниот капитал се состои од капитални инструменти и субординирани кредити и премија од продажба на капиталните инструменти, корегирани за одбитни ставки/корекции согласно насоките од НБРСМ.

Активата пондерирана според кредитен ризик претставува збир на пондерираната вредност на сите билансни и вонбилансни побарувања. Билансните и вонбилансните побарувања се распоредени во соодветни категории на изложеност и на истите им се доделува соодветен пондер на ризичност во зависност од степенот на кредитен квалитет на должникот или побарувањето, а притоа земајќи го предвид влијанието на инструментите за кредитна заштита.

3. Адекватност на капиталот (продолжува)

Активата пондерирана според валутниот ризик претставува збир од апсолутниот износ на нето-позицијата во злато и агрегатната девизна позиција на Банката. Агрегатната девизна позиција на Банката ги вклучува девизните активни и пасивни позиции. Нето спот-позициите и нето форвард-позициите, кои што се класифицирани во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ се прикажуваат на нето-основа, односно се намалуваат за соодветниот износ на исправката на вредноста/посебната резерва.

За утврдување на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик, Банката го користи стандардизираниот пристап кој подразбира распоредување на резултатите од остварените финансиски активности според утврдени принципи во осум деловни линии.

За двете презентирани години, Банката ги исполни сите пропишани капитални барања, капиталниот додаток и пропишаните заштитни слоеви капитал кои ги покрива со редовниот основен капитал на Банката и тоа за 2020: 15,72% (2019: 16,39%).

4. Известување според сегменти

За цели на известувањето, Банката ги обелоденува податоците според оперативни сегменти еднакви на деловните линии кои се утврдени со “Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот” и примената на стандардизираниот пристап.

4.1 Оперативните сегменти според кои Банката известува се:

- банкарство на мало (физички лица и мали друштва);
- комерцијално банкарство (средни и големи трговци согласно Законот за трговски друштва);
- платен промет и порамнување;
- сите останати незначајни сегменти (услуги поврзани со финансирање трговци коишто согласно Законот за трговски друштва се сметаат за средни и големи трговци, тргување и продажба, услуги како агент, управување со средства, брокерски услуги на мало (физички лица и мали друштва));
- нераспоредени финансиски активности.

За целите на известувањето според сегменти, Банката:

- ги дели ставките од Билансот на успех по одделни оперативни сегменти и ги идентификува приходите/расходите по одделни оперативни сегменти;
- ги идентификува средствата и обврските по одделни оперативни сегменти.

Квантитативните информации за известување по оперативни сегменти се прикажани во белешка 4А.

4.2 Концентрација на вкупни приходи и расходи по значајни коминтенти

Банката ги прикажува значајните клиенти и лицата поврзани со нив според сегментите и тоа вкупниот износ на приход и расход за периодот по било која основа.

На 31.12.2020 и 31.12.2019 година не постојат значајни клиенти.

4.3 Географски подрачја според кои Банката известува се:

- Република Северна Македонија;
- земји-членки на Европската унија;
- други европски земји, надвор од Европската унија;
- земји надвор од Европа, членки на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД);

4. Известување според сегменти (продолжува)

- други земји кои Банката ги идентификува како поединечно значајни географски сегменти;
- сите останати незначајни географски сегменти;
- неалоцирано.

5. Објективна вредност на финансиските средства и обврски

5.1 Објективна вредност на финансиски средства и обврски кои не се мерат според објективна вредност

5.1.1 Парични средства и парични еквиваленти

Сметководствената вредност на парични средства и парични еквиваленти е еднаква на нивната објективна вредност со оглед дека вклучуваат готовина и ностро сметки кои претставуваат нерестриктивни побарувања, како и побарувања по депозити и пласмани во НБРСМ и достасуваат во краток рок.

5.1.2 Пласмани и дадени кредити на други банки и вложувања во хартии од вредност

Пласманите во и кредити на други банки ги вклучуваат меѓубанкарските пласмани. Објективната вредност на пласманите и депозитите орочени преку ноќ е иста со нивната сметководствена вредност поради краткиот рок на достасување.

Проценетата објективна вредност на депозитите и вложувањата во хартии од вредност со фиксна камата е базирана на дисконтираниот паричен тек, користејќи ја преовладувачката каматна стапка на пазарот на пари за долгови со сличен кредитен ризик и преостаната достасаност.

5.1.3 Кредити и побарувања на комитенти

Заклучно со 30.09.2020 година, вкупните кредити на небанкарскиот сектор забележаа пораст во однос на истиот период претходната година од 21,9 млрд. МКД (357 милиони ЕУР) или 6,7%, при што кај сегментот население забележан е пораст од 13,6 млрд. МКД (222 милиони ЕУР) или 8,3%, додека кај нефинансиските друштва (приватни и јавни) порастот изнесува 8,3 млрд. МКД (135 милиони ЕУР) или 5,2%. Притоа, кредитниот раст на годишна основа кај нефинансиските друштва произлегува од кредитирањето во странска валута, додека кај секторот население поголем раст е кај кредитирањето во денари.
Учеството на денарските кредити во вкупните кредити заклучно со 30.09.2020 година изнесува 58,6% (2019: 58,4%).
Во однос на рочната структура, 15,5% се краткорочни, додека 79,9% се долгорочни кредити (2019: 17,5% краткорочни, 77,3% долгорочни).

Заклучно со 30.09.2020 година, вкупните депозити од небанкарски сектор забележаа годишен пораст од 25,6 млрд. МКД (416 милиони ЕУР) или 6,6%, при што кај сегментот население забележан е пораст од 15,7 млрд. МКД (255 милиони ЕУР) или 5,9%, додека кај нефинансиските друштва (приватни и јавни) има зголемување од 9,3 млрд. МКД (151 милиони ЕУР) или 8,7%.

Учеството на денарските депозити во вкупните депозити заклучно со 30.09.2020 година изнесува 60,0% (2019: 61,5%).
Во однос на рочната структура 33,5% се по видување (2019: 31,9%), 42,1% се краткорочни (2019: 41,2%), додека 24,4% се долгорочни депозити (2019: 26,9%).
Односот бруто кредити/депозити кај небанкарскиот сектор на 30.9.2020 година изнесува 84,3% (2019: 83,8%).

Квалитет на кредитно портфолио

Учеството на нефункционалните пласмани во бруто кредитите на небанкарскиот сектор на 30.09.2020 година изнесува 3,4% (2019: 4,8%), при што кај секторот население показателот се намали на 1,6% (2019: 2,0%), додека кај претпријатијата показателот се намали на 5,3% (2019: 7,3%).

Финансиска стабилност

Ликвидноста на банкарскиот сектор е одржана на високо ниво. Високоликвидната актива кај банките на 30.09.2020 изнесува 21,6% (30.09.2019: 24%) од вкупната актива и покрива 36,2% од краткорочните обврски (30.09.2019: 41,9%).

Адекватноста на капиталот на ниво на банкарски сектор на 30.09.2020 година изнесува 16,9% (2019:16,3%).

Профитабилност

Заклучно со 30.09.2020 година банкарскиот сектор оствари нето добивка од 5.913 милиони МКД (96,2 милиони ЕУР) или за 2 милиони ЕУР повисока во однос на истиот период претходната година кога беше остварена добивка од 5.791 милиони МКД (94,2 милиони ЕУР). Зголемената профитабилност е резултат на повисоки остварени нето каматни приходи, пораст на нето курсните разлики, повисоки остварени капитални добивки од продажба на средства, повисоки остварени останати приходи од дејност, повисоки наплатени претходно отпишани побарувања при пад на нето приходите од провизии и надоместоци и и повисоки издвоени резервации (исправки) на финансиските и нефинансиски средства.

Каматните приходи, во однос на истиот период претходната година, се пониски за 558 милиони МКД (9,1 милиони ЕУР) или 3,9%, каматните расходи се пониски за 599,1 милиони МКД (9,7 милион ЕУР) или за 18,7%, додека останатите некаматни приходи се повисоки за 395,3 милиони МКД (6,4 милиони ЕУР) или за 6,8%.
Кај оперативните расходи, трошоците за вработени, амортизацијата и останати расходи од дејноста се пониски за 149 милиони МКД (2,4 милиони ЕУР) или за 1,8%.

Издвоените исправки и резервации за финансиски и нефинансиски средства се пониски за 996,5 милиони МКД (16,2 милиони ЕУР) или 14,4%.

Табела 4. Показатели за профитабилноста на банкарскиот сектор, 30.09.2020

во %	30.9.2019	31.12.2019	30.9.2020	Во однос на 30.09.2019 %	Во однос на 30.09.2019 п.п
ROA (бруто)	1,5%	1,3%	1,4%	-6,0%	-0,09 pp
ROE (бруто)	13,5%	11,7%	12,3%	-8,8%	-1,19 pp
Cost/income	50,0%	50,1%	47,9%	-4,2%	-2,12 pp
Трошоци за вработени/Вкупни редовни приходи	22,5%	22,3%	21,5%	-4,7%	-1,05 pp
Трошоци за вработени/Оперативни трошоци	44,9%	44,6%	44,8%	-0,2%	-0,09 pp
Некаматни приходи/Вкупни редовни приходи	44,6%	46,2%	45,5%	1,9%	0,84 pp

Извор: НБРСМ - Супервизија, Податоци и показатели за банкарскиот систем на Р.С.Македонија

Група Големи банки (Peer група)

Групата Големи банки ја сочинуваат 5 (пет) банки со вкупна актива над 430 млрд. МКД (6.682 милиони ЕУР), во рамки на кои три банки се со актива над 311 млрд. МКД (5.057 милиони ЕУР), додека две банки се со актива под 99,8 млрд. МКД (1.622 милиони ЕУР).

Основни показатели

Билансната сума на групата Големи банки заклучно со 30.09.2020 година се зголеми за 40,2 млрд. МКД (654 милиони ЕУР) во однос на истиот период претходната година и нивното учество во банкарскиот сектор изнесува 76,5% (2019: 74,7%). Депозитите се зголемија за 30,2 млрд. МКД (491 милиони ЕУР), кредитите (бруто) се зголемени за 21,3 млрд. МКД (346 милиони ЕУР), капиталот е повисок за 7,1 млрд. МКД (115,5 милиони ЕУР) во однос на 30.09.2019 година, додека бруто добивката е пониска за 492 милиони МКД (8 милиони ЕУР) во однос на истиот период минатата година.

Табела 5. Основни показатели, 30.09.2020 година

во мил.МКД	30.9.2019	31.12.2019	30.9.2020	Во однос на 30.09.2019 %	Во однос на 30.09.2019 апс
Билансна сума	**394.553**	**410.972**	**434.801**	-4,0%	40.248
Капитал и резерви	45.599	45.764	52.702	-0,4%	7.103
Депозити од нефинансиски сектор	306.141	320.703	336.359	-4,5%	30.219
Кредити на нефинансиски сектор (бруто)	241.924	251.744	263.229	-3,9%	21.305
Резервации (билансни и вонбилансни)	14.870	14.680	14.632	1,3%	-238
Бруто NPL (финансиски и нефинансиски сектор)	11.456	11.131	10.203	2,9%	-1.253
Бруто добивка	**5.643**	**7.723**	**5.151**	-26,9%	-492

Извор: НБРСМ - Супервизија, Податоци и показатели за банкарскиот систем на Р. С.Македонија

Квалитет на кредитно портфолио

Во однос на квалитетот на кредитното портфолио, учеството на нефункционалните пласмани во вкупните кредити кај небанкарскиот сектор кај групата Големи банки на 30.09.2020 година изнесуваше 3,9% (31.12.2019: 4,4%).

Профитабилност

Заклучно со 30.09.2020 година, Групата Големи банки оствари бруто добивка од 5.151 милиони МКД (83,8 милиони ЕУР) или за 492 милиони МКД (8 милиони ЕУР) помалку во однос на истиот период минатата година кога беше остварена добивка од 5.643 милиони МКД (91,8 милиони ЕУР). Намалувањето на профитабилноста во најголем дел се должи на пониските остварени нето приходи од провизии и придонеси, помалку остварени капитални добивки од продажба на средства, како и повисоки исправки на вредност на финансиски и нефинансиски средства.
Каматните приходи во однос на истиот период претходна година се пониски за 297,8 милиони МКД (4,8 милиони ЕУР) или 2,8%, каматните расходи се пониски за 343 милиони МКД (5,6 милиони ЕУР) или 16,7%, додека останатите некаматни приходи се повисоки за 551 милиони МКД (9 милиони ЕУР) или за 12,5%. На страната на расходите, вкупните трошоци (трошоци за вработените, амортизација и останати расходи од дејноста) се повисоки за 185 милиони МКД (3 милиони ЕУР) или за 3,2%. Загубите поради оштетувања кај финансиски и нефинансиски средства со 30.09.2020 година се повисоки за 692 милиони МКД (11,3 милиони ЕУР) или 30,4%.

Табела 6. Показатели за профитабилноста кај Групата Големи банки, 30.09.2020 година

во %	30.9.2019	31.12.2019	30.9.2020	Во однос на 30.09.2019 %	Во однос на 30.09.2019 п.п
ROA (бруто)	2,0%	1,8%	1,6%	-18,8%	-0,38 pp
ROE (бруто)	17,5%	16,1%	14,0%	-20,3%	-3,55 pp
Cost/income	43,7%	43,7%	43,1%	-1,3%	-0,55 pp
Трошоци за вработени/Вкупни редовни приходи	19,7%	19,7%	18,9%	-4,0%	-0,78 pp
Трошоци за вработени/Оперативни трошоци	45,1%	45,0%	43,8%	-2,8%	-1,26 pp
Некаматни приходи/Вкупни редовни приходи	43,2%	45,0%	45,4%	5,2%	2,23 pp

Извор: НБРСМ - Супервизија, Податоци и показатели за банкарскиот систем на Р.С. Македонија

IV. Финансиски резултати[2]

И покрај тоа што 2020 година беше специфична во секој поглед, а пред сè под директно влијание од негативните ефекти од предизвикот Ковид 19, Банката оствари одлични резултати. Овие резултати се одговор на проактивниот пристап кој го има Банката, како и на успешното преструктуирање во услови на здравствена криза при што беше одржан деловниот континуитет во работењето и сите активности и опслужувањето на клиентите се одвиваше без прекин, почитувајќи ги сите мерки кои беа препорачани со цел заштита од непредвидливиот Ковид 19 предизвик.
Резултатот на Банката е пред сè предводен од добро развиениот клиентски пристап, прилагодливата понуда на продуктите на Банката на специфичната ситуација како и на достапноста на Банката до своите клиенти, преку развиена продажна мрежа, 24 часовна достапност на Контакт центарот како и на добро развиените дигитални канали кои беа прв избор на клиентите во услови на криза. И во услови на најголемата здравствена криза досега, Банката продолжи со својата безрезервна поддршка кон своите клиенти и економијата воопшто и продолжи да ги кредитира населението и стопанството. Сето ова водеше кон остварување на добар финансиски резултат кој Банката го оствари преку реализација на следните активности:

- Годишен раст на кредитите на небанкарски сектор од 6,1%, резултат пред сè на растот на кредитното портфолио на население од 9,4%;
- Намалување на износот на нефункционални пласмани, главно како резултат на преземени активности во рамки на “NPL Management Initiative”, актуелна во Банката во текот на 2019 и 2020 година;
- Раст на некаматните приходи поради остварени повисоки приходи од провизии, приходи од продажба на наплатени претходно отпишани побарувања и раст на нето приходите од курсни разлики;
- Пренасочување на ликвидносниот вишок во инвестиција на Еврообврзници кои се тргуваат на странски пазари и во домашни државни записи;
- Зголемување на базата на клиенти кои ги користат производите и услугите на Банката.

Биланс на успех

Табела 7. Биланс на успех

		1.1.-31.12.2019	1.1.-31.12.2020 План	1.1.-31.12.2020 Реализација	Во однос на 1.1.-31.12.2019		Во однос на План	
во мил.МКД								
1	Приходи од камата	3.480,3	3.587,0	3.329,4	-150,9	-4,3%	-257,6	-7,2%
2	Расходи за камата	514,9	429,1	413,9	-101,0	-19,6%	-15,1	-3,5%
	Нето приходи од камата	**2.965,4**	**3.157,9**	**2.915,5**	**-49,9**	**-1,7%**	**-242,5**	**-7,7%**
3	Приходи од провизии и надомести	1.723,5	1.829,3	1.737,1	13,6	0,8%	-92,2	-5,0%
4	Расходи за провизии и надомести	619,4	619,2	614,3	-5,1	-0,8%	-4,9	-0,8%
	Нето приходи од провизии и надомести	**1.104,1**	**1.210,1**	**1.122,9**	**18,8**	**1,7%**	**-87,3**	**-7,2%**
5	Нето приходи од тргување	-19,7	-3,8	-45,8	-26,2	133,1%	-42,1	1121,4%
6	Нето приходи од курсни разлики	188,5	147,5	239,5	51,0	27,1%	92,0	62,4%
7	Нето приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност	-0,7	-0,5	0,5	1,1	-169,1%	0,9	-197,6%
8	Останати приходи од дејноста	166,4	183,0	261,7	95,3	57,3%	78,7	43,0%
	Вкупни нето приходи	**4.404,0**	**4.694,3**	**4.494,2**	**90,2**	**2,0%**	**-200,1**	**-4,3%**
9	Трошоци за вработените	829,7	905,7	824,2	-5,6	-0,7%	-81,5	-9,0%
10	Амортизација	167,3	189,3	196,0	28,7	17,1%	6,7	3,5%
11	Останати расходи од дејноста	907,8	918,2	896,3	-11,5	-1,3%	-21,9	-2,4%
	Добивка пред резервации	**2.499,2**	**2.681,2**	**2.577,8**	**78,6**	**3,1%**	**-103,4**	**-3,9%**
12	Ослободени резервирања за вонбилансна изложеност	77,3	0,0	23,2	-54,0	-69,9%	23,2	/
13	Резервирања за вонбилансна изложеност	13,9	12,3	26,8	12,9	93,0%	14,5	117,9%
14	Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето основа	490,8	518,8	669,5	178,7	36,4%	150,7	29,0%
15	Резервирања за правен ризик, на нето основа	20,1	0,0	0,0	-20,1	-100,0%	0,0	/
16	Загуба поради оштетување на нефинансиските средства	4,5	-11,7	50,8	46,3	1035,4%	62,5	-534,7%
17	Ослободени резервирања поради оштетување на нефинансиските средства	0,0	0,0	3,4	3,4	/	3,4	/
	Добивка пред оданочување	**2.047,2**	**2.161,8**	**1.857,3**	**-189,8**	**-9,3%**	**-304,4**	**-14,1%**
18	Данок од добивка	197,3	185,4	153,1	-44,2	-22,4%	-32,4	-17,5%
	Добивка за финансиската година	**1.849,9**	**1.976,3**	**1.704,3**	**-145,6**	-7,9%	**-272,1**	-13,8%

[2] Позициите од Финансиските извештаи во Годишниот извештај се конзистентни со позициите од Финансиските извештаи на Банката изработени по методологија на НБРСМ, освен онаму каде што е потребно да се прикаже појасна презентација на истите. Разликите се од презентациска природа, додека финалните позиции (добивка и вкупна актива/пасива) не бележат разлики.

Добивка

Во 2020 година, Банката оствари **добивка пред оданочување** во износ од 1.857,3 милиони МКД што е за 9,3% пониска од добивката остварена претходната година, резултат кој се должи на повисоки исправки на вредноста на финансиските средства како и повисоки загуби поради оштетувања на нефинансиски средства.

Добивката по оданочување за 2020 година изнесува 1.704,3 милиони МКД и е пониска од планираната за 13,8% како резултат на негативните ефекти предизвикани од Ковид 19 пандемијата, додека во однос на претходната година добивката е пониска за 7,9% како резултат на повисока загуба поради оштетување на нефинансиски средства.

Добивката пред исправки и резервации изнесува 2.577,8 милиони МКД или 3,9% под планираната за 2020 година и 3,1% повисока од остварената во 2019 година генерално како резултат на повисоките приходи од провизии, нето приходи од курсни разлики како и останати приходи од дејност.

Вкупниот нето трошок за **Исправки на вредност и резервации за финансиските средства, за оштетувања на нефинансиски средства и резервирања за потенцијални обврски врз основа на судски спорови** во текот на годината изнесуваа 720,5 милиони МКД што е за 38,7% повеќе во однос на планот, соодветно на квалитетот на портфолиото и на активностите, и за 59,4% повеќе во однос на 2019 година.

Вкупните нето приходи од работење изнесуваат 4.494,2 милиони МКД и се за 4,3% пониски во однос на планот. Во однос на претходната година, вкупните нето приходи од работење се повисоки за 2,0%.

Нето приходи од камата

Остварените вкупни нето приходи од камати за 2020 година изнесуваат 2.915,5 милиони МКД и се пониски од планираните за 7,7%. Приходите од камата во однос на планот се пониски за 7,2% генерално поради пониска состојба на кредити на правни лица и пониски каматни стапки од планираните. Расходите за камата се пониски од планираните за 3,5% пред сè како резултат на намалувањето на каматни стапки и преструктуирање на базата на депозити во корист на депозитите по видување.
Во однос на 2019 година, нето приходите од камата се пониски за 1,7%.

Доминантна категорија во остварените нето приходи од камата (65,7% од вкупно остварените нето приходи од камата) се **нето приходите од камати од население** кои изнесуваат 1.915,3 милиони МКД, што претставува пораст од 5,1% споредено со 2019 година. Порастот се должи на намалување на **расходите за камата** за 24,1%, додека кај **приходите од камата** од редовното портфолио остварен е пораст од 1,0%.
Во однос на планираните, нето приходите од камата од население се пониски за 5,6%.

Нето приходите од камати од правни лица изнесуваат 1.064,8 милиони МКД или за 2,8% помалку споредено со 2019 година, како резултат на намалување на **расходите за камата** за 52,6% (отплата на субординиран долг).
Во однос на планираните, нето приходите од камата од правни лица се пониски за 10,9%.

Нето каматната маргина на просечна каматоносна актива во 2020 година изнесува 3,02% и е повисока од планираната за 0,07 п.п., додека во однос на минатогодишната е пониска за 0,34 п.п.
Нето каматната маргина на просечна бруто актива изнесува 3,66% (2019: 4,01%).

Нето некаматни приходи

Вкупните нето некаматни приходи изнесуваат 1.578,8 милиони МКД и во однос на 2019 година се повисоки за 9,7%, поради повисоки нето приходи од курсни разлики и останати приходи од дејноста.
Во однос на планот, нето некаматните приходи се повисоки за 2,8%.
Нето некаматните приходи во вкупните приходи учествуваат со 35,1% (2019: 32,7%).
Најголемо учество во нето некаматните приходи имаат нето приходите од провизии со 71,1% (2019: 76,7%).

Нето приходи од провизии

Вкупните нето приходи од провизии изнесуваат 1.122,9 милиони МКД и се повисоки во однос на 2019 година за 1,7%, додека во однос на планираните за 2020 година се пониски за 7,2%.

Вкупните приходи од провизии во однос на 2019 година се повисоки за 0,8% поради повисоки приходи од картично работење, платен промет во земјата, електронско банкарство, повисоки остварени приходи од услуги преку деловната мрежа (лично банкарство, водење на трансакциски сметки и трајни налози), работа со хартии од вредност и повисоки приходи од провизии по основ на издадени кредити.
Во однос на планот се пониски за 5,0%.

Вкупните расходи од провизии се пониски за 0,8% во однос на планираните за 2020 година и за исто толку пониски во однос на реализираните за 2019 година поради пониски расходи од провизии од работење со готовина, пониски расходи од платен промет во земјата и странство и од обврски по кредити.

Трошоци

Вкупните трошоци на работењето изнесуваат 1.916,4 милиони МКД и во однос на планот се пониски за 4,8%, при што Трошоците за вработени се пониски за 9,0%, Останатите расходи од дејноста се пониски за 2,4% додека Амортизацијата е повисока за 3,5%.
Во однос на 2019 година, Вкупните трошоци на работење се повисоки за 0,6%, при што Трошоците за вработените се пониски за 0,7%, Останатите расходи од дејноста се пониски за 1,3%, додека Амортизацијата е повисока за 17,1% поради пренос на одредени средства во употреба.
Показателот вкупни оперативни трошоци во однос на вкупни нето приходи (Cost/Income Ratio) изнесува 42,6% (2019: 43,3%). Во однос на планот, показателот е понизок за 0,3 п.п. (план 42,9%).

Графикон 1. Вкупни трошоци на работењето



Биланс на состојба и вонбилансна евиденција

Табела 8. Биланс на состојба

		31.12.2019	31.12.2020			Во однос на			
	во мил.МКД		План	Реализација	Структура	31.12.2019		План	
	АКТИВА	**88.176,9**	**87.110,9**	**96.545,2**		**8.368,3**	**9,5%**	**9.434,3**	**10,8%**
1	Парични средства и парични еквиваленти	14.299,4	11.716,5	15.890,5	16,5%	1.591,1	11,1%	4.174,0	35,6%
2	Дериватни средства чувани за управување со ризик	0,0	0,4	0,5	0,0%	0,5	/	0,1	23,1%
3	Кредити на и побарувања од банки и штедилници	550,9	722,9	599,5	0,6%	48,6	8,8%	-123,3	-17,1%
4	Кредити на и побарувања од други комитенти	54.565,1	59.209,4	57.880,6	60,0%	3.315,5	6,1%	-1.328,8	-2,2%
	нефинансиски правни лица	20.047,8	21.705,7	20.211,9	20,9%	164,1	0,8%	-1.493,8	-6,9%
	приватни	19.615,0	21.417,7	19.939,8	20,7%	324,8	1,7%	-1.477,9	-6,9%
	јавни	432,8	288,0	272,1	0,3%	-160,7	-37,1%	-15,9	-5,5%
	непрофитни институции	14,6	17,6	17,2	0,0%	2,6	17,5%	-0,4	-2,1%
	држава	136,9	123,7	58,8	0,1%	-78,1	-57,0%	-64,9	-52,5%
	население	34.355,4	37.350,9	37.582,3	38,9%	3.226,9	9,4%	231,4	0,6%
	останати финансиски институции	10,4	11,5	10,4	0,0%	0,0	0,4%	-1,1	-9,3%
5	Вложувања во хартии од вредност	14.966,4	11.577,3	18.060,5	18,7%	3.094,0	20,7%	6.483,2	56,0%
	до доспевање	10.878,7	5.511,2	16.334,5	16,9%	5.455,8	50,2%	10.823,3	196,4%
	расположливи за продажба	4.087,7	34,3	32,9	0,0%	-4.054,8	-99,2%	-1,4	-4,1%
6	Побарувања за данок на добивка	18,0	0,0	30,9	0,0%	13,0	/	30,9	/
7	Останати побарувања	1.373,3	1.377,9	1.633,3	1,7%	260,0	18,9%	255,3	18,5%
8	Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	193,2	130,5	139,2	0,1%	-54,0	-27,9%	8,7	6,6%
9	Нематеријални средства	206,6	380,7	278,2	0,3%	71,5	34,6%	-102,6	-26,9%
10	Недвижности и опрема	2.004,1	1.995,2	2.032,1	2,1%	28,1	1,4%	36,9	1,8%
	ПАСИВА	**88.176,9**	**87.110,9**	**96.545,2**		**8.368,3**	**9,5%**	**9.434,3**	**10,8%**
11	Дериватни обврски чувани за управување со ризик	0,7	0,1	0,0	0,0%	-0,7	-100,0%	-0,1	-100,0%
12	Депозити на банки и штедилници	619,2	483,3	371,3	0,4%	-247,9	-40,0%	-112,0	-23,2%
13	Депозити на други комитенти	72.259,0	70.837,2	79.408,5	82,3%	7.149,5	9,9%	8.571,3	12,1%
	нефинансиски правни лица	17.738,3	14.806,9	20.159,6	20,9%	2.421,3	13,7%	5.352,8	36,2%
	приватни	15.325,1	12.414,1	17.930,0	18,6%	2.604,9	17,0%	5.515,9	44,4%
	јавни	2.413,2	2.392,7	2.229,6	2,3%	-183,6	-7,6%	-163,1	-6,8%
	непрофитни институции	709,3	620,7	848,8	0,9%	139,5	19,7%	228,0	36,7%
	држава	422,5	138,8	565,2	0,6%	142,7	33,8%	426,4	307,2%
	население	52.881,1	53.777,8	57.325,5	59,4%	4.444,4	8,4%	3.547,7	6,6%
	останати финансиски институции	507,8	1.493,0	509,5	0,5%	1,6	0,3%	-983,5	-65,9%
14	Обврски по кредити	644,3	1.006,5	422,4	0,4%	-221,9	-34,4%	-584,1	-58,0%
15	Субординирани обврски	1.841,0	1.847,7	1.848,0	1,9%	7,0	0,4%	0,3	0,0%
16	Посебна резерва и резервирања	243,2	255,6	255,0	0,3%	11,7	4,8%	-0,7	-0,3%
17	Обврски за данок на добивка (тековен)	0,0	185,4	0,0	0,0%	0,0	/	-185,4	-100,0%
18	Останати обврски	926,3	653,7	827,2	0,9%	-99,2	-10,7%	173,4	26,5%
19	Добивка за периодот	1.849,9	1.976,3	1.704,3	1,8%	-145,7	-7,9%	-272,1	-13,8%
20	Капитал и резерви	9.793,3	9.864,9	11.708,6	12,1%	1.915,3	19,6%	1.843,7	18,7%

Билансната сума на Банката во 2020 година изнесува 96.545,2 милиони МКД. Во однос на 2019 година, билансната сума е повисока за 8.368,3 милиони МКД или 9,5% како резултат на повисока состојба на кредити на население и повисока состојба на вложувања во хартии од хартии од вредност.
Во однос на планот е повисока за 9.434,3 милиони МКД или 10,8%, главно како резултат на повисока состојба на вложувања во хартии од вредност.
Кредитната активност и во текот на 2020 година, иако ефектуирана од Ковид 19 пандемијата заради отежнатото работење и одложеното плаќање на обврските, беше значаен двигател и претставуваше поддршка за населението и компаниите.

Во активата, кредитното портфолио на небанкарскиот сектор е повисоко во однос на претходната година за 3.315,5 милиони МКД или 6,1% при што најзначаен е порастот на кредити на населението за 3.226,9 милиони МКД или 9,4%.
Во однос на планот, кредитното портфолио на небанкарски сектор е пониско за 2,2% од планираното за 2020 година. Кредитите на население се повисоки во однос на планот за 0,6% или 231,4 милиони МКД, додека кредитите кај нефинансиски правни лица се пониски за 6,9% или 1.493,8 милиони МКД. Вложувањата во хартии од вредност се повисоки од планираните за 6.483,2 милиони МКД или за 56,0%.

Во пасивата, во однос на претходната година беше остварен значителен раст на вкупната депозитната база од 6.901,6 милиони МКД, преку пораст од 13,7% кај депозитите на нефинансиски правни лица и 8,4% пораст кај депозитите од население. Гледано според рочната структура, порастот произлегува од пораст кај вкупните депозити по видување.

Обврските по кредити во однос на 2019 се намалија за 34,4%, додека во однос на планот се пониски за 58,0%, поради отплата на средства од кредитните линии преку Развојна банка на Република Северна Македонија и Македонска развојна фондација на претпријатија.

V. Продажни канали и дигитална трансформација

Ковид 19 кризата наметна потреба и можност од спроведување на активности кои дополнително го засилија процесот на дигитализација. Во услови на отежнатост на физичко присуство и ограничено движење на клиентите, интензивно беа промовирани придобивките и олеснувањата кои ги нудат дигиталните канали на Банката. Беа реализирани низа промотивни активности, креирани видео туторијали за користење на дигиталните канали, едукативни упатства за работа, како и адаптирање на продуктната понуда. Овие активности придонесоа кон засилена дигитализација и зголемување на бројот на активни дигитални корисници за 30.700 клиенти физички и правни лица, како и зголемување на учеството на електронските налози во вкупните налози за над 100% кај физички лица и над 2% кај налозите за правни лица. Исто така, во текот на годината беа воведени низа нови дигитални функционалности: *Плати сметка на пријател* и *Подели сметки* - функционалност со која може да се врши пренос на средства на сметка на корисници со едноставно одбирање на лицето од телефонската контакт листа. Промовиран беше и Мклик кредит - единствен онлајн кредит на пазарот со целосно дигитален и автоматизиран процес за аплицирање и исплата на кредит, а воведена беше и опција за ажурирање на личните податоци на клиентите преку решение на мКлик апликацијата.

Мрежа на експозитури

Главен канал за опслужување на клиентите и продажба на продукти и услуги на Банката е **мрежата на експозитури** (50 експозитури и 2 шалтери), преку која во 2020 година беа исплатени 58% од вкупниот број кредити на населението. Покрај кредити за населението, преку деловната мрежа на Банката се исплаќаа кредити за микро и мали претпријатија, се вршеа платни сервиси за физичките и правни лица, беше достапна услугата лично банкарство, а се вршеа и останати финансиски и советодавни услуги за клиентите на Банката.
Дополнително, во текот на 2020 година преку продажната мрежа успешно беа реализирани следниве активности: Јавната понуда и двата понудени мораториуми за клиентите кои имаа кредитна изложеност, поддршка за клиентите во владината мерка за изработка на државни платежни картички со цел финансиска поддршка на социјално загрозени категории клиенти, исплата на депонентите на Еуростандард банка и исплата на корисници на четвртиот сет мерки државна помош.
Во август 2020 година беше отворена нова експозитура во Скопје - Тафталиџе. Новата експозитура го опслужува сегментот население и правни лица нудејќи сеопфатни банкарски услуги, опремена по најсовремени технолошки и безбедносни стандарди, како и со 24-часовна самоуслужна зона со „Cash in“ банкомат. Во текот на 2020 година, беше затворена експозитурата Карпош 4.
И покрај вонредните околности заради Ковид 19 кризата, продажната мрежа во текот на целата 2020 година работеше без прекин со соодветно прилагодување на работното време на експозитурите и согласно мерките кои беа на сила. Применети беа соодветни превентивни мерки за заштита на здравјето и безбедноста на вработените и на клиентите на Банката, беше воспоставен ред на чекање, засилено обезбедување. На тој начин беше обезбеден континуитет во работењето и успешно опслужување на клиентите.

Кредитни посредници

Продажбата преку **кредитни посредници** е значаен канал за продажба на кредитни продукти, а Банката е единствена банка на пазарот која ја нуди оваа услуга со целосно автоматизиран процес, при што во текот на 2020 година остварена е продажба од 13.800 кредити или над 42% од вкупниот број на исплатени кредити на население во 2020 година. Во 2020 година овозможено е плаќање на манипулативниот трошок на рати преку негово вкалкулирање во ануитетот, односно отплаќање преку месечната рата.

Контакт центар

И во текот на 2020 година Контакт центарот имаше значајна улога во обезбедување на потребни информации и услуги на клиентите. Потребата од навремена и квалитетна услуга при ограничувања на движењата на клиентите како резултат на рестриктивните мерки заради Ковид 19 пандемијата ги интензивираше активностите на центарот.
Околу 50% од годишниот ангажман во 2020 година на сите вработени во **Контакт центарот** (влезни и излезни телефонски повици, индивидуална комуникација со клиенти преку електронска пошта, масовни СМС и телефонски кампањи) беше предизвикан од трите активности на Банката: пролонгирање на роковите на отплата на кредитните обврски на клиентите, воведувањето на домашната платежна картичка и масовното ажурирање на податоци на клиентите.
Останатиот ангажман беше за сите останати редовни активности на Контакт центарот во делот на опслужување на сите влезни и излезни повици со клиентите по различни прашања, управување со рекламациите, пофалбите и поплаките од клиентите; различните информативни, маркетинг и во помал обем наплатни СМС и кампањи спроведени преку електронска пошта. Забележан е зголемен ангажман во обработката на он-лајн апликациите за кредити и картички, како и во обработката на он-лајн барањата за мобилно банкарство.

Електронско и мобилно банкарство

Апликацијата за **мобилно банкарство НЛБ мКлик** беше збогатена со нови функционалности и нов кориснички интерфејс, правејќи ја истата поинтуитивна и сеопфатна, а во исто време и побезбедна. Во тој поглед, во 2020 година беа понудени низа нови услуги како што се *Плати на пријател* и *Подели сметка* – услуга која нуди брз и лесен трансфер на средства или споделување на сметка само со селектирање на лицата од листата на Контакти во телефонскиот именик. Беше воведен Мклик кредит – целосен on line и автоматизиран процес за аплицирање и исплата на потрошувачки кредити кој на мобилното банкарство му додава вредност и го издигнува како канал преку кој на клиентите ќе им биде овозможена сеопфатна понуда на сите банкарски продукти и услуги.
Во услови на Ковид 19 пандемија на пазарот, а согласно законските прописи, беше овозможено ажурирање на личните податоци на клиентите преку мобилната апликација. Дополнително, во текот на 2020 година се спроведуваа низа промотивни и едукативни активности за пренасочување на клиентите кон дигиталните канали. Со цел подобро запознавање на клиентите со дигиталните канали на Банката во услови на Ковид 19 пандемија, привремено беа укинати провизиите за физички лица за користење на мобилно банкарство и за реализација на налози преку електронско банкарство. Оваа мерка продуцираше зголемување на бројот на корисници на мобилното банкарство за околу 38% или над 44.000 корисници во 2020 година. Зголемениот број на корисници се одрази позитивно и на прометот и на бројот на електронски налози кој достигна пораст од над 100% во реализирани налози од физички лица.

АТМ и ПОС мрежа

Со цел да биде поблиску и подостапна до своите клиенти, Банката делуваше и во насока на обнова на својата АТМ мрежа, при што вкупниот број на банкомати на територијата на РСМ во 2020 изнесува 172 банкомати, од кои 90 се со функционалност за уплата на готовина (Cash in банкомати). Исто така, воведена е можност за бесконтактно подигнување на готовина, како дополнителна функционалност, при што во моментов оваа опција ја имаат 107 банкомати. Прометот преку **АТМ мрежата на Банката** во 2020 година достигна 40,4 млрд МКД (656,4 мил.ЕУР) или 2,0% повеќе во однос на 2019 година.
Прометот преку **ПОС мрежата на Банката** е зголемен за 24,7% споредено со 2019 година. Во текот на 2020 година Банката го продолжи трендот на проширување на ПОС мрежата со терминали кои овозможуваат бесконтактно плаќање. Исто така целокупната ПОС мрежа на Банката беше заменета со GPRS и LAN терминали, додека терминалите кои користеа Dial Up комуникациска мрежа беа целосно повлечени од терен. Заклучно со 31.12.2020 година, Банката располага со мрежа од 6.965 ПОС терминали.
Значителен пораст е остварен во работењето на **интернет платежната платформа** на Банката, при што бројот на трговци кои оствариле промет е пораснат за 57%, додека прометот споредено со 2019 година бележи раст од 174%. Во насока на дополнителна

заштита на корисниците на интернет платежната платформа Банката воведе **3-D Secure** протокол, кој обезбедува дополнително ниво на безбедност при онлајн плаќања.

VI. Работа со население

Активностите на Банката во текот на 2020 година беа прилагодувани на состојбата предизвикана од Ковид 19 пандемијата, иако во фокусот на работењето на Банката беше зголемување на пазарните учества, преку адаптирање на продуктната понуда во услови на Ковид 19 кризата, одржување на квалитетот на кредитното портфолио, овозможувањето на квалитетна и навремена услуга и дигитална трансформација на Банката и клиентите.

Кредити

Понудата на кредити во 2020 година беше збогатена со нови промотивни потрошувачки кредити со намалени каматни стапки, зголемени периоди на важност на фиксната каматна стапка од 35 месеци, како и зголемени максимални износи на кредити.
Кај станбените кредити, беа воведени промотивни станбени продукти наменети за примателите на плата и корисниците на услугата лично банкарство, при што за прв пат беше воведен рок на отплата од 35 години и период на фиксна каматна стапка од 10 години како и намалени каматни стапки.
Во 2020 година, беа воведени и промотивни хипотекарни кредити со намалени каматни стапки.
Следејќи ги актуелните трендови, а насочена кон дигитална трансформација, Банката во 2020 година го воведе НЛБ мКлик кредитот, кој претставува потрошувачки кредит кој се пласира преку мобилното банкарство, односно се карактеризира со целосно автоматизиран онлајн процес на одобрување на кредит и е наменет за клиенти кои се приматели на плата / пензија во Банката и кои се воедно корисници на НЛБ мКлик мобилното банкарство. Промовирањето на овој кредит претставува револуционерен и многу значаен чекор во процесот на дигитализација бидејќи на овој начин клиентите за прв пат имаат можност да аплицираат и да користат кредит целосно онлајн без никаква потреба од физичко присуство или посета на експозитура.
Во текот на 2020 беа воведени и посебни потрошувачки и станбени кредити за вработените во Банката со поповолни услови од стандардните, со цел да се подобрат придобивките за вработените и да се зацврсне лојалноста и чувството на припадност.

Покрај ова, беа воведени и наменски кредити за енергетска ефикасност од кредитната линија на EBRD за физички и правни лица, наменети за индивидуи кои поседуваат или живеат во куќа или стан во кој планираат да ја имплементираат инвестицијата и да постигнат енергетска ефикасност и намалување на расходи за електрична енергија/греење/ладење. Заедно со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), преку кредитната линија за правни лица Конкурентност +, НЛБ Банка овозможи поддршка на конкурентноста на микро, малите и средни претпријатија.
Во 2020 година беа понудени и нови поволности кај постојните продукти, кои имаа за цел поедноставување и скратување на процесите на одобрување. Во таа насока, беа спроведени повеќе кампањи за предодобрени пречекорувања на трансакциски сметки и за претселектирани потрошувачки кредити преку експозитурите на Банката. Со оглед на брзиот и едноставен начин на одобрување, без дополнителна документација и реализација на одлуката во моментот на продажба, а преку понуда прилагодена на секој поединечен клиент, ваквите кампањи резултираа со висок степен на успешност и задоволство кај клиентите.

Со цел полесно надминување и ублажување на негативните ефекти предизвикани од пандемијата на Ковид 19, Банката презеде посебни мерки за поддршка на сите свои клиенти, физички лица преку посебни услови за олеснување на отплатата на сите кредитни изложености: кредити, лимити на кредитни картички и на трансакциски сметки.
За оваа цел, беше доставена понуда до сите физички лица - клиенти на Банката (вклучително и пензионери), кои имаат кредитни изложености кои на 29.02.2020 година се класифицирани во категорија на ризик А, Б или В и немаат статус на нефункционална кредитна изложеност, со која се овозможи одложување за плаќањето на месечните обврски за кредити и кредитни картички за период до 6 месеци, а најдоцна до 30.09.2020 година.

Понудата за одложување на кредитните обврски ја прифатија близу 70% од клиентите со кредитна изложеност, односно одложено беше 62% од кредитното портфолио за кредити и 60% од портфолиото на кредитни картички.
Со оглед на продолжените несакани ефекти на пандемијата Ковид 19 врз економијата, како и врз физичките лица, банките на ниво на Македонска банкарска асоцијација и во консултација со НБРСМ обезбедија и ново дополнително одложување, но само за физичките лица кои имаат реална, валидна и неопходна потреба: останале без работа, имале намален месечен приход, имале високи медицински трошоци, итн.
Понудата овозможуваше ново продолжување за период од 6 месеци, а најдоцна до 31.03.2021 година, за сите кредитни изложености (кредити, кредитни картички и пречекорувања на трансакциски сметки) на корисниците на кредитни изложености кои се засегнати од последиците од пандемијата Ковид 19, без разлика на тоа дали клиентите веќе користат одложување на плаќањето или таквата можност би ја користеле по прв пат.
Втората понуда за одложување на кредитните обврски ја прифатија 2,13% од клиентите кои ги исполнуваа условите и беше одложено 8,03% од вкупното кредитно портфолио за кредити и кредитни картички.

Кредитното портфолио на население на годишно ниво е зголемено за 9,4%, односно за 3.307,0 милиони МКД и изнесува 38.671,9 милиони МКД, при што најголем раст од 15,9% во споредба со 2019 година е остварен кај станбените кредити, а 6,2% раст е остварен кај потрошувачките кредити.
Учеството на бруто кредитите на население во вкупните бруто кредити на Банката пласирани кај небанкарскиот сектор во 2020 година достигна 61,6% (2019: 59,5%).

Графикон 2. Учество на поединечни кредитни продукти во вкупното кредитно портфолио на население



*вклучени се само кредитите исплатени на резиденти – физички лица, без самостојни вршители на дејност

Заклучно 31.12.2020 година, Банката оствари **пазарно учество** од 20,8% (2019:20,5%). Анализирано по кредитни продукти порастот на пазарното учество е резултат на порастот на станбените кредити и лимити на кредитни картички.
Во текот на годината Банката применуваше претпазлив пристап во одобрувањето на кредитните изложености што придонесе квалитетот на кредитното портфолио да биде стабилен во текот на годината. Паралелно со наплатните активности на Контакт центарот, се користеа и услугите на наплатните агенции за т.н. масовни продукти (потрошувачки кредити и кредитни картички), што влијаеше на одржување на ниско учество на **нефункционалните кредити** во вкупното кредитно портфолио. Од вкупната кредитна изложеност кај населението 1,45% се нефункционални побарувања (2019:1,6%).

Графикон 3. Структура на кредити на население

*Кредитите со валутна клаузула се вклучени во девизни кредити

Депозити

Порастот на депозитната база остварен во 2020 година генерално е резултат на зголемувањето на бројот на клиенти - приматели на плата во Банката, како и на зголемувањето на бројот на пензионери на Банката.
Растот на депозитите во услови на континуирано намалување на каматните стапки е пред сè резултат на порастот на бројот на трансакциските сметки, а со тоа и на депозитите по видување, додека орочените депозити забележуваат пад од 7,5% во однос на претходната година.
Иако, во текот на годината структурата на депозити се промени во корист на депозитите по видување, Банката одржува балансирана рочна позиција на депозитите придонесувајќи за стабилни извори на финансирање на кредитната активност.
Каматните стапки на депозитите беа намалени неколку пати, во распон од 0,01% до 0,4%.
Беше воведено месечно одредување на каматните стапки за новоотворени долгорочни варијабилни депозити врзани за НРКС, при што секој новоотворен варијабилен депозит добива каматна стапка засметана врз НРКС важечка за месецот кога е отворен депозитот.

Депозитите на населението во однос на 2019 година се зголемени за 8,4% или за 4.444,4 милиони МКД и изнесуваат 57.325,5 милиони МКД.
Учеството на депозитите од население во вкупните депозити од небанкарскиот сектор кај Банката за 2020 година изнесува 72,2% (2019: 73,2%).
Односот **кредити/депозити** од население изнесува 67,5% (2019: 66,9%).
Пазарното учество на депозити на население на 31.12.2020 изнесува 19,9% (2019: 19,1%).

Графикон 4. Структура на депозити на население



Картично работење

Фокусот на Банката во текот на годината беше исполнување на целта за задржување на водечката позиција на пазарот во делот на **картично работење** преку зголемување на прометот преку картички, бројот на издадени картички, проширување на мрежата на ПОС терминали како и подобрување на функционалностите на АТМ мрежата. Активностите беа насочени кон збогатување на функционалностите на постојните картични продукти, со цел зголемување на бројот на корисници и активацијата на картичките и зголемување на обемот на користење на платежните картички на Банката.
Со цел зголемена активација и користење на картичките, Банката реализираше промотивни кампањи со удвојување на повратот на средства кај Mastercard Happy картичките или со одредено наградување на имателите на картичките. Беа спроведени две кампањи со Visa и Mastercard насочени за поддршка на економијата погодена од Ковид 19 и за поддршка на онлајн наставата. Во рамките на кампањата реализирана со Visa картичките беа доделени парични ваучери на корисниците на Visa картичките кои имаат можност да ги искористат за купување на продажни места од бизнисите кои беа претрпеа негативни ефекти од кризата. Во рамките на Mastercard кампањата беа доделени 30.000 ЕУР кои по пат на јавно гласање ќе бидат наменети за обезбедување на потребна опрема (лаптопи) за спроведување на онлајн наставата за деца од социјално загрозени семејства.
За помош на најпогодените категории од населението, Банката беше учесник во проектот предводен од Владата на РСМ за издавање на ДПК – Домашна платежна картичка, пришто Банката успешно издаде и достави до крајните корисници повеќе од 105.000 картички. Доставата на картичките беше спроведена директно на домашна адреса на корисниците. Беа спроведени кампањи за продажба на нови картички и зголемување на лимити на кредитни картички преку АТМи.

Останати услуги на Банката

Лично банкарство е посебна понуда на Банката која на клиентите им овозможува првокласен третман во извршување на банкарските услуги, флексибилност и поедноставна комуникација преку личен банкар.
Во текот на 2020 година, услугата лично банкарство за физички лица се нудеше во 42 експозитури, а вкупниот број на клиенти физички лица кои ја користеа услугата во 2020 година се зголеми за 1,1%.

Значаен дел во широката понуда на Банката има **НЛБ Банкоосигурувањето** или продажбата на осигурителни полиси за животно и неживотно осигурување.
Во 2020 година, Банката продолжи активно да работи на унапредување на продажбата на осигурителни полиси прилагодувајќи ја продуктната понуда согласно ситуацијата предизвикана од Ковид кризата. Со цел зголемување на продажбата, во делот на вкрстена продажба на ризико полиси за животно осигурување со кредит се воведе опција за плаќање на понизок износ (не помалку од 50%) на премија за ризико полисите. Се воведоа и различни типови на дополнителни осигурувања (од незгода, малигни болести, оперативни зафати и др.) со ризико полисите со кредити. Воедно, како дел од понудата беше и животно осигурување со штедна компонента врзано со кредит, продукт кој активно ќе биде вклучен во понудата на Банката од 2021 година, како и осигурување и на кокредитобарателот.

И покрај ситуацијата со пандемијата од Ковид, значителни резултати се постигнаа преку **вкрстената продажба** на кредитни и осигурителни продукти од неживотно осигурување од незгода за секој потрошувачки, станбен, хипотекарен и автомобилски кредит, како и домаќинско осигурување со широки покритија, како задолжително осигурување за секој имот кој претставува обезбедување за пласираните станбени и хипотекарни кредити.

VII. Работа со правни лица

Работењето со правни лица[3] како значаен носител на приходите на Банката, опфаќа: краткорочни денарски и девизни кредити за тековни потреби, краткорочни денарски и девизни кредити за поддршка на извозни аранжмани, револвинг кредити, долгорочни денарски и девизни кредити за финансирање инвестициони проекти на мали и средни претпријатија, автомобилски кредити, наменски кредити за изградба на станбен и деловен простор, комисиони кредити, акредитивно и гаранциско работење, депозитно работење, услуги на платен промет во земјата и странство и услуги на пренос и чување на готовина. Понудата за правни лица во Банката се спроведува централизирано, по моделот на интегрирано управување на односите со комитентите - за големите корпоративни комитенти на Банката и дисперзирано, преку Продажната мрежа - за малите и средни претпријатија, додека услугите во платниот промет за корпоративните клиенти се вршат преку Продажната мрежа на Банката, Секторот за работа со готовина и депо и преку електронските канали.

Зад добрите резултати во сегментот на работа со правни лица во 2020 година е пред сè подготвеноста на Банката да пружи поддршка на компаниите и во услови на економска и здравствена криза која беше дел од нашето секојдневие во текот на годината. Беа реализирани бројни продажни активности и пазарни иницијативи преку кои на малите и средни претпријатија и големите компании им беа понудени кредитни продукти за долгорочни инвестициски проекти и обртен капитал, можност за краткорочно и брзо финансирање преку дозволен лимит на трансакциска сметка, 24-часовни платежни услуги преку електронските канали на Банката, управување со готовината, финансиски услуги и советување за корпоративни клиенти активни на регионалните пазари каде што е присутна НЛБ Групацијата, финансиски бенефиции за извозно-ориентираните компании, како и советодавни услуги за трансакции на пазарот на капитал.

Продукти и пазарни учества

Кредити

Во доменот на **кредитирање**, активностите беа насочени кон зголемување на фокусот на работење со мали и средни претпријатија, каде постои висока апсорпциона моќ, поголема дисперзија на ризикот и основа за остварување повисоки каматни и некаматни приходи, пред сè со цел одржување и зголемување на пазарните позиции.
Во текот на 2020 година, беа промовирани нови продукти за правни лица, од кои неколку во вид на пакет кредитни продукти за корисниците:

- "Конкурентност +" - од кредитната линија од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за поддршка на конкурентност на мали и средни претпријатија (SME Competitiveness Support Programme – Republic of North Macedonia under Financial Intermediaries Framework)

Со цел зголемување на атрактивноста на понудата, периодично, во рамки на промотивни кампањи беа понудени пониски каматни стапки за одредени продукти за мали, средни и големи претпријатија, кои се одобруваа без провизија во промотивниот период. Во оваа насока, беа спроведени следните промотивни кампањи:

- Промотивна кампања за одобрување на Overdraft - дозволено пречекорување на сметка на правни лица во периодот од 10.10.2020 до 31.12.2020 година, со цел поголем пласман на кредити и соодветен одговор на понудата на конкурентските банки како и дополнително стимулирање на кампањата за Master Business картички, во рамките на која сите кредити се одобруваа без провизија.
  Каматните стапки во текот на годината беа прилагодувани на пазарните услови со цел доближување на понудата на Банката до клиентите како и излегување во

[3] Правните лица вклучуваат приватни и јавни претпријатија, непрофитни институции кои им служат на домаќинствата, останати финансиски институции (без банки и штедилници), централна власт, фондови и единици на локална самоуправа

пресрет на нивните потреби за полесно надминување на економската криза предизвикана од Ковид 19 пандемијата.

- Предодобрени кредити за друштва со Б и подобар рејтинг согласно финансискиот капацитет, Политиката за одобрување на пласмани и pre-scoring моделот.

- Врз основа на донесени уредби со сила на закон од страна на државата, во текот на 2020 година се спроведоа и мораториуми - одложување на плаќање на обврски по кредити кај правни лица, со цел олеснување на негативните ефекти и последици од светската пандемија предизвикана од Ковид 19 врз реалниот сектор.

На 31.12.2020 година, **пласманите кај правните лица** изнесуваат 24.119,2 милиони МКД, што претставува годишен раст за 0,2% односно за 54,5 милиони МКД како резултат на зголемување на пласманите кај приватните претпријатија во текот на годината.

Во 2020 година учеството на нефункционалните пласмани во вкупните кредити кај правни лица се зголеми на 8,5% (2019: 8,3%), како резултат на пренос на неколку корпоративни клиенти во нефункционални.
Учеството на бруто кредитите на правните лица во вкупните бруто кредити кај небанкарски сектор изнесува 38,4% (2019:40,5%).

Графикон 5. Структура на кредити на правни лица

Депозити

Во доменот на **депозитното работење**, понудата за корпоративните клиенти беше претставена преку денарски и девизни депозитни продукти со различни можности за орочување и каматни стапки. Во 2020 година не беше извршена промена на каматните стапки на депозитите на правни лица.

Депозитите на правни лица на годишно ниво изнесуваат 22.083,0 милиони МКД и се повисоки во споредба со 2019 година за 2.705,1 милиони МКД или 14,0% главно како резултат на повисоки состојби на жиро сметки и депозити по видување на приватни претпријатија.
Учеството на депозитите од правни лица во вкупните депозити од клиенти на Банката во 2020 година изнесува 27,8% (2019: 26,8%).

Графикон 6. Структура на депозити на правни лица



Односот **кредити (бруто)/депозити** од правни лица изнесува 109,2% (2019:124,2%).

Што се однесува до **пазарните удели**, пазарното учество кај кредитите на нефинансиските правни лица изнесува 14,2% заклучно 31.12.2020 година (2019:14,4%) додека кај депозитите беше остварен пораст на пазарното учество за 0.6 п.п. со учество од 16,3% (2019: 15,7%).

Платен промет во земјата и странство[4]

Во делот на **домашниот платен промет**, во 2020 година остварен е вкупен промет од 919,4 млрд. МКД (989,7 млрд. МКД за 2019 година).

Во 2020 година, остварен е **девизен платен промет со странство** во износ од 2,3 милијарди ЕУР или за 1,8% помалку во однос на 2019 година, како резултат на намален промет кај ностро дознаките од правни лица.

Табела 9. Дознаки

	01.01.-31.12.2019	01.01.-31.12.2020	Промена 2020/2019	
Ностро дознаки				
Промет (во мил.ЕУР)	1.235,2	1.164,9	-70,3	-5,7%
Физички лица	27,7	33,3	5,6	20,3%
Правни лица	1.207,5	1.131,5	-76,0	-6,3%
Број на ностро дознаки	68.784	64.762	-4.022	-5,8%
Физички лица	7.950	7.958	8	0,1%
Правни лица	60.834	56.804	-4.030	-6,6%
Лоро дознаки				
Промет (во мил.ЕУР)	1.153,6	1.181,1	27,5	2,4%
Физички лица	101,9	112,8	10,9	10,7%
Правни лица	1.051,7	1.068,3	16,6	1,6%
Број на лоро дознаки	123.091	127.343	4.252	3,5%
Физички лица	62.126	69.698	7.572	12,2%
Правни лица	60.965	57.645	-3.320	-5,4%

Останати услуги на Банката

Банката учествува во меѓународните плаќања преку издавање документарни инструменти за своите клиенти. И во 2020 година, Банката одобруваше **банкарски гаранции и акредитиви** согласно потребите на клиентите. Во 2020 година, Банката има издадено гаранции во износ од 5.195,3 милиони МКД, што е за 32,9% помалку во однос на 2019 година. Отворените акредитиви се во вредност од 1.642,4 милиони МКД и се за 1,2% пониски од 2019 година.

[4] Во податоците за вкупниот платен промет влегуваат и трансакциите од физички лица

Табела 10. Документарно работење

	01.01.-31.12.2019	01.01.-31.12.2020	Промена 2020/2019	
Гаранции				
Вредност на нови (во мил.МКД)	7.745,6	5.195,3	-2.550,3	-32,9%
Број на новоиздадени	3.589	3.040	-549	-15,3%
Акредитиви				
Вредност на нови (во мил.МКД)	1.662,3	1.642,4	-19,9	-1,2%
Број на новоиздадени	298	268	-30	-10,1%

Падот кај документарните инструменти е резултат на помал број на примени лоро гаранции, како и издадени ностро гаранции на помали износи споредено со гаранциите издадени во 2019 година.

Банката врши услуги за потребите на други правни лица од областа на **управување со готовина**: превоз на готовина и вредносни пратки, обработка на домашна и странска валута, трансфер на странска ефектива во странски банки, чување на готовина и хартии од вредност, депо услуги, купопродажба на домашна и странска ефектива, опслужување банкомати за други деловни банки, снабдување со денарска готовина во замена за странска ефектива за менувачница, преземање на дневен пазар од просториите на правните лица и превоз до Банката, обработка на банкнотите и монетите и уплата на трансакциската сметка на правното лице.
Во 2020 година и покрај специфичните услови на пандемија предизвикани од Ковид 19, Трезорот на Банката, успешно се избори со настанатите предизвици, обезбеди континуитет во работењето како за експозитурите така и за своите клиенти, со што успешно ја одигра својата системска значајност и ги амортизираше негативните последици.
Во текот на 2020 година, остварен е бруто промет на Централниот трезор на Банката во износ од 4,2 млрд.МКД, што претставува намалување од 19% во однос на 2019 година. Намалувањето на работењето се должи на негативниот ефект од Ковид 19 пандемијата која предизвика намалување во сите сегменти – денарски и девизни одводи и дотации. Пораст е остварен само во делот на банкоматското работење.
Во делот на работа со правни лица (прибирање ефектива од локациите, превоз, обработка и уплата на трансакциските сметки), Банката ја прошири соработката со едно ново правно лице. Учеството во обработката на дневен пазар од правните лица од страна на Централниот трезор на Банката изнесува 42% просечно за цела 2020 година.

VIII. Финансиски пазари

Управување со ликвидноста

Во текот на 2020 година, Банката управуваше со денарската и девизната ликвидност согласно законските и подзаконските акти коишто го регулираат управувањето со ликвидносен ризик и актите коишто важат на ниво на НЛБ Групација, притоа почитувајќи ги дефинираните регулаторни и интерни лимити за изложеност кон ликвидносниот ризик.

Должнички хартии од вредност на НЛБ Банка 31.12.2020

12.557 мил.МКД номинална вредност во должнички ХВ

1.694 мил.МКД благајнички записи

52,8 мил.ЕУР во Еврообврзници

Слободните средства се пласираа во хартии од вредност издадени од државата и од НБРСМ на домашниот и странскиот пазар на капитал, на меѓубанкарскиот пазар на депозити, како и преку монетарните инструменти на НБРСМ. Видот, начинот и инструментите кои се користени за пласирање на вишокот средства се утврдени во зависност од тековната и очекувана рочна структура на средствата и обврските на краток и долг рок, ризикот на инструментите и движењата на каматните стапки на пазарите на пари и хартии од вредност.

Обврската за издвојување на задолжителната резерва на Банката во денари и во девизи се исполнуваше на редовна основа во периодот од 01.01.-31.12.2020. Показателите за структурна ликвидност, вклучувајќи ги и показателите согласно Basel III - LCR (Liquidity Coverage Ratio) и NSFR (Net Stable Funding Ratio), во текот на 2020 година се одржуваа над пропишаните минимални нивоа, што укажува на континуирано стабилна и висока ликвидна позиција на Банката во текот на целата година.

На меѓубанкарскиот пазар на депозити, Банката се јавуваше како продавач или купувач во зависност од дневните потреби на средства, како и во зависност од стратегијата и начините за управување со ликвидноста во одреден период.

Во текот на 2020 година, Банката вложи и во државни хартии од вредност издадени на меѓународниот пазар на капитал – Еврообврзници во вкупен номинален износ од 22,8 милиони ЕУР.

Кредитни извори на финансирање

Во текот на 2020 година, Банката продолжи со континуирано следење и сервисирање на обврските по склучените кредитни аранжмани со домашните и странските кредитори, како и повлекување нови средства за финансирање на инвестициони проекти и за обртни средства. Во текот на годината, по одделни кредитни линии се отплатени 329 милиони МКД, а повлечени се средства во вкупен износ од 95 милиони МКД, по што состојбата на кредитните обврски на Банката на 31.12.2020 година се намали за околу 34% во однос на претходната година.
Во септември 2020 година, Банката склучи Договори со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), за кредитни линии кои овозможуваат финансиски стимулации за клиентите кои успешно ќе ги имплементираат проектите, и тоа:
- долгорочен кредит на износ од 3 милиони евра, наменет за енергетска ефикасност во резиденцијалниот сектор во Западен Балкан (Western Balkans Green Economy Financing Facility – WB GEFF – Residential);
- долгорочен кредит на износ од 5 милиони евра, наменет за поддршка на конкурентност на мали и средни претпријатија (Regional Small & Medium-sized Enterprises Competitiveness Support Programme).

Во 2020 година, повлечени се средства од следните кредитни линии:

- Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) – две транши од кредитната линија Western Balkans Green Economy Financing Facility – WB GEFF – Residential во вкупен износ од 0,6 милиони ЕУР (37,0 милиони МКД), наменети за понатамошно финансирање на енергетски ефикасни проекти во резиденцијалниот сектор односно за приватни лица или групи на приватни лица, здруженија за домување и друштва за управување со станбени објекти, даватели на услуги (вклучувајќи и ESCO), продавачи и производители;
- Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) – две транши од кредитната линија Regional Small & Medium-sized Enterprises Competitiveness Support Programme во вкупен износ од 0,88 милиони ЕУР (54,8 милиони МКД), наменети за понатамошно финансирање на инвестиции на прави лица во индустриски објекти, опрема, софтвер, унапредување на менаџмент системите на претпријатието или општа надградба која е креирана за унапредување на една или повеќе Директиви на ЕУ во областа на заштитата на животната средина, безбедноста на вработените и квалитетот и безбедноста на производите, како и инвестиции во технологии со високи перформанси;
- Земјоделски кредитен дисконтен фонд (ЗКДФ) (кредитна линија аранжирана преку Развојна Банка на Северна Македонија) за финансирање проекти од сегментот примарно производство, преработка на земјоделски производи и трговија со земјоделски производи во износ од 3,1 милиони МКД.

Комисионо работење

Во текот на 2020 година, Банката продолжи со спроведување на проектот "Самовработување со кредитирање", како активна мерка за самовработување која се спроведува од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, по склучен договор со Развојна банка на Северна Македонија од мај 2008 година.

Во текот на целата година, Банката посредуваше во финансирањето со средства од Македонска развојна фондација за претпријатија, Земјоделски кредитен дисконтен фонд и останати институции во склучување нови договори за комисиони кредити и депозити, како и сервисирање на постоечките.

Девизен пазар

Во 2020 година Банката оствари вкупен промет на девизниот пазар во државата од 2.446 милиони УСД (2019: 2.682, милиони УСД) реализиран преку 71.139 трансакции (2019: 85.172), што претставува намалување на прометот за 8,80%. Најголем дел од прометот на Банката на девизниот пазар се однесува на купопродажба на евро валута, со процентуално учество од 58,56% кај купувањето и 88,82% кај продажбата. Пазарното учество на Банката на девизниот пазар заклучно со 31.12.2020 година изнесува 24,89%.
Во услови на зголемена конкуренција и зголемен број на учесници во тргувањата, Банката и понатаму е лидер на пазарот во потсегментот тргување со девизи од овластени менувачи.
Во 2020 реализиран е откуп во износ од 429 милиони ЕУР (2019: 698 милиони ЕУР) што претставува 61,50% од вкупно извршениот откуп на девизи од овластени менувачи од страна на банките во државата.
Склучени се 2 нови договори со клиенти за нивно користење на електронска Платформа за тргување на девизниот пазар, со што вкупниот број на клиенти кои ја користат Платформата заклучно со 2020 година изнесува 74.

На меѓубанкарскиот девизен пазар, Банката и во 2020 година успешно ја извршуваше улогата на овластен поддржувач на пазарот, преку активно учество со стабилни котации и на страната на понудата и на страната на побарувачката. Во 2020 година Банката реализираше учество од 35,89% во вкупниот промет на меѓубанкарскиот девизен пазар во државата.

На меѓународниот девизен пазар беа истргувани 997,5 милиони ЕУР (2019: 1.510 милиони ЕУР) преку 8.762 трансакции на купопродажби (2019: 11.995).

Тргување со хартии од вредност за сметка на клиенти на Банката

Во 2020 година, Банката за сметка на клиентите запиша 20.891,5 милиони МКД државни хартии од вредност, што претставува намалување од 2,63% во однос на 2019 година кога е запишан износ од 21.456,8 милиони МКД. Од вкупниот износ 23% (4.821,0 мил. МКД) се остварени при аукцирање со државни обврзници, а 77% (16.070,5 мил МКД) при аукцирање со државни записи.

Старателски и брокерски услуги

Старателски услуги

Во текот на годината, Банката вршеше старателски услуги за инвестициски и пензиски фондови, за нерезиденти кои тргуваат на македонскиот пазар на хартии од вредност и за домашни клиенти кои инвестираат во странски хартии од вредност.

Како банка чувар на имот Банката врши услуги на два пензиски фондови, а како депозитарна банка на четири инвестициски фондови.

Вкупните приходи кои Банката ги оствари од инвестициските фондови во 2020 година изнесуваа 2 милиони МКД што е идентично со приходите остварени во 2019 година, додека пак вкупните приходи од пензиски фондови остварени во 2020 година изнесуваа 15,3 милиони МКД и претставува пораст од 44% во однос на 2019 година (2019:10,6 милиони МКД).

Бројот на трансакциите на клиентите под старателско работење во текот на 2020 год. изнесува 2.840.

Фондови низ бројки

Инвестициски фондови

484 мил. МКД вкупни средства

Пензиски фондови

41.653 мил.МКД вкупни средства

Графикон 7. Средства и приходи од фондови

Брокерски услуги

Вкупниот промет на Македонската берза во 2020 година достигна 8,2 млрд.МКД што претставува зголемување од 6,6% во споредба со претходната година како резултат на раст кај класичното тргување за 42,1%.

Доминантно учество во тргувањето во 2020 година и на куповна и на продажна страна, имаа домашните правни и физички лица.

Пазарното учество на Банката во вкупниот промет на Берзата изнесува 8,05% што претставува пад од 2,49 п.п. (2019:10,54%). Според остварениот промет со блок трансакции, остварен е пад на пазарното учество кое за 2020 година изнесува 3,55% (2019: 17,36%).
На ранг - листата на пазарни учества на берзанските членки, според учеството во вкупното тргување Банката е четврто рангирана.

Македонска берза
31.12.2020

Вкупен промет на МБ: 8,2 млрд. МКД

Пазарно учество на Банката: 8,05%

По воведување на услугата тргување со хартии од вредност и чување со хартии од вредност на странски пазари, интересот за услугата особено од месец март, доживеа голем подем. Заклучно со декември, близу 150 клиенти имаат потпишано договор со Банката за овие услуги. Остварен е вкупен промет од 537,8 мил. МКД (2019: 81,7 мил. МКД), и приходи по основ на тргување во износ од 4,5 мил. МКД. Вкупната вредност на портфолиото во странски хартии од вредност, кое Банката го чува за сметка на клиентите со состојба 31.12.2020 изнесува 229,9 мил.МКД (2019: 51,7 мил. МКД).

Странски пазари
31.12.2020

Вкупен промет: 537,8 мил.МКД

Вредност на портфолио на странски ХВ: 229,9 мил. МКД

Во текот на 2020 година Службата за услуги со хартии од вредност посредуваше во две постапки на преземање на акционерски друштва, при што едната заврши со успешен squeeze out преку која преземачот се стекна со 100% од акциите на целното друштво. Службата посредуваше и во една постапка на издавање на акции преку јавна понуда во вкупна вредност од 73,8 мил.МКД, при што сите понудени акции беа успешно запишани.

IX. Управување со ризици

Банката применува високо-конзервативна политика на антиципирање на ризиците во работењето, преку одржување ефикасен систем на интегрирано управување со ризиците. Тоа овозможува да оствари висока наплатливост на пласманите, задоволително ниво на капитална адекватност, заштита од непредвидени случувања и евентуални закани за неостварување на планираната политика. Во текот на годината, Банката ја ревидираше Стратегијата за преземање и управување со ризиците и политиките од областа на управување со ризици и направи усогласување со Стандардите за управување со ризици усвоени од НЛБ д.д.

Управување со кредитен ризик и квалитет на кредитното портфолио

Управувањето со кредитниот ризик вклучува постојана анализа на кредитното портфолио на Банката, во поглед на секторската диверзификација и концентрацијата на портфолиото, анализа и оценка на финансиските перформанси на клиентите, следење на редовноста во исполнувањето на обврските од клиентите и примена на задоволително ниво на резервации за пласманите.

Вкупната изложеност на Банката (портфолио на кое се пресметуваат резервации), во 2020 година се зголеми за 8.999,0 милиони МКД и изнесува 79.679,7 милиони МКД (2019: 70.680,7 милиони МКД).

Учеството на А и Б пласманите во вкупното портфолио на кое се пресметуваат резервации на крајот на 2020 година изнесува 95,3% (2019: 94,8%).

Учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити во 2020 година е 4,2% (2019: 4,3%).

Стапката на покриеност на пласманите со издвоени резервации е намалена за 0,7 п.п. и изнесува 6,4% (2019: 7,1%).

Покриеноста на пласманите класификувани во В, Г и Д ризична категорија со вкупно издвоените резервации изнесува 136,9% (2019: 136,8%).

Кредитно портфолио 31.12.2020

Портфолио на кое се пресметуваат резервации: 79.679,7 мил.МКД

Учество на А и Б пласмани: 95,3%

Учество на нефункционални кредити:4,2%

Покриеност со резервации: 6,4%

Покриеност на В,Г и Д пласмани: 136,9%

Банката во текот на 2020 година, со цел надминување негативните последици од Ковид 19, а во согласност со измените на регулативата, одобри одлагање на обврските по основ на кредитна изложеност на правни и физички лица кои ги исполнуваа дефинираните услови.

Управување со некредитни ризици

Банката има воспоставено политики за следење на некредитните ризици. Во Банката се следат и управуваат ликвидносен, валутен, каматен, оперативен, правен, стратегиски и репутациски ризик, а истовремено се следи и управува сигурноста на информативниот систем.

Управување со ликвидносен ризик

Во 2020 година, изложеноста на ликвидносен ризик се следеше на редовна основа. Оперативната и структурната ликвидност се движеше во рамките на утврдените лимити и нивоа на предупредување.

Во текот на 2020 година, на месечна основа беа спроведени стрес-тестови на изложеноста на Банката на ликвидносен ризик, кои укажуваат на висока и стабилна ликвидносна позиција на Банката. Согласно резултатите од спроведеното стрес-тестирање на ликвидносниот ризик, Банката има доволно CBC (counterbalancing capacity) и приливи за да ги покрие одливите и да преживее период од 3 месеци во услови на adverse комбинирано стресно сценарио; при тоа Банката реализира ликвидносен вишок.

Ликвидносната позиција во текот на 2020 година овозможуваше навремено и непречено сервисирање на обврските на Банката.

Управување со валутен ризик

Управувањето со валутниот ризик се однесува на постојано следење на нето изложеноста на Банката по одделни валути и агрегатно, притоа одржувајќи оптимално ниво на потребни средства со купување и продажба на девизи.
Изложеноста на Банката на валутен ризик се следи на дневна основа со следење на реализацијата во однос на поставените лимити по одделна валута и на агрегатна основа. Во текот на 2020 година, Банката се придржуваше кон поставените лимити за валутен ризик (лимит: +/- 30% од основниот капитал).
Вкупната отворена девизна позиција пресметана на нето основа, на 31.12.2020 година, претставува долга позиција во износ од 1.128 милиони МКД, односно 11,33% од основниот капитал на Банката.
Најголем дел од отворената девизна позиција потекнува од позицијата во ЕУР валута која е долга позиција и изнесува 1.066 милиони МКД односно 10,71% од основниот капитал на Банката.
Во 2020 година, на полугодишна основа беа спроведени стрес-тестови на изложеноста на Банката на валутен ризик, при што со примена на најконзервативното сценарио адекватноста на капиталот е на стабилно и на задоволително ниво.

Управување со каматен ризик

Показатели на каматен ризик 31.12.2020

EVE (Economic Value of Equity): 4,42%

NII индикатор: 4,44%

Вкупна пондерирана актива /Сопствени средства: 16,0%

Активностите на Банката во однос на управувањето со каматниот ризик се однесуваат на оптимизација на економската вредност на капиталот и нето каматните приходи во однос на промената на пазарните каматни стапки, кои се конзистентни со деловната стратегија на Банката.

Од аспект на сензитивноста на економската вредност на капиталот, Банката ја следи изложеноста на каматен ризик со примена на новата Методологија за управување со каматен ризик, која подразбира: нова методологија за пресметка и распределба на ’Core’ депозитите по видување, каде истите се распределуваат во соодветни рочни блокови, во период од десет години; нови елементи во управувањето со каматен ризик (нефункционална изложеност, вонбилансна иложеност, стапка на предвремено враќање на кредити и автоматски опции) и нови регулаторно пропишани сценарија (паралелен шок нагоре +200бп/400бпМКД; паралелен шок надолу -200бп/400бпМКД; стрмен шок; надолен шок; шок на краткорочни стапки нагоре и шок на краткорочни стапки надолу). Вкупната изложеност на Банката на каматен ризик ја претставува најголемата негативна вредност на EVE (Economic Value of Equity) показателот од шесте регулаторно пропишани сценарија. Вкупната изложеност на Банката на каматен ризик, на 31.12.2020 година изнесува 440 милиони МКД, односно 4,42% од основниот капитал на Банката, врз основа на вредноста на EVE показателот во сценариото паралелен шок нагоре +200бп/400бпМКД.
Од аспект на сензитивноста на нето каматните приходи, Банката го мери влијанието на промената на каматните стапки врз нето каматниот приход за период од една година, под претпоставка за паралелно зголемување на пазарните каматни стапки за 100 базични поени. Показателот за сензитивноста на нето каматните приходи на Банката (NII индикаторот), на 31.12.2020 година изнесува 211 милиони МКД, односно 4,44% од сопствените средства на Банката.

Согласно новата Методологија за управување со каматен ризик, Банката ја пресметува и следи изложеноста на “credit spread” ризикот (CSRBB), кој претставува ризик од промена на вредноста на должничките хартии од вредност како резултат на промени на кредитната маргина на пазарот. Изложеноста на Банката на “credit spread” ризикот (FV-OCI портфолио), на 31.12.2020 година изнесува 133 милиони МКД, односно 1,34% од основниот капитал на Банката; изложеноста на Банката на “credit spread” ризикот (FV-OCI и AC портфолио), на 31.12.2020 година изнесува 441 милиони МКД, односно 4,44% од основниот капитал на Банката.

Показателот Вкупна пондерирана вредност/Сопствени средства, во текот на целата 2020 година беше во рамките на пропишаниот лимит од 20% од сопствените средства на Банката, во согласност со Одлуката на НБРСМ за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности. Показателот Вкупна пондерирана вредност/Сопствени средства, на 31.12.2020 година изнесува 16,00% од сопствените средства на Банката.
Врз основа на месечно следење на исполнувањето на лимитите за изложеност на каматен ризик, утврдено е дека во текот на 2020 година, пресметаните BPV и CSRBB показатели, NII индикаторот и сите останати показатели дефинирани во Политиката за управување со каматен ризик се во рамките на пропишаните лимити.

Во 2020 година, на месечна основа беа спроведени стрес-тестови на изложеноста на Банката на каматен ризик, во рамките на пропишаните сценарија согласно Методологијата за управување со каматен ризик. Притоа, добиените резултати од спроведените стрес-тестирања укажуваат на ниска чувствителност на Банката на промените на пазарните каматни стапки. Изложеноста на Банката на каматен ризик е на стабилно умерено ниво.

Управување со оперативен ризик

Управувањето со оперативните ризици подразбира систем за евидентирање, следење, контрола и справување со потенцијални и реални штетни настани кои потекнуваат од тековното работење на Банката или од надворешните фактори и имаат негативен ефект врз финансискиот резултат.
Во текот на 2020 година, Банката ја ревидираше Политиката за управување со оперативните ризици согласно која Комисијата за оперативни ризици се состанува на секои три месеци. Активно се следеа и евидентираа штетните настани од областа на оперативните ризици и за истите се изготвија извештаи кои беа презентирани до органите на Банката (Одбор за управување со ризик и Комисија за оперативни ризици).
Нето загубата од оперативни ризици во текот на 2020 година беше во рамките на утврдениот лимит за толеранција и Апетитот за ризик на Банката.
Во текот на 2020 година, Банката спроведе оценка на чувствителноста на оперативни ризици со висок финансиски ефект и ниска фреквенција преку метод на сценарио анализа. Анализата ги опфати следниве оперативни ризици: внатрешен криминал, измама со картички, надворешен криминал, штрајк, испад на core banking системот, елементарна непогода (поплава, пожар, земјотрес), напади преку дигиталниот простор и/или внатрешни напади со користење на ИТ средства и ризик за сигурноста на ИТ. Врз основа на спроведената анализа на чувствителноста на овие ризици, констатирано е дека не е потребна проверка на контролните механизми или воведување дополнителни мерки за намалување на оперативните ризици со висок ефект врз солвентноста и профитабилноста на Банката и ниска фреквенција.

Управување со капиталот и адекватноста

Согласно Законот за банки, банките се должни да одржуваат:

- Стапка на редовен основен капитал (CET1 ratio) = CET1 капитал /RPA = мин. 4,5%;
- Стапка на основен капитал (T1 ratio) = T1 капитал / RPA = мин. 6%; и
- Вкупна стапка на адекватност на капиталот (Total capital ratio) = Вкупен капитал / RPA = мин. 8%.

Дополнително, гувернерот на НБРСМ може да пропише повисоки стапки од наведените во претходниот став, доколку е тоа потребно поради природата, видот и обемот на активностите што ги врши Банката и ризиците на кои е изложена како резултат на тие активности, вклучувајќи и ризици кои произлегуваат од макроекономското опкружување, базирано на спроведување на годишен Супервизорски преглед и процес на евалуација (Supervisory Review and Evaluation Process – SREP-Столб 2).

Супервизорската оценка за минималното потребно ниво на капитал се темели на оценката на севкупниот профил на ризик на Банката, кој опфаќа оценка на деловниот модел на Банката, корпоративното управување во Банката, ликвидносната состојба во Банката и ризиците врз капиталната позиција на Банката (најмалку кредитниот ризик, оперативниот ризик, валутниот ризик и ризикот од промена на каматните стапки на портфолиото на банкарски активности). Најмалку еднаш годишно, НБРСМ врши преоценка на минималното потребно ниво на капитал за Банката, коешто се однесува за наредната година. Капиталниот додаток од 3% (SREP) може да се исполни со било кој квалитет на капитал.

Во текот на 2020 година, Банката беше должна да ги одржува заштитните слоеви на капиталот и тоа:

- Заштитен слој за зачувување на капиталот, со стапка од 2,5% од активата пондерирана според ризиците;
- Заштитен слој за системски значајна банка, со стапка од 1,5% од активата пондерирана според ризиците. Заштитниот слој за системски значајна банка се одредува еднаш годишно од страна на НБРСМ најдоцна до 30ти април и истиот може да се движи од 1% до 3,5% од активата пондерирана според ризиците;
- Противцикличен заштитен слој на капиталот од 0%;
- Системски заштитен слој дефиниран како % од ризично пондерираната актива проценета од страна на НБРСМ за сите банки, или пак за секоја поединечно и може да се движи од 1% до 3% од ризично пондерираната актива. Системски заштитниот слој во моментов не е применлив за Банката (0%).

Вкупната стапка на адекватност на капиталот што Банката требаше да ја одржува за 2020 година изнесуваше 15,00% (2019: 15,00%).

Табела 11: НЛБ Банка АД Скопје, моментални минимални барања (Столб 1, Столб 2 и вкупен износ на заштитни слоеви на капиталот):

		2020
Столб 1	Редовен основен капитал	4,50%
	Основен капитал	6,00%
	Вкупен капитал	8,00%
Столб 2	Вкупен капитал	3,00%
SREP	Редовен основен капитал	7,50%
	Основен капитал	9,00%
	Вкупен капитал	11,00%
Заштитни слоеви на капиталот		
Заштитен слој за зачувување на капиталот	Редовен основен капитал	2,50%
Заштитен слој за системски значајни банки	Редовен основен капитал	1,50%
Противцикличен заштитен слој	Редовен основен капитал	0,00%
Системски заштитен слој	Редовен основен капитал	0,00%
Вкупна стапка на адекватност на капиталот	Редовен основен капитал	11,50%
	Основен капитал	13,00%
	Вкупен капитал	15,00%

Во текот на 2020 година, капиталната адекватност на Банката се одржуваше на ниво од над 16,1%, а на 31.12.2020 изнесуваше 15,7% (2019: 16,4%). Банката ги исполни регулаторните барања за минималните законски пропишани стапки на адекватност на капиталот, вклучително и барањата за одржување на заштитните слоеви на капиталот, како и капиталниот додаток согласно Супервизорската оценка од НБРСМ за минималното потребно ниво на капитал (Табела 11).
Позначаен пораст на сопствените средства на Банката беше реализиран во април 2020 година, кој беше резултат на задржана нераспределена добивка од 2019 година (178 милиони МКД).

Вкупната ризично пондерирана актива на Банката на 31.12.2020 година изнесуваше 74.643,1 милиони МКД (2019: 70.583,5 милиони МКД) и е повисока за 4.059,6 милиони МКД или 5,8% во однос на минатата година како резултат на зголемување на активата пондерирана според кредитен ризик за 3.434,6 милиони МКД, зголемување на активата пондерирана според валутен ризик за 469,5 милиони МКД, зголемување на активата пондерирана според оперативен ризик за 147,9 милиони МКД и зголемување на активата пондерирана според други ризици за 7,6 милиони МКД.

Во текот на 2020 година, согласно барањата на НЛБ Групацијата, Банката ја измени Политиката за управување со капиталот и капиталната адекватност, при што ги дефинираше минималното и целното ниво на капитал и дивидендната политика.

Утврдување на интерен капитал ICAAP

Согласно Методологијата за утврдување на профилот на ризичност на НЛБ Банка АД Скопје, во Q3 2020 година беше спроведена анализа на профилот на ризичност на Банката. Врз основа на макроекономските очекувања, движењата во банкарскиот сектор, Стратегијата за преземање и управување со ризици, спроведената идентификација на ризици согласно обемот, нестабилноста и историските податоци во однос на загубите, клучните индикатори на ризикот, поставените лимити, спроведените стрес – тестови и професионалното мислење на членовите на т.н. Експертска група во Банката, материјално значајни ризици врз профилот на ризичност на Банката имаат кредитниот ризик (вклучувајќи го и ризикот од концентрација, ризикот на индустрија и ризикот од кредитирање во странска валута), валутниот ризик, пазарниот ризик кој произлегува од вложувањата во сопственички хартии од вредност, “credit spread” ризикот, каматниот ризик и оперативниот ризик.

Согласно Методологијата за утврдување на интерниот капитал на НЛБ Банка АД Скопје, во третиот квартал од 2020 година направена е пресметка на потребниот капитал за покривање на ризиците кои се идентификувани како материјално значајни ризици за 2020 година. Според пресметката во економскиот пристап, вкупното капитално барање за покривање на ризиците изнесува 7.102 милиони МКД, додека показателот за интерен капитал изнесува 162,5% и е за 46 п.п. над интерното ниво.

X. Управување со човечки ресурси

НЛБ Банка применува современи практики во управувањето со човечките ресурси стремејќи се кон постојан развој на човечкиот потенцијал, како еден од клучните сегменти во работењето, преку овозможување на исклучително работно опкружување за вработените, исполнето со предизвици и бројни можности за раст.

Во 2020 година, еден од главните фокуси од аспект на грижата за вработените беше обезбедување на високо ниво на **заштита од вирусот од Ковид 19,** следење на сите препораки на Владата, обезбедување услови за вонредно работење, континуирана едукација за почитување на мерките за спречување на ширење на вирусот, како и зголемување на свесноста за здравите навики и грижата за здравјето.

И покрај отежнатите услови за работа, Центарот за управување со човечки ресурси продолжи со непречено одвивање на сите процеси. Една од главните стратешки иницијативи е имплементацијата на **Стратегијата за управување со таленти**, при што во 2020 година е комплетиран процесот на ревидирање на групата на таленти, преку проценка на перформансите и потенцијалот на вработените.

Имајќи го предвид управувањето со таленти, во 2020 беше спроведена **проценка на работните места** преку длабинска анализа со интернационалната алатка „Gradar“ со цел додавање вредност на позициите на високи специјалисти и експерти, ревидирање на потценетите позиции и стандардизирање на ранговите на плати. Исто така, на овој начин се влијаеше на прилагодување на пазарните услови, одржување на брендот на одличен работодавач во финансискиот сектор и задржување на клучните вработени.

На ниво на НЛБ Групација, во декември 2020 година се спроведе процес на **мерење на организациската култура** во Банката, при што во мерењето вклучени беа 250 вработени. Во текот на годината, активно се работеше на унапредување на конструктивните стилови на корпоративна култура преку подобрување на вертикалната и хоризонталната комуникација, поставување на заеднички меѓусекторски, како и тимски цели во рамки на организациските единици, давање на предизвикувачки задачи на вработените, обезбедување простор за отворена комуникација на идеи, континуирано охрабрување на вработените да размислуваат независно, да пружаат поддршка и да ги решаваат конфликтите конструктивно, како и инвестиции во професионален и личен раст на вработените, при што беа спроведени 140 обуки, односно вкупно 14.417 часови што во просек подразбира 16,4 часа обука на секој вработен во Банката.

Во рамки на едукацијата на вработените со цел следење на светските трендови, се спроведе проект за подигнување на свеста за дигиталната трансформација наречен **“Digital Fitness Game”**, каде што вработените ги надградуваа своите знаења преку користење на мобилна апликација, а најуспешните вработени беа и соодветно наградени.
Исто така, со цел да се зголеми лојалноста на вработените, беше спроведен и проект **„НЛБ летно искуство - работиме со Нела“** за работно ангажирање на децата на вработените кои се на возраст од 15 до 22 години. Овој проект им овозможи на учениците и студентите кариерна ориентација и можност поблиску да ги запознаат банкарската професија и банкарските процеси.
Имајќи го предвид влијанието на ангажираноста на вработените врз организациското однесување и корпоративната култура, во 2020 година беше спроведено истражување, односно **мерење на ангажираноста на вработените.**

Во 2020 година се реализираа 46 нови вработувања и 65 заминувања на вработени од Банката со што стапката на флуктуација на вкупно ангажираните вработени бележи благ пораст од 6,32% во 2019 на 6,88% во 2020 година.

Банката како компанија која континуирано покажува активна свесност за значењето на човечкиот капитал, ги почитува стандардите во управувањето со луѓе и во иднина ќе продолжи да ги поттикнува вработените да го достигнат и применат својот потенцијал и заеднички да ја градат визијата за долготрајна благосостојба.

Табела 12. Структура на вработени

	31.12.2019		31.12.2020		Промена 2020/2019	
	Број	Структура	Број	Структура		
Вработени по структури						
според реална стручна спрема	**903**	**100,0%**	**877**	**100,0%**	**-26**	**-2,9%**
Доктори на науки	2	0,2%	2	0,2%	0	0,0%
Специјализанти и магистри	147	16,3%	148	16,9%	1	0,7%
ВСС	650	72,0%	638	72,7%	-12	-1,8%
ВШС	12	1,3%	11	1,3%	-1	-8,3%
ССС	92	10,2%	78	8,9%	-14	-15,2%
НСП	0	0,0%	0	0,0%	0	/
според возраст	**903**	**100,0%**	**877**	**100,0%**	**-26**	**-2,9%**
до 25 години	13	1,4%	11	1,3%	-2	-15,4%
од 25 до 35 години	318	35,2%	290	33,1%	-28	-8,8%
од 35 до 45 години	441	48,8%	426	48,6%	-15	-3,4%
над 45 години	131	14,5%	150	17,1%	19	14,5%
според стаж во Банката	**903**	**100,0%**	**877**	**100,0%**	**-26**	**-2,9%**
до 1 година	50	5,5%	33	3,8%	-17	-34,0%
од 1 до 2 години	45	5,0%	59	6,7%	14	31,1%
од 2 до 5 години	154	17,1%	147	16,8%	-7	-4,5%
над 5 години	654	72,4%	638	72,7%	-16	-2,4%
според пол	**903**	**100,0%**	**877**	**100,0%**	**-26**	**-2,9%**
машки	326	36,1%	305	34,8%	-21	-6,4%
женски	577	63,9%	572	65,2%	-5	-0,9%

XI. Внатрешна ревизија

Во текот на 2020 година, ревизорските активности на Банката беа насочени кон остварување на клучните цели: спроведување ревизии со главен фокус на Стратегијата, деловните цели и клучните ризици во работењето на Банката, давање SMART ревизорски препораки, ефикасно спроведување на ревизорските прегледи и стручен и професионален развој на внатрешните ревизори.

Во рамките на ревизорските прегледи извршени во текот на 2020 година, беа издадени вкупно 75 препораки од кои: 7 од А приоритет, 45 од Б приоритет и 23 од Ц приоритет.

По одделни процеси, дадените препораки главно се однесуваат на унапредување на управувањето со ризици и интерните контроли на следните подрачја:

- ИТ мрежа и платформи;
- Микро кредитирање;
- Управување со трошоци;
- Мобилно банкарство;
- Исклучоци од Голема изложеност;
- Надворешни услуги (согласно препораките на Европската централна банка);
- Утврдување на интерен капитал (ICAAP) за кредитен ризик;
- План за опоравување;
- Сајбер безбедност (follow up);
- Управување со податоци за клиенти;
- Старателство (хартии од вредност);
- Трезорско работење;
- Наградување;
- Кредитни посредници;
- Ревизии во експозитури на Банката;
- Ревизии спроведени по препорака на Гувернерот на НБРСМ.

За отворените препораки со состојба на 31.12.2020 година, се преземаат соодветни активности за нивна реализација во рамки на определените рокови.

XII. Маркетинг активности

Промотивни кампањи за продуктното портфолио на Банката

Во текот на 2020 година, маркетинг активностите се спроведуваа преку поголема застапеност на Банката на социјалните мрежи, со особен акцент на дигиталниот маркетинг, презентирајќи ја понудата на банкарските услуги збогатена со нови, иновативни продукти, фокусирајќи се на кредитните продукти, како и видео упатства и совети во оваа област согласно ситуацијата со пандемијата од Ковид вирусот.
Беа преземени бројни мерки за едукација на клиентите во насока на реализација на сите банкарски услуги надвор од експозитурите, преку алтернативните канали на Банката. Исто така, со цел поддршка на продажбата на кредитни продукти беа реализирани неколку кампањи за кредити со низа промотивни поволности кои резултираа со речиси целосна реализација на поставените планови за 2020 година.

Во согласност со маркетинг планот, а следствено на барањата и преференциите на клиентите, беа реализирани бројни промотивни кампањи во Банката, и тоа:

<u>За правни лица</u>

- Кампања на групациско ниво за поддршка на малите бизниси - Рамка за помош;
- Промотивна кампања за Mastercard Business картичките за правни лица;
- Промотивна кампања за НЛБ Проклик електронско банкарство и за НЛБ мПроклик мобилно банкарство за правни лица;
- Промотивна кампања за Visa Business картички за правни лица.

<u>За физички лица</u>

- НЛБ Потрошувачки и станбени кредити;
- НЛБ Кредити (потрошувачки, станбени и хипотекарни);
- НЛБ мКлик кредит - прв и единствен кредит директно преку мобилен телефон;
- НЛБ НаРРу кредитни картички;
- Visa кредитни картички за физички лица за поддршка на правните лица преку трошење на продажни места од најпогодените индустрии од кризата со пандемијата;
- НЛБ MasterCard кредитни картички за физички лица со донаторска акција наменета за помош и поддршка на училиштата и децата од социјално загрозени семејства за реализација на онлајн-наставата;
- НЛБ Месец на штедење;
- НЛБ Месец на осигурување;
- НЛБ мКлик и НЛБ Клик-бесплатни за користење во период од март до мај;
- НЛБ Pay мобилен паричник во соработка со Visa.

Банката успешно спроведе кампања ”Thing Green” со цел промена на начинот на испорака на месечни фактури за кредитни картички од хартиена во електронска форма.

Во 2020 година, Банката го одбележа 35 годишниот јубилеј, а согласно ситуацијата со пандемијата од Ковид 19 вирусот, прославата беше “виртуелна” со организиран концерт на кој учествуваа нашите реномирани артисти: Влатко Стефановски, Каролина Гочева, Тамара Тодевска, „Нокаут“ и „Ареа“. Концертот беше емитуван на 13-ти декември, во 19:30 часот премиерно на Канал 5 Телевизија, како и на YouTube и Facebook профилот на Банката. За прославата беше испратена електронска покана за следење на концертот до сите клиенти на Банката. Концертот на Youtube има околу 16.000 прегледи, а преносот кој одеше на Facebook го следеле над 37.000 корисници на Facebook.

XIII. Корпоративна општествена одговорност

Грижата за општото добро претставува еден од највисоките приоритети во системот на вредности на Банката и е интегрален дел од стратегијата, поради што Банката посебно внимание посветува на општествената одговорност и заштитата на интересите на сите заинтересирани страни. Со поддршка на проекти од областа на културата, спортот, науката, образованието и заштитата на човековата околина, децата и младите, Банката настојува да придонесе за унапредување и подобрување на целокупниот квалитет на животот на поединците, семејствата, институциите и организациите во поширокото окружување во кое работи.
Акцентот беше ставен на помош и поддршка на физичките и правни лица преку спроведување кампањи за поддршка преку отстапување на рекламен простор, поттикнување промет со картички во најпогодените индустрии како и помош за најзагрозените семејства за реализација на онлајн настава.

Во 2020 година, корпоративната општествена одговорност на Банката, согласно Стратегијата за корпоративна општествена одговорност на НЛБ Групацијата, се спроведуваше преку бројни активности за општеството и средината, клиентите и вработените:

- Беа организирани 3 изложби на уметници со отстапување на простор во НЛБ Галеријата;
- Спонзорство за организација на 11-от турнир во мал фудбал „Тоше Проески 2020“ во периодот од 24 до 26 јануари 2020 год;
- Спонзорска поддршка за Еколошкото друштво Аутдор манифест - Крушево за двата „outdoor” фестивали „When in Krusevo “ - зимска и летна едиција;
- Спонзорство за 23 издание на музичка манифестација Златна Буба Мара на популарноста;
- Поддршка на најголемата регионална конференција за трговија на брза потрошувачка стока FMCG (Fast moving consumer goods) самит 2020;
- Беше спонзориран машкиот ракометен клуб Вардар, освојувач на „EHF“ Лигата на шампиони 2016/2017 и 2018/2019;
- Беше спонзориран Кошаркарскиот клуб Гостивар;
- Спонзорство на Самитот 2025 во организација на Македонија 2025;
- Спонзорство за Друштвото за трговија и услуги Рифенштал ДОО Скопје и нивниот проект Дајте музика;
- Спонзорство за Ракометниот клуб Голден Арт КЛ7;
- Спонзорство за Општина Центар-Скопје за обезбедување персонални компјутери за оние ученици и наставници од општината кои не се во можност да ги набаваат
- Спонзорство за Општина Крушево за изведба на инфраструктурни активности за санација на мостот кај Крушевското езеро;
- Спонзорство за Ски Клубот Полар за реализација на спортски активности, натпревари и организација на школи во натпреварувачката спортска сезона 2020/2021 година;
- Спонзорство на три музички концерти во организација на Авалон на следните изведувачи: Дарко Рундек, Жељко Бебек и Амира Медуњанин;
- Спонзорство на новогодишниот онлајн концерт на културниот рок бенд Last Expedition.

Во текот на годината, донации во вкупен износ од 26 милиони МКД беа исплатени за следните спортски клубови и поединци: Кошаркарскиот клуб Гостивар, Ракометниот клуб Пролет 1962, Ставре Јада, Одбојкарска федерација на С.Македонија, Шаховска федерација, Федерација на училишни спортови, Национална спортска федерација на слепи лица, Пливачки клуб Нептун Скопје, Џудо Клуб Ипон Скопје, Карате клуб Олимпик, Танцова спортска федерација, Женски стрелачки клуб Лихнидос, Таеквондо клуб Бутел, Бодибилдинг и фитнес федерација, ФК Македонија Ѓорче Петров 1932 АД, Женски одбојкарски клуб работнички.

Покрај спортските донации, Банката донираше средства и за:

- Извиднички одред Димитар Влахов, Велес за организација на "Школа за водачи" која се оддржа во период од 20.02.2020 година до 23.02.2020 година во извидничкиот центар "Голозинци;
- Општинска детска градинка „Фемо Кулаков“ од Неготино - донација на телевизор, со цел поддршка во обезбедување на потребен инвентар за градинката;
- 18-ти „Аматерски хуманитарен велеслалом 2020“ **-** Донацијата од овогодинешната хуманитарна активност беше наменета за организацијата "PAWSITIVE IMPACT", проект за помош на бездомни животни имплементиран од Фондација Импакт, непрофитна организација АМОС Шелтер и Општина Маврово и Ростуша;
- донација на 10 медицински кревети за полу-интензивна нега за Јавната здравствена установа – Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби во износ од 20.000 евра;
- Донација за Министерство за здравство во износ од 1.845.000 МКД за справување со Ковид кризата;
- Традиционално донирани новогодишни пакетчиња на следните невладини организации кои се грижат за деца со нетипичен развој: НВО Пркос, Мобилност Скопје, Соѕвездие, Коалиција Менуваме;
- Донација за поддршка на училиштата и децата од социјално загрозени семејства за реализација на онлајн наставата;
- Донација за Ковид центарот во рамки на ЈЗУ Градска општа болница 8-ми септември;
- Донација со пакетчиња за деца со пречки во развојот.

XIV. Информатичка технологија и управување со проекти

Информатичка технологија

Секторот за информатичка технологија во 2020 година покрај активностите и проектите за обезбедување на услови на работа во пандемија условена од Ковид 19, ги исполни и останатите стратешки цели насочени кон развој и надградба на информационите системи во насока на поддршка на банкарското работење, дигитализација на банкарските услуги, автоматизација и оптимизација на банкарските процеси и хармонизација во рамки на НЛБ Групацијата. Сето ова беше поддржано преку континуирано подобрување на ИТ инфраструктурата (мрежна, системска и серверска) и обезбедување на сигурноста и безбедноста на системите.
Најзначајни подрачја на работа во 2020 година беа:

1. **Обезбедување на ефективен континуитет на работењето на Банката во вонредни околности предизвикани од Ковид 19**
   - Овозможување на работа од дома преку VPN пристап на над 450 вработени преку имплементација на далечински пристап за работа;
   - Проширување на капацитетите на Контакт центарот и набавка и инсталирање на дополнителна компјутерска опрема;
   - Имплементација на нови софтверски решенија и соодветна ИТ инфраструктура за поддршка на владините мерки донесени во врска со пандемијата и
   - Континуиран развој на софтверски решенија во функција на дигитализација и оптимизација на банкарските процеси.
2. **Digital Bank transformation и интеграција со Групациските НЛБ иницијативи**
   - Развој на системите во функција на подобрување на дигиталното искуство на клиентите и воведување на нови дигитални канали;
   - Активно учество во групациските иницијативи за развој на унифицирани кредитни процеси;
3. **Обезбедување на високо ниво на ИТ и Cyber безбедност**
   - Зголемување на перформансите и стабилноста на системот со миграција на нови верзии на оперативни системи и бази на податоци;
   - Управување со ИТ и Cyber сигурносните ризици, преку осовременување на безбедноста на системите и проактивна заштита на ресурсите;
   - Подобрување на системот за Vulnerability and patch management и
   - Зголемување на одбраната од напади во дигиталниот простор преку имплементација на современи системи за мониторирање и авторизација и автентикација.
4. **Обезбедување на ИТ континуитет преку стабилен План за континуирано работење**
   - Зголемување на капацитет на дисковите системи на примарната и секундарната локација и неговите перформанси;
   - Унапредување на серверската, виртуелизациската и мрежната инфраструктура и
   - Стабилизација на основниот банкарски систем, преку воведување на решенија за автоматизација, оптимизација и online архивирање.
5. **Подобрување на обезбедувањето на ИТ услуги во делот на управување со податоци**
   - Ангажирање на outsourcing услуги за развој на нови проекти за DWH/BI Tools;
   - Оптимизација на извештајниот модел преку негова централизација и
   - Реализација на Data Management стратегијата, преку миграција на сетови на извештаи од основниот банкарски систем во податочни складишта (DWH), автоматизација на нови решенија за генерирање на извештаи над DWH, искористување на алатки за визуелна презентација на податоците.
6. **Промена на концептот на IT поддршка**
   - Подготовка на нов концепт за outsourcing на Layer 1 поддршката за основниот банкарски систем преку воведување на концептот на Core Software Supplier.

Управување со проекти

Во текот на 2020 година во НЛБ Банка АД Скопје се работеше на неколку проекти од кои дел се однесуваат на иницијативите на НЛБ д.д. во насока на остварување на стратегијата на НЛБ Групацијата, а дел на одредени промени на иницијатива на Банката. Сите тие беа координирани и следени на ниво на НЛБ Групација и од менаџментот на Банката.

- **Проект Мерење на Профитабилноста на НЛБ Банка АД Скопје – Profitability**

Основната цел на проектот за мерење на профитабилноста е обезбедување транспарентност на димензиите за генерирање профит (клиент, продукт, сегмент, група на продукти, банка), управување со каналите на продажба, мерење на продуктивноста и трошковната ефикасност на службите за поддршка на деловните сектори. Во текот на 2020 се изработени повеќе интерфејси на ниво на НЛБ Групацијата, преку кои со користење на соодветна BI алатка (tool) во облик на напредни извештаи, т.н. dashboard-и, динамични графици и сл., обемните податоци кои се користат за носење на квалитетни менаџерски одлуки ќе бидат лесно достапни и презентирани на соодветен и употреблив начин. Проектните активности се очекува да бидат финализирани до крајот на првата половина од 2021 година.

- **Проект Experience (Фаза II) – Софтвер за управување на односите со клиенти (CRM)**

Имплементацијата на втората фаза од проектот Experience претставува надградување на софтверската апликација за управување на односите со клиенти, пред сè наменета за користење од страна на вработените кои имаат директен контакт со клиентите, но и останатите кои работат на постојано унапредување на работењето и односот кон постојаните и потенцијалните клиенти на Банката. Некои од позначајните унапредувања на апликацијата подразбираат: унапредување на постапката за уматичување на клиенти - Customer onboarding, интеграција со дигиталните канали, оспособување и интеграција на трансакциското работење со CRM апликацијата, интеграција со BI, надградба на Customer Analytics, предиктивните модели итн. Проектните активности се планира да бидат реазлизирани во период од околу 2 години.

Во текот на 2020 година се продолжи со иницијативите отпочнати изминатата година кои се следат редовно на месечно ниво согласно Методологијата за управување со проекти.

- **Групен Проект – Локална иницијатива LOPA (Loan Origination Process Advancing across NLB Group)**

Основна цел на иницијативата е воспоставување на унифициран кредитен процес на ниво на групацијата. Во текот на 2020 година по извршената анализа на понудени решенија, избрана е платформа за имплементација на унифициран кредитен процес, со сите специфичности за различни кредитни продукти (брзи кредити, потрошувачки кредити, станбени кредити, кредити за стопанство) во рамки на НЛБ Групацијата. Изработена е техничката и функционална спецификација за апликацијата за брзи потрошувачки кредити за физички лица, како прва етапа од воспоставување на to-be моделот на стандарден кредитен процес и негова целосна имплементација преку work flow апликација.

- **Локална иницијатива - NPL management**

Основни цели на иницијативата се намалување на нефункционалните изложености во НЛБ Банка АД Скопје. Активностите се завршени заклучно со 31.03.2020 година.

- **Локална иницијатива - Effectiveness leader initiative**

Оваа иницијатива се однесува на подобрување и оптимизирање на постоечките процеси во Банката. Во текот на 2020 година се реализираа значителни активности за оптимизација на процесите при што произлегоа поголем број на мерки за унапредување на истите и за остварување на заштеда во интерните ресурси на Банката.
Оптимизацијата на постоечките процеси се одвива согласно претходно утврден терминski план, а ваквите активности ќе продолжат да се одвиваат и во текот на наредните години.

XV. Извештај за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје

Корпоративното управување на Банката, како збир од заемни односи помеѓу Управниот одбор, Надзорниот одбор, останатите лица со посебни права и одговорности кои извршуваат раководна функција во Банката, акционерите на Банката и останатите заинтересирани субјекти во Банката се заснова врз принципите на одговорност, транспарентност и контрола во одлучувањето и во секојдневното работење и известувањето за состојбите во Банката. Корпоративното управување на Банката е олицетворено преку органите на Банката кои имаат клучна улога во ефикасното работење на Банката.
Во текот на 2020 година, Банката беше управувана преку статутарно утврдени органи со права и обврски кои се предвидени во Законот за банките, Законот за трговски друштва и Статутот на Банката.

Собрание на акционери

Во текот на 2020 година се одржаа три седници на собранието на акционери, од кои едно редовно годишно собрание и две вонредни собранија.
На Собранието на акционери кое се одржа на 16.01.2020 година беа усвоени следните точки:

1. Избор на Претседавач на Собранието;
2. Избор на Записничар и бројач на гласови на Собранието;
3. Предлог - одлука за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје;
4. Предлог - одлука за именување на независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје;
5. Информација за резултатите од извршената оцена на соодветноста на Кристина Ковачич Бјелајац за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје;
6. Предлог - одлука за усвојување на Политика за наградување за вработените со посебна природа на работата во НЛБ Банка АД Скопје.

Годишното собрание на акционери се одржа на 23.04.2020 година и на истото беа предложени за усвојување следните точки:

1. Избор на претседавач на Собранието;
2. Избор на записничар и бројач на гласови на Собранието;
3. Годишен извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година со:
   - Мислење на Надзорниот одбор по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година;
   - Предлог - одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година;
4. Извештај на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2019 година со:
   - Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор по Извештајот на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2019 година
   - Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2019 година;
5. Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор во 2019 година со вклучени резултати од поединечна и колективна Оцена на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2019 година;

- Предлог - одлука за усвојување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година;

6. Предлог - одлуки за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор;
7. Годишен извештај за работењето на Управниот одбор во 2019 година со:
    - Предлог - одлука за усвојување на Извештајот за работа на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година;
8. Предлог - одлуки за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор;
9. Предлог - одлука за усвојување на годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година;
10. Предлог - одлука за употреба и распоредување на добивката по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година;
11. Предлог - одлука за распределба на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година;
12. Предлог - одлука за назначување Друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2020 година;
13. Предлог - одлука за именување независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје
14. Информација за резултатите од извршената оцена на соодветноста на Зоран Јовановски за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.

На Годишното собрание беа усвоени сите предложени одлуки, освен точка 11 за која доминантниот акционер НЛБ д.д. Љубљана гласаше против и достави нова предлог - одлука за начинот на употреба и распоредување на добивката по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година, која беше и усвоена на собранието на акционери со мнозинство гласови од акционерите чии акции носат право на глас на собранието.

Третото собрание на акционери се одржа на 30.11.2020 и на истото беа предложени за усвојување следните точки:

1. Избор на претседавач на Собранието;
2. Избор на записничар и бројач на гласови на Собранието;
3. Предлог - одлука за употреба на акумулирана добивка на НЛБ Банка АД Скопје;
4. Предлог - одлука за утврдување на висина на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година;
5. Предлог – одлука за измена и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје;
6. Предлог - одлука за измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје;
7. Предлог - одлука за усвојување на Пречистен текст на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје;
8. Информација за поднесена оставка од член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје;
9. Предлог - одлука за именување на член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.

На ова собрание на акционери беа усвоени сите предложени одлуки, освен предложените точки 3 и 4 за кои доминантниот акционер НЛБ д.д. Љубљана на самото собрание гласаше против истите.

Органи на надзор, ревизија и помошни тела

Надзорен одбор

Надзорниот одбор на Банката врши надзор над работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење финансиски активности и го надгледува нивното спроведување. Надзорниот одбор е одговорен да обезбеди добро работење, управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување кон Народната банка на Република Северна Македонија.
Во 2020 година, Надзорниот одбор одржа тринаесет седници од кои седум беа видеоконференциски, а шест седници се одржаа на кореспондентски начин. Надзорниот одбор на сите свои седници одлучуваше согласно Статутот и Деловникот за работа и одлуките ги донесуваше со мнозинство гласови. Во работењето на Надзорниот одбор континуирано учествуваа сите членови и придонесоа за успешно извршување на работата на Надзорниот одбор, освен членовите кои беа оправдано отсутни на некои седници.

Надзорниот одбор на Банката ги врши следните работи:

- Ја усвојува Деловната политика на Банката и Развојниот план на Банката;
- Именува и разрешува членови на Управниот одбор на Банката;
- Именува и разрешува членови на Одборот за управување со ризици;
- Именува и разрешува членови на Одборот за ревизија;
- Именува и разрешува членови на Надзорниот одбор врз информативниот систем;
- Именува и разрешува членови на Кредитниот одбор;
- Го усвојува финансискиот план на Банката;
- Го организира Секторот за внатрешна ревизија;
- Го одобрува годишниот план на Секторот за внатрешна ревизија;
- Ја усвојува политиката за сигурност на информативниот систем;
- Ги усвојува политиките за управување со ризици на Банката;
- Усвојува политика за судир на интересите со која се идентификуваат можните судири на интереси и мерките и активностите за нивно спречување;
- Усвојува политика за наградување, во согласност со деловната политика, развојниот план, финансискиот план и политиката за избегнување судир на интересите на Банката;
- Донесува и спроведува политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор;
- Ги разгледува извештаите за работењето на Управниот одбор на Банката;
- Ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици;
- Ги разгледува извештаите на Одборот за ревизија;
- Ги разгледува извештаите на Секторот за внатрешна ревизија;
- Ги разгледува извештаите на Службата за усогласеност со прописите и информативна сигурност;
- Ја одобрува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката;
- Одобрува изложеност спрема поединечно лице од над 20% од сопствените средства на Банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од Народната банка и Република Северна Македонија;
- Одобрува трансакции со поврзани лица со Банката во износ од над 6.000.000 денари;
- Го одобрува стекнувањето на капитални делови и купување на хартии од вредност, поголеми од 5% од сопствените средства на Банката, освен купување на хартии од вредност издадени од Народната банка и Република Северна Македонија;
- Го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија, или предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и е одговорен за обезбедување на соодветна ревизија;
- Ја усвојува политиката за вршење на внатрешна ревизија;
- Ги разгледува извештаите на супервизијата, како и други извештаи доставени од страна на Народната Банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага, односно презема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на Банката;

- Го одобрува годишниот извештај за работењето на Банката и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на Банката;
- Го разгледува извештајот на друштвото за ревизија и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на акционери;
- Го усвојува Кодексот за корпоративно управување со кој се уредуваат правилата за управување и за надзор на Банката;
- Го усвојува етичкиот кодекс на Банката;
- Донесува акт за организација и систематизација на работните места во Банката;
- Одлучува за формирање на организациони единици, по предлог на Управниот одбор;
- Ги склучува менаџерските договори со Управниот одбор на Банката;
- Одлучува за дефинитивен отпис на побарувањата, врз основа на изготвените извештаи од стручните служби на Банката;
- Одлучува за формирање и укинување на деловно-организациони единици на Банката во странство;
- Усвојува Деловник за својата работа;
- Формира одбори, работни и советодавни тела и комисии за извршување на задачи од својот делокруг и ја одредува нивната надлежност;
- Одлучува за учество на Банката во формирањето на Банкарски конзорциум;
- Одлучува во втор степен по приговори-барања за заштита на правата на работниците;
- Одобрува кредити и други облици на изложеност на Банката спрема подружница на банка, спрема акционер со квалификувано учество во Банката и со него поврзани лица и спрема лице со посебни права и одговорности и со него поврзани лица на износ над 6.000.000 денари и
- Врши и други работи што не се во надлежност на Собранието.

Во поголемиот дел од 2020 година, Надзорниот одбор на Банката работеше во состав од шест члена.
Во текот на 2020 година поради истекување на мандатот на независните членови Абдулменаф Беџети и Борислав Атанасовски, Банката започна процес на именување на нови независни членови на Надзорниот одбор.
Имено, на 30.03.2020 година добиено е решение од НБРСМ со кое се издава претходна согласност Зоран Јовановски да биде именуван за член на Надзорниот одбор, а со тоа и за член на Одборот за ревизија на НЛБ Банка АД Скопје на местото на независниот член Абдулменаф Беџети.

На ден 20.10.2020 година добиено е решение од НБРСМ со кое се издава претходна согласност Матеја Тревен да биде именувана за член на Надзорниот одбор, на местото на независниот член Борислав Атанасовски.

Воедно, членот на Надзорниот одбор Хедвика Усеник на ден 23.10.2020 година поднесе оставка до Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје од функциите член на Надзорниот одбор и член на Одборот на ревизија на Банката. Во поднесената оставка е наведено дека Хедвика Усеник ќе продолжи да ја извршува функцијата член на Надзорниот одбор до добивање согласност од гувернерот на НБРСМ, за членот на Надзорниот одбор кој ќе биде именуван како нејзина замена на Собранието на акционери.
Законскиот минимум на членови на Надзорниот одбор согласно Законот за банките е пет члена.
За дополнување на составот на членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, од НЛБ д.д. Љубљана даден е предлог за именување на Борут Вујчич за нов член на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија на НЛБ Банка АД Скопје за остатокот од мандатот на Хедвика Усеник, односно до 11.09.2021 година.
На ден 05.01.2021 година до НБРСМ поднесено е барање за именување на Борут Вујчич за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.

- Мандат

Членовите на Надзорниот одбор на Банката ги избира Собранието, со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на Собранието.
Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае четири години, со тоа што секоја година, годишното Собрание одлучува за одобрување на работата на секој од членовите одделно, по што се избираат нови членови на местото на оние чија работа не е одобрена.

- Независност

Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор задолжително мора да бидат независни членови. Во таа насока, двајца од членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка се независни членови. Независноста на двајцата членови на Надзорниот одбор на Банката е утврдена согласно критериумите за независност определени во Законот за банките. Исполнувањето и почитувањето на овие критериуми Банката го следи континуирано во текот на годината.
Податоците за членовите, членствата во органите на Банката како и нивните членства во други органи на управување или надзор се прикажани во Табела 13.

- Надомест и наградување

Согласно Политиката за управување и надзор на НЛБ Групацијата, на членовите на Надзорниот одбор кои се вработени во НЛБ Групацијата не им припаѓа надомест за учество во работата на Надзорниот одбор, ниту пак учество во награда од добивката на Банката.
Согласно Одлуката за утврдување надомест на членовите на органите на Банката, донесена од Собранието на акционерите на Банката на 23.07.2013 година, на членовите на Надзорниот одбор кои не се вработени во НЛБ Групацијата им припаѓа надомест за учество на седница во нето износ од 500 ЕУР во денарска противвредност за Претседател на Надзорен одбор и 400 ЕУР во денарска противвредност за член на Надзорен одбор. Надоместокот за учество на кореспондентска седница изнесува 50% од надоместокот за учество на секоја редовна седница.
Согласно донесената одлука, на независните членови на Надзорен одбор, по основ на надоместок на присуство на седници во 2020 година е исплатен бруто износ од 27.396 МКД за Абдулменаф Беџети, 109.680 МКД за Зоран Јовановски и бруто износ од 137.076 МКД за Борислав Атанасовски.
Согласно Законот за трговските друштва, Банката е должна во годишниот извештај да ги објави и примањата коишто членовите на органите на надзор и управување ги остваруваат од членство во органи на управување во други друштва, или доколку имаат засновано работен однос кај други работодавачи.
Поради доверливост на податоците на четири членови - нерезиденти на Надзорниот одбор (Блаж Бродњак – претседател, Марјета Звер Цанкар – заменик претседател, Хедвика Усеник и Кристина Ковачич Бјелајац) сите вработени кај работодавач НЛБ д.д. Љубљана, примањата за 2020 година се искажани во збирен бруто износ и тоа: висина на бруто плата од 639.933 ЕУР и варијабилен дел на плата во бруто износ од 8.474 ЕУР.
Останатите два члена се независни членови, кои во текот на 2020 ги остварија следните примања:

1. Зоран Јовановски – резидент, висина на бруто плата во износ од 1,5 милиони МКД и варијабилен дел во износ од 17.220 МКД;
2. Матеја Тревен – нерезидент, висина на бруто плата во износ од 17.245 ЕУР и варијабилен дел во износ од 11.130 ЕУР.

Табела 13. Членови на Надзорниот одбор и нивно членство во други одбори

			Членства во органи на Банката				Членства во други органи на надзор или управување		
Име	**Професионален ангажман**	**Образование**	**Надзорен одбор**	**Одбор за ревизија**	**Одбор за наградување**	**Одбор за именување**	**Надзорен орган или орган на управување**	**Назив и седиште на правното лице**	**Период**
Блаж Бродњак	Претседател на Управата на НЛБ д.д.	MBA	Претседател, од 28.07.2016 - тековно	-	Претседател	Член	Претседател на Надзорен одбор	НЛБ Банка Сараево д.д. Федерација Босна и Херцеговина	тековно
							Претседател на Надзорен одбор	НЛБ Банка Бања Лука а.д.Република Српска	тековно
							Член на Надзорен одбор	НЛБ Вита д.д.	до 02.11.2020
							Претседател на Надзорен одбор	Здружение на банки на Словенија	01.11.2019-тековно
							Член на Одбор на директори	Комерцијална банка а.д.Белград	30.12.2020-тековно
Марјета Звер Цанкар	Заменик-генерален менаџер на Одделот за Корпоративно управување во НЛБ д.д.	Магистер по светска економија	Член, од 31.03.2011 - тековно	Член	Член	Претседател	-	-	-
Матеја Тревен	Основач-извршен директор на Блокхап Доо Љубљана	Магистер на науки по инвестициски менаџмент	Член, од 20.10.2020	-	-	-	Надворешен член на одбор за ревизија	Порт оф Лука Копер д.д. Копер, Словенија	тековно
Хедвика Усеник	Помошник на Управен одбор за малопродажба, НЛБ д.д.	Магистер за деловна администрација и финансии	Член, од 01.04.2019 - Поднесена оставка на 23.10.2020 (ќе стапи на сила по добивање на согласност од НБРСМ за именување на нов член)	Претседател, од 31.07.2020 - Поднесена оставка на 23.10.2020 (ќе стапи на сила по добивање на согласност од НБРСМ за именување на нов член)	-	-	Член на Одбор на директори	НЛБ АД Приштина	05.02.2019 - тековно
Кристина Ковачич Бјелајац	Заменик- генерален директор, Глобален ризик во НЛБ д.д.	Магистер на науки за бизнис администрација (MScBA), банкарство и финансии	Член, од 30.07.2019 - тековно	Член, од 30.07.2019-тековно	Член, од 06.11.2020-тековно	Член од 06.11.2020-тековно	-	-	-
Зоран Јовановски	Главен советник на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија за економски прашања	Магистер по економија	Член, 30.03.2020 - тековно	Член, 30.03.2020 - тековно	Член, 30.03.2020 - тековно	Член, 30.03.2020 - тековно	-	-	-
Абдулменаф Беџети	Редовен професор и член на советот на Универзитет Југоисточна Европа во Тетово	Доктор по економски науки	Член, од 30.06.2008 - 22.02.2020	Член, до 22.02.2020	Член, до 22.02.2020	Член, до 22.02.2020	Член на Надзорен одбор и член на Одбор за ревизија	НЛБ АД Приштина	2016 - тековно
							Член на Одбор на директори. Од 2012 година Управител на холдингот на Еколог - НД Балкан Тетово	Еколог Тетово	2007-тековно
							Редовен член	МАНУ Скопје	2012-тековно
Борислав Атанасовски	Управител на Друштво за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо, ДОО Скопје	Дипломиран економист и овластен ревизор	Член, од 30.06.2008 - 27.05.2020	-	Член, до 27.05.2020	Член, до 27.05.2020	-	-	-
Стојан Јорданов	Управител на Друштво за ревизија РСМ Македонија	Дипломиран економист и овластен ревизор	-	Член, тековно	-	-	-	-	-

Одбор за наградување

Формиран е врз основа на Одлуката на НБРСМ за правилата за добро корпоративно управување во банка и функционира како советодавен орган на Надзорниот одбор. Во текот на 2020 година, функционираше со четири члена. Поради истек на мандатот на независните членови на Надзорниот одбор Абдулменаф Беџети и Борислав Атанасовски кои беа членови и на Одборот за наградување, составот на Одборот за наградување во текот на 2020 година беше дополнет со избор на нови членови - Зоран Јовановски и Кристина Ковачич Бјелајац. Членовите на одборот се состануваат на седници секогаш кога има потреба од одржување на Одбор за наградување.
Во текот на 2020 година се одржаа шест седници на Одборот од кои една одржана кореспондентски, а пет видеоконференциски.

- Мандат

Мандатот на членовите на Одборот за наградување трае од моментот на именување до моментот на нивно повикување со соодветна одлука или откажување од нивна страна.

- Надомест и наградување

На членовите на Одборот за наградување не им следува надомест за учество на седница. Составот на одборот е прикажан во Табела 13.

Одбор за именување

Формиран е врз основа на Одлуката на НБРСМ за правилата за добро корпоративно управување во банка и функционира како советодавен орган на Надзорниот одбор. Во текот на 2020 година функционираше со четири члена.
Поради истек на мандатот на независните членови на Надзорниот одбор Абдулменаф Беџети и Борислав Атанасовски кои беа членови и на Одборот за именување, составот на Одборот за именување во текот на 2020 година беше дополнет со избор на нови членови - Зоран Јовановски и Кристина Ковачич Бјелајац.
Членовите на одборот се состануваат на седници секогаш кога има потреба од одржување на Одбор за именување.
Во известувачкиот период се одржаа седум седници на Одборот за именување од кои четири беа видеоконференциски и три седници се одржаа на кореспондентски начин.
Во текот на 2020 година до Одборот за именување беа доставени следните предлози:

- Одобрување на позитивна годишна оцена на соодветноста на членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година;
- Престанок на мандатот на Абдулменаф Беџети;
- Именување на член и утврдување на нов состав на членови на Одборот за управување со ризици;
- Повторно именување (реизбор) на Љиљана Настоска – директор на Сектор за внатрешна ревизија;
- Именување на Борут Вујчич за член на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија на Банката;
- Именување на Анита Бошкова за директор на Секторот за внатрешна ревизија и
- Именување на Матеја Тревен за независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.

За горенаведените именувања спроведени се позитивни оценки (поединечна и колективна) за соодветност за членовите на органите на управување и надзор на Банката, а со решенија од НБРСМ издадени се претходни согласности за нивно именување.

Составот на одборот е прикажан во Табела 13.

- Мандат

Мандатот на членовите на Одборот за именување трае од моментот на именување до моментот на нивно отповикување со соодветна одлука или откажување од нивна страна.

- Надомест и наградување

На членовите на Одборот за именување не им следува надомест за учество на седница.

Одбор за ревизија

Во текот на 2020 година, Одборот за ревизија одржа шест седници. Пет беа видеоконференциски седници, а една од седниците беше одржана на кореспондентски начин.

Одборот за ревизија на Банката ги врши следниве работи:

- Ги разгледува финансиските извештаи на Банката и се грижи за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на Банката во согласност со прописите за сметководствени стандарди;
- Ги разгледува и оценува системите за внатрешна контрола;
- Ја следи работата и ја оценува ефикасноста на службата за внатрешна ревизија;
- Го следи процесот на ревизија на Банката и ја оценува работата на друштвото за ревизија;
- Ги донесува сметководствените политики на Банката;
- Ја следи усогласеноста на работењето на Банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиски извештаи;
- Одржува состаноци со Управниот одбор, Секторот за внатрешна ревизија и друштвото за ревизија во врска со утврдени неусогласености со прописите и слабости во работењето на Банката;
- Ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици и
- Предлага назначување на друштвото за ревизија и раскинување на склучен договор со друштво за ревизија.

Во 2020 година, Одборот за ревизија работеше во состав од пет члена (прикажано во Табела 13).
Во текот на 2020 година поради истекување на мандатот на независниот член на Надзорниот одбор Абдулменаф Беџети кој воедно беше член и на Одборот за ревизија, Банката започна процес на именување на нов независен член на Надзорниот одбор, кој воедно ќе биде и член на Одборот за ревизија.
Имено, на 30.03.2020 година добиено е решение од НБРСМ со кое се издава претходна согласност Зоран Јовановски да биде именуван за член на Надзорниот одбор, а воедно стапи на сила и одлуката усвоена од Надзорниот одбор на ден 12.12.2019 година со која се именуваше Зоран Јовановски за член на Одборот за ревизија на НЛБ Банка АД Скопје.
Воедно, членот на Надзорниот одбор и Претседател на Одборот за ревизија Хедвика Усеник на ден 23.10.2020 година поднесе оставка до Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје од функциите член на Надзорниот одбор и член на Одборот на ревизија на Банката. Во поднесената оставка е наведено дека Хедвика Усеник ќе продолжи да ја извршува функцијата член на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија до добивање согласност од гувернерот на НБРСМ, за членот на Надзорниот одбор кој ќе биде именуван како нејзина замена на Собранието на акционери.
На ден 05.01.2021 година до НБРСМ поднесено е барање за именување на Борут Вујчич за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје. По добивање на согласност од НБРСМ, одлуката усвоена од Надзорниот одбор на ден 06.11.2020 со која се именуваше Борут Вујчич за член на Одборот за ревизија на НЛБ Банка АД Скопје ќе стапи на сила.

- Мандат

Мандатот на членовите на Одборот за ревизија трае четири години.

- Независност

Согласно Законот за банките, мнозинството членови на Одборот за ревизија на Банката се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор, а останатите членови се независни членови. Најмалку еден член на Одборот за ревизија треба да биде овластен ревизор. Во таа насока, четири члена на Одборот за ревизија се членови на Надзорниот одбор, а еден член е овластен ревизор (Стојан Јорданов).

- Надомест и наградување

Согласно Политиката за управување и надзор на НЛБ Групацијата, на членовите на Одборот за ревизија кои се вработени во НЛБ Групацијата не им припаѓа надомест за учество во работата на Одборот за ревизија, ниту пак учество во награда од добивката на Банката. Согласно Одлуката за утврдување надомест на членовите на органите на НЛБ Банка АД Скопје, донесена

од Собранието на акционерите на Банката на 23.07.2013 година, на членовите на Одборот за ревизија кои не се вработени во НЛБ Групацијата им припаѓа надомест за учество на седница во нето износ од 375 ЕУР во денарска противвредност за претседател на Одборот за ревизија и 300 ЕУР во денарска противвредност за член на Одборот за ревизија. Надоместокот за учество на кореспондентска седница изнесува 50% од надоместокот за учество на секоја редовна седница.
Износот исплатен на членовите согласно донесената одлука е прикажан во Табела 16.

Извршни органи и помошни тела

Управен одбор на Банката

Табела 14. Членови на Управниот одбор и нивно членство во други одбори

			Членства во органи на Банката					
Име	**Позиција**	**Образование**	**Одбор за управување со ризици**	**Одбор за управување со средства и обврски**	**Одбор за развој**	**Надзорен одбор врз ИТ**	**Кредитен одбор**	**Комисија за оперативни ризици**
Антонио Аргир*	Претседател на Управен одбор	MBA	Претседател	Член	Претседател	Претседател	Заменик-претседател	Член
Петер Зелен	Член на Управен одбор	Дипломиран економист и машински инженер	Член	Член	Член	Член	Претседател	Претседател
Гинтер Фриедл	Член на Управен одбор	Магистер за бизнис администрација; Магистер за напредни студии по финансии; Магистер на социјални и економски науки	Член	Претседател	Член	Член	-	-
Игор Давчевски	Член на Управен одбор	MBA	Член	Член	Член	Член	-	Член

* Членства на Управниот одбор во други органи на управување/надзор: Антонио Аргир е Потпретседател на Стопанска комора на Македонија

Управниот одбор на Банката ја претставува и застапува Банката и раководи со нејзината работа согласно Законот за банките, Статутот на НЛБ Банка АД Скопје и Кодексот за корпоративно управување на Банката. Членовите на Управен одбор на Банката ги именува и разрешува Надзорниот одбор на Банката со мнозинство гласови, по претходна согласност на Гувернерот на НБРСМ.
Во 2020 година Управниот одбор работеше во состав од четири члена.
На 21.11.2019 година, НБРСМ издаде решение со кое се издава претходна согласност за именување на Игор Давчевски за член на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје. Согласноста за именување на Игор Давчевски е за период од две години, сметано од 01.01.2020 година.
На 25.12.2019, НБРСМ издаде решение со кое се издава претходна согласност за именување на Петер Зелен за член на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје на местото на Дамир Кудер, чиј мадат истече на 01.01.2020 година. Согласноста за именување на Петер Зелен е за период од две години, сметано од 02.01.2020 година.

Управниот одбор во известувачкиот период работеше на седници, кои по правило се одржуваа еднаш неделно. Покрај редовните седници, Управниот одбор одлучуваше и секојдневно, надвор од седница, со писмена согласност од сите членови на Управниот одбор.
Во 2020 година, Управниот одбор одржа околу 80-тина седници од кои дел беа кореспондентски.
Во раководењето со работењето на Банката, Управниот одбор ги врши следните работи:

- Управува со Банката;
- Ја застапува Банката;
- Го организира подготвувањето на предлозите на општите акти, одлуките и другите акти за кои одлучува Собранието на Банката;
- Ги извршува одлуките на Собранието и на Надзорниот одбор на Банката, односно се грижи за нивно спроведување;
- Покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работењето на Банката;
- Ги именува и разрешува лицата на Банката со посебни права и одговорности, во согласност со Статутот на Банката и одредбите од законот за банки, ја определува нивната плата и склучува договори со нив;
- Изготвува деловна политика и развоен план на Банката;
- Изготвува финансиски план на Банката;

- Изготвува политика за сигурност на информативниот систем на Банката;
- Изготвува годишен извештај за работењето на Банката и го доставува до Надзорниот одбор;
- Изготвува етички кодекс на Банката;
- Одобрува изложеност кон поединечно лице до 10% од сопствените средства на Банката;
- Одобрува трансакции со поврзани лица со Банката во износ под 6.000.000 денари;
- Го одобрува стекнувањето на капитални делови и купување на хартии од вредност, помали од 5% од сопствените средства на Банката, како и купување на хартии од вредност издадени од Народната банка и Република Северна Македонија;
- Одлучува за засновање на работен однос, за распоредување и наградување на работниците согласно со законските прописи и општите акти на Банката;
- Одлучува за давање и земање кредити за ликвидност, гаранции, авали и акредитиви во рамките на лимитите утврдени со законот, актот за деловната политика на Банката и одлуката за кредитната политика донесена од Надзорниот одбор;
- Утврдува предлози на одлуки и други акти за кои одлучува Надзорниот одбор на Банката;
- Се грижи за информирањето на акционерите на Банката;
- Ја насочува и организира работата на деловите на Банката особено во поглед на навременото и стручно вршење на работите;
- Донесува Деловник за работа на Управниот одбор и негови измени со претходно одобрение на Надзорниот одбор на Банката;
- Донесува поединечни акти на Банката;
- Формира комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, нетековни и преземени средства, а по потреба формира и други комисии и работни тела и ги именува нивните членови;
- Разгледува и усвојува извештај за годишните пописи;
- Врши и други работи утврдени со Закон, Статутот и други општи акти на Банката.

Управниот одбор на Банката е одговорен за:

- Обезбедување услови за работењето на Банката во согласност со прописите;
- Управување и следење на ризиците на кои е изложена Банката во работењето;
- Постигнување и одржување на адекватно ниво на сопствени средства;
- Функционирање на системот на внатрешна контрола во сите области на работење на Банката;
- Непречено работење на Секторот за внатрешна ревизија на Банката, односно осигурува дека Секторот внатрешна ревизија има пристап до документацијата и до вработените во Банката со цел за непречено спроведување на нејзините активности;
- Непречено работење на Службата за усогласеност со прописите и информативна сигурност, односно да осигура дека Службата има пристап до документацијата и до вработените во Банката со цел непречено спроведување на овластувањата;
- Донесување и спроведување на политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на лица со посебни права и одговорности, освен за членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор;
- Водење на трговските и други книги и деловната документација на Банката, изработка на финансиски и други извештаи во согласност со прописите за сметководство и сметководствените стандарди;
- Навремено и точно финансиско известување;
- Редовност и точност на извештаите што се доставуваат до Народната банка во согласност со законот и прописите донесени врз основа на закон;
- Спроведување на мерките изречени од страна на гувернерот спрема Банката и законитоста на работењето на Банката.

Во функција на редовно информирање за работењето на Банката, за секоја седница на Управниот одбор се подготвува дневен ред, записник од претходната седница, како и материјали од Организационите единици на Банката.

Покрај наведеното, членовите на Управниот одбор на Банката присуствуваат и на седниците на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија.
На редовните седници, во рамките на своите надлежности Управниот одбор презема голем број активности и усвојува голем број правилници, упатства, процедури, планови и одлуки.

Покрај ова, Управниот одбор на месечна основа ги разгледува извештаите на Службата за усогласување со прописите и информативна сигурност, и тоа од: Сегмент за обезбедување законитост во работењето, Сегмент за спречување перење пари и финансирање тероризам и Сегмент за информативна сигурност.
Управниот одбор најмалку еднаш квартално го известуваше Надзорниот одбор за своето работење преку информација за тековните активности.

- Мандат

Мандатот на членовите на Управен одбор трае четири години, освен доколку НБРСМ не одлучи поинаку со Решението за издавање на претходна согласност за именување на член на Управен одбор.

- Надомест и наградување

На членовите на Одборот не им следува надомест за учество на седница.

Членовите на Управен одбор, во текот на 2020 година ги остварија следните примања:

1. Антонио Аргир, претседател на Управниот одбор, по основ на: бруто плата во износ од 8,4 милиони МКД, осигурување во износ од 57.397 МКД, други права во износ од 0,5 милиони МКД;
2. Петер Зелен, член на Управен одбор, по основ на: бруто плата во износ од 7,4 милиони МКД осигурување во износ од 57.397 МКД и други права во износ од 2,3 милиони МКД,
3. Гинтер Фриедл, член на Управен одбор, по основ на: бруто плата во износ од 7,5 милиони МКД и други права во износ од 4,3 милиони МКД,
4. Игор Давчевски, Член на Управен одбор, по основ на: бруто плата во износ од 6,6 милиони МКД, осигурување во износ од 57.397 МКД и други права во износ од 0,4 милиони МКД.

Остварените примања на членовите на Управниот одбор за 2020 година прикажани се и групно во Табела 16 и 16а.

Одбор за управување со ризици

Во текот на 2020 година, Одборот за управување со ризици работеше во состав од девет члена (Табела 14 и 15).
Членовите на Одборот за управување со ризици се избираат од редот на лицата со посебни права и одговорности кои се вработени во Банката. Еден од членовите на Управниот одбор на Банката задолжително е и член на Одборот за управување со ризици. Во таа насока, претседател на Одборот за управување со ризици е претседателот на Управниот одбор, Антонио Аргир, а членови на Одборот за управување со ризици се и останатите членови на Управниот одбор.

Во известувачкиот период, Одборот за управување со ризици одржа 53 седници.

Одборот за управување со ризици се состануваше редовно, еднаш седмично за исполнување на следните надлежности:

- Перманентно го следи и оценува степенот на ризичност на Банката и го утврдува прифатливото ниво на изложеност на ризици со цел минимализирање на загубите од изложеност на Банката на ризик;
- Воспоставува политики за управување со ризици и ја следи нивната примена;
- Ги следи прописите на НБРСМ кои се однесуваат на управување со ризици и усогласеноста на Банката со овие прописи;
- Врши оцена на системите на управување со ризиците во Банката;
- Утврдува краткорочни и долгорочни стратегии за управување со одделните видови ризици на кои е изложена Банката;

- Ги анализира извештаите за изложеноста на Банката на ризик изработени од службите во Банката кои вршат оцена на ризиците и предлага стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;
- Ја следи ефикасноста на функционирањето на системите на внатрешна контрола на управувањето со ризици;
- Ги анализира ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката;
- Ги анализира ефектите од предложените стратегии за управување со ризици, како и предложените стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;
- Оценка на усогласеноста на цените на производите и услугите што ги нуди Банката со нивото на преземен ризик, во согласност со деловната политика и развојниот план на Банката;
- Квартално го известува Надзорниот одбор за промените во ризичните позиции на Банката, промените во стратегијата за управување со ризици, ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката, како и преземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите;
- Одобрува изложеност спрема лице од над 10% до 20% од сопствените средства на Банката;
- Ја следи политиката за сигурност на информативниот систем и ги идентификува случаите кога е потребно нејзино ревидирање;
- Дава оценка за воспоставениот процес на управување со сигурноста на информативниот систем;
- Врши анализа на извештајот за извршена проценка на ризици и ги следи активностите кои се преземаат во врска со управувањето со сигурноста на информативниот систем;
- Ги одредува и редовно ги ревидира дефинираните нивоа на прифатливост на ризиците;
- Задолжително оценува дали системот на наградување ги има предвид профилот на ризик на Банката и нејзината солвентна, ликвидносна и профитабилна позиција.

Одборот за управување со ризици најмалку еднаш квартално го известуваше Надзорниот одбор и Одборот за ревизија за промените во ризичните позиции на Банката, промените во стратегијата за управување со ризици, ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката, како и преземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите.

- Мандат

Мандатот на Членовите на Одборот за управување со ризиците трае од моментот на именување до моментот на нивно отповикување со соодветна одлука или откажување од нивна страна.

- Надомест и наградување

На членовите на Одборот за управување со ризици не им следува надомест за учество на седница.

Кредитен одбор

Кредитниот одбор се состои од 7 членови и нивни заменици. Со Одлука за именување за претседател на Кредитен одбор се именува членот на Управен одбор надлежен за следење на ризиците, во негово отсуство како прв заменик - претседател на Кредитен одбор се именува претседателот на Управниот одбор на Банката, а како втор Заменик - претседател се именува раководното лице на Секторот за управување со ризици. Кредитниот одбор одлучува на редовни седници кои се одржуваат најмалку еднаш неделно.
Во известувачкиот период, Кредитниот одбор одржа вкупно 163 седници (137 редовни и 26 кореспондентски).

Кредитниот одбор ги врши следниве работи:

- Одобрува кредитни изложености по кредитни барања над лимити утврдени во овластувањата издадени на лицата со посебни права и одговорности и други работници во Банката;

- Одлучува за купување и продавање на хартии од вредност освен хартии од вредност издадени од НБРСМ и државни хартии од вредност, во рамки на лимити утврдени со актите на Банката;
- Одлучува за задолжување на Банката во рамките на лимитите утврдени во актите на Банката;
- Одобрува кредитни изложености по кредитни барања кои се со отстапки (каматни стапки, провизии, обезбедување, износ и рок и друго) надвор од предвидените критериуми со интерните акти и прописи на Банката;
- Одобрува одлуки од работењето на Секторот за проблематични пласмани за кои Секторот нема посебни овластувања;
- Одлучува за поставување на фирмите на WATCH листа и на ICL (Intensive Care List) и по материјали поврзани со комитентите поставени на ICL листа;
- Одобрува кредитни изложености по кредитни барања на клиенти (и нивни капитално поврзани лица) на WATCH листа и на ICL листа;
- Одобрува можност за предвремено раскинување на депозит, пред истек на договорениот рок со исплата на договорна камата;
- Отстапки од Политиката на каматни стапки и Тарифникот на Банката;
- Други работи утврдени со прописите и интерните акти на Банката.

- Мандат

Мандатот на членовите на Кредитниот одбор и на нивните заменици трае од моментот на именување до моментот на нивно отповикување со соодветна одлука или откажување од нивна страна.

- Надомест и наградување

На членовите на Кредитниот одбор не им следува надомест за учество на седница.

Табела 15. Менаџерски тим на Банката и членство во одбори

			Членства во органи на Банката							
Име	**Позиција**	**Образование**	**Одбор за управување со ризици**	**Одбор за управување со средства и обврски**	**Одбор за развој**	**Надзорен одбор врз ИТ**	**Кредитен одбор**	**Комисија за оперативни ризици**	**Комисија за правен ризик**	**Комитет за идентификација на вработени кои вршат посебна природа на работата**
Билјана Степанулеска Почевска	Директор на Деловен сектор за работа со корпоративни клиенти	Магистер по економски науки	Член	Член	-	Член	Член	Член	-	-
Бобан Попевски	Директор на Сектор за кредитна анализа и администрација	Дипломиран менаџер по царина и шпедиција, Меѓународна економија	-	-	-	-	Член	Член	-	-
Богоја Китанчев	Директор на Сектор за управување со ризици	MBA	Член	-	-	Член	Член	Заменик-претседател	Член	Член
Виолета Јанева	Директор на Сектор за правни работи и секретаријат	Магистер по финансии и финансово право	Член	-	-	Член	-	Член	Претседател	-
Донка Марковска	Директор на Сектор за финансиско управување	MBA	-	Член	Член	Член	-	Член	Член	Член
Зоран Грнчаровски	Директор на Сектор за управување со проблематични пласмани и интензивен третман на клиентите	Дипломиран економист	Член	-	-	Член	Член	Член	-	-
Ивана Дојчиновска Стојановиќ	Директор на Центар за управување со човечки ресурси (до 31.08.2020)	Магистер по менаџмент на човечки ресурси	-	-	-	-	-	Член (до 31.08.2020)	-	Претседател (до 31.08.2020)
Игор Митровски *	Директор на Сектор за Информатичка технологија	Дипломиран електроинженер	-	-	-	Член	-	Член	-	-
Александар Атанасовски	Помошник - директор на Сектор за платни системи		-	-	-	Член	-	Член	-	-
Игор Кацарски	Директор на Сектор за логистика на Банката	MBA	-	-	-	-	-	Член	-	-
Ирена Бачановиќ Каракашев	Раководител на Служба за усогласување со прописите и информативна сигурност	MBA	-	-	-	Член	-	Член	-	-
Ирена Косиќ	Раководител на оддел за пазарни и ликвидносни ризици, Сектор за ризици во НЛБ д.д. Љубљана	Дипломиран економист	-	Член	-	-	-	-	-	-
Љубица Јанчевска ** Димитровска	Директор на Деловен сектор за финансиски пазари и средства	Дипломиран економист	Член	Член	-	Член	-	Член	-	-
Љиљана Настоска	Директор на Сектор за внатрешна ревизија	Дипломиран економист	-	-	-	-	-	-	-	-
Љупка Ѓорѓиевска	Директор на Сектор за развој на понуда и маркетинг	Дипломиран економист	-	Член	-	-	-	Член	-	-
Маја Ставрева Стојанова	Директор на Деловен сектор за управување со продажна мрежа	Дипломиран економист	Член	Член	-	Член	Член	Член	-	-
Марија Зафировска ***	Директор на Сектор за работа со готовина и депо	MBA	-	-	-	Член	-	Член	-	-
Слаѓана Белева	Директор на Сектор за логистика на продажбата	Магистер по економски науки	-	-	-	Член	-	Член	-	-

* до 25.04.2020 година, Директор на Секторот за Информатичка технологија беше Александар Мисовски
** До 26.01.2020 година, Директор на Деловниот сектор за финансиски пазари и средства беше Јасмина Мојсиевска
*** Марија Зафировска е на позицијата Директор на Секторот за работа со готовина и депо од 07.09.2020 година

Надзорен одбор врз информативниот систем

Формиран е врз основа на регулативата на НБРСМ, Базелските принципи и меѓународните стандарди за сигурност на информативниот систем.
Надзорниот одбор врз информативниот систем има одговорности делегирани од страна на Надзорниот одбор на Банката во доменот на информативниот систем и неговата сигурност. За својата работа одговара пред Надзорниот одбор на Банката и помага во носењето на одлуки за одобрување на стратегиите, политиките и поголемите расходи од областа на информатичка технологија и обезбедува услови за ефективно планирање на информатичката технологија и следење на капацитетот на ИТ системот и неговите перформанси, како и сите прашања поврзани со информативната сигурност.
Најмалку два пати годишно, го известува Надзорниот одбор на Банката за статусот на информатичката технологија во Банката, отворените прашања и за донесените одлуки и заклучоци.
Надзорниот одбор врз информативниот систем работи и донесува полноважни одлуки на седници кои се свикуваат најмалку еднаш во три месеци. По потреба се свикуваат седници и во пократки рокови.
Членовите и претседателот на Надзорниот одбор врз информативниот систем ги именува Надзорниот одбор на Банката (Табела 15).

- Мандат

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор врз информативниот систем трае од моментот на именување до моментот на нивно отповикување со соодветна одлука или откажување од нивна страна.

- Надомест и наградување

На членовите на Одборот не им следува надомест за учество на седница.

Кодекс за корпоративно управување

Кодексот за корпоративно управување во НЛБ Банка АД Скопје, усвоен од Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје подетално ги определува стандардите на управување и раководење на органите на НЛБ Банка АД Скопје. Водејќи се од овие стандарди, Банката има воспоставено јасна организациска структура и транспарентен и разбирлив систем на управување, кој го зголемува нивото на доверба како на домашните, така и на странските инвеститори, вработените и пошироката јавност.

Согласно измените и дополнувањата на Законот за банките, како и Одлуката на НБРСМ за правилата за добро корпоративно управување во банка, Кодексот за корпоративно управување е предмет на редовно годишно ревидирање од страна на Надзорниот одбор.
На седницата на Надзорен одбор одржана на 06.08.2020 година направено е годишно ревидирање на Кодексот за корпоративно управување при што направено е усогласување на постоечкиот Кодекс за корпоративно управување во НЛБ Банка АД Скопје со пречистениот текст на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје согласно добиена претходна согласност од НБРСМ за измени и дополнувања на Статутот на Банката од 23.03.2020 година како и дополнително имајќи предвид дека НЛБ Банка АД Скопје е дел од НЛБ Групацијата, Кодексот е усогласен и со Политиката за корпоративното управување на НЛБ Групацијата и нејзините Општи внатрешни правила и регулативи.

Изјава за примена на Кодекс за корпоративно управување

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, кој влезе во сила од 14.12.2020 година, Членовите на Управниот одбор на Банката поединечно имаат дадено Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување, во Прилог 1 на овој Извештај. Кодексот за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје е јавно достапен на веб-страницата на Банката.

Голема зделка и зделка со заинтересирана страна

Во текот на 2020 година, Банката нема реализирано голема зделка, ниту пак зделка со заинтересирана страна, дефинирани со Законот за трговските друштва.

Политика за наградување

Банката има воспоставено ефикасен систем на следење и оценување на успешноста на работата на вработените на клучна позиција во Банката (Управниот одбор на Банката и лицата со посебни права и одговорности) кои се определуваат како лица со посебна природа на работата, согласно дефинирани критериуми со Политиката за наградување за лицата со посебна природа на работата на Банката.

Политиката за наградување има за цел да ги насочува вработените со посебна природа на работата да не преземаат несразмерно големи ризици, односно ризици кои ги надминуваат можностите на Банката за преземање ризици, земајќи ги предвид сите ризици, вклучувајќи ризици за репутацијата и ризици кои произлегуваат од погрешно или неетичко продавање на производи или пак друго неетичко или несоодветно однесување.
На вработените со посебна природа на работата им припаѓа варијабилен дел од платата врз основа на нивното оценување во врска со постигнување на дефинирани финансиски и нефинансиски критерими за успешност на лицата со посебна природа на работата на Банката. Со Политиката за наградување на вработените со посебна природа на работата во НЛБ Банка АД Скопје подетално се определуваат овие критериуми во зависност од функцијата и категоријата на лица со посебна природа на работата.

Целите на секој член на Управниот одбор на Банката се составени од цели на НЛБ Групацијата, целите на НЛБ Банка АД Скопје и индивидуални цели и истите треба да бидат финансиски и нефинансиски.
Критериумите за утврдување на успешноста на други вработени со посебна природа на работата во Банката се составени од:

- цели на НЛБ Банка АД Скопје кои важат за сите вработени со посебна природа на работата, но не важат за контролните и надзорните функции во Банката, освен по исклучок за функцијата за управување на ризици (поради специфичноста на надлежноста за управувањето на кредитните ризици кои влијаат на финансиските резултати на Банката);
- целите на организационата единица на вработените со посебна природа на работа_ кои произлегуваат од целите на НЛБ Банка АД Скопје на организационата единица каде вработениот со посебна природа на работа презема ризик и ги вклучуваат следниве области:
  - деловни цели на организационата единица, цели на проект/и, меѓу-функционални цели (cross functional goals)
  - финансиски цели на организационата единица (ако се определени).
- индивидуални/лични цели на вработените со посебна природа на работа (развој, водење/учество во проекти и други цели) дефинирани од непосредниот претпоставен за секоја деловна година.

Со Политиката, како правило за проценка на успешноста на контролните и надзорните функции се потенцира достигнувањето на утврдените цели на контролните и надзорни функции и овластувања, кои мора да бидат независни од успешноста на организацискиот дел врз кој што вршат надзор.

Согласно Одлуката на НБРСМ за правилата за добро корпоративно управување во банка, Банката ги објавува надоместоците кои се однесуваат на вкупниот надоместок исплатен во текот на 2020 година по одделни групи, при што посебно се прикажуваат фиксниот и варијабилниот дел од исплатениот надоместок и бројот на лицата во одделната група и структурата на вкупниот надоместок според висината и бројот на лица на кои им е исплатена соодветната висина на вкупниот надоместок (прикажано во Табела 16 и 16-а).
Во пресметките се вклучени сите лица за кои Банката извршила исплата во текот на 2020 година.

Вкупниот надоместок е утврден според следниве критериуми:

- Во фиксни надомести вклучени се следниве исплати: бруто плати, надоместоци и додатоци на плата, сите задолжителни надомести на трошоци за живот согласно Закон за работни односи, колективни договори и индивидуални договори помеѓу Банката и вработениот, како и надомести кои ги добива поединечното лице чиишто услови за исплата и за определување на нивната висина зависат од претходно утврдени критериуми (надоместок за одвоен живот, надоместок за работа во странство, регрес за годишен одмор, јубилејна награда, отпремнина, новогодишен надоместок, надоместок за учество на седница на членовите во Надзорниот одбор и Одборот за ревизија).
- Во варијабилни надомести вклучени се сите исплати кои не се сметаат за фиксни (осигурување на менаџери, исплата кон трет доброволен пензиски фонд, исплата по менаџерски договор и останати надомести).

Табела 16. Остварени примања согласно Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка

Структура на лица (групи)	Број на лица на кои им е исплатен надоместок во текот на 2020 година	Структура на надоместок (во МКД)		
		Фиксен дел	Варијабилен дел	Вкупен бруто надоместок
Надзорен одбор	7	368.323	-	368.323
Одбор за ревизија	3	157.373	-	157.373
Управен одбор	4	30.405.292	7.288.804	37.694.096
Останати лица со посебни права и одговорности	38	73.343.691	14.643.966	87.987.657
Вработени лица	887	587.273.932	115.287.488	702.561.419
Останати лица, претходно вработени во Банката	5	14.251	2.666.119	2.680.370
Вкупно	**944**	**691.562.861**	**139.886.377**	**831.449.238**

Табела 16-а

Висина на бруто надоместок исплатен од Банката во 2020 година (по вработен, според ранг од - до)	Број на лица	Вкупен бруто надоместок (во МКД)
до 500.000 МКД	118	23.176.206
од 500.000 до 750.000 МКД	306	200.476.105
од 750.000 до 1.000.000 МКД	299	254.480.994
од 1.000.000 до 2.000.000 МКД	187	242.747.214
над 2.000.000 МКД	31	110.568.720
Вкупно	**941**	**831.449.238**

Политика за користење услуги од надворешни лица

Користењето услуги од надворешни лица од страна на Банката е уредено со Политиката за набавки и користење услуги од надворешни лица на НЛБ Банка АД Скопје, која детално ја уредува постапката и начинот на користење на ваквите услуги, согласно одредбите на EBA Guidelines on outsourcing arrangements и Одлуката за управување со ризици на НБРСМ.
Со Политиката строго се уредени правилата во поглед на користење на услуги од надворешните лица и тоа преку:

- Основните принципи и насоки за управување со ризиците кои произлегуваат од користењето услуги од надворешни лица;
- Начинот на спроведување анализа за избор на потенцијален надворешен добавувач;
- Начинот на проверка на квалитетот на услугите кои ги нудат надворешните лица и условите за ефикасно следење на нивното работење;
- Начинот на обезбедување непрекинатост во работењето за услугите кои се користат од надворешни лица;
- Дефинирање стратегиски мерки во случај на очекувано или неочекувано прекинување на договорниот однос со надворешното лице од кое Банката користи услуги.

Во рамките на наведената Политика, во 2020 година користени се услуги од надворешни лица, од кои како најзначајни за целокупното работење на Банката се издвојуваат услугите во следните подрачја:

- Развој, одржување и управување со информатичка инфраструктура;

- Архивско и документарно работење;
- Работа во доменот на самоуслужни продукти, картички, банкомати, дигитални канали на комуникација;
- Транспорт на вредносни пратки;
- Наплата на побарувања.

Банката делува во насока на оптимизација на односите помеѓу цената и квалитетот на набавените производи и услуги, како и за ефикасна употреба на ресурсите во Банката и за избор на најсоодветен надворешен добавувач.

Политика на управување со судир на интереси

Политиката за управување со судир на интереси и спречување на корупција во НЛБ Банка АД Скопје има за цел заштита на интересите на Банката во случај на постоење на трансакции кои можат да доведат до лична корист над целокупниот интерес на Банката.
Со Политиката се воспоставува и одржува систем на ефикасно контролирање и управување со судирите на интереси кои може да настанат при извршување на определени активности по штета на интересите на клиентите или потенцијалните клиенти на Банката.
Политиката за управување со судир на интереси се однесува на сите вработени во Банката, вклучувајќи ги и членовите на органите на управување, односно Управниот и Надзорниот одбор, акционери со квалификувано учество во Банката, значајни деловни партнери и клиенти, други лица поврзани со Банката и сите останати лица кои се поврзани со претходно споменатите. Согласно Политиката и Законот за банките, лицата со посебни права и одговорности редовно, на секои шест месеци доставуваат писмена изјава до Надзорниот и Управниот одбор на Банката, за постоење или непостоење судир на нивниот личен интерес со интересот на Банката.

Политика за оценување на адекватноста на носителите на клучните функции во НЛБ Банка АД Скопје

Политиката за оценување на адекватноста на носителите на клучни функции во НЛБ Банка АД Скопје ја утврдува постапката за подготовка на оцената на адекватност на носителите, односно кандидатите за носители на клучни функции и критериумите за изготвување на оцената на адекватност на носителите, односно кандидатите за носители на клучните функции во Банката. Политиката е изготвена согласно одредбите од Законот за банките и Одлуката на НБРСМ за правилата за добро корпоративно управување во Банка, каде се определени квалификациите кои е потребно да ги поседуваат членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, Одборот на ревизија, Одборот за управување со ризиците, како и останатите Лица со посебни права и одговорности определени со Статутот на НЛБ Банка АД Скопје. Дополнително, во оваа Политика инкорпорирани се и насоките на ESMA (European Securities and Market Authority) и EBA (European Banking Authority) за оценување на адекватноста на членовите на органите на раководење или надзор и носителите на клучни функции во банки.

Спречување перење пари и финансирање тероризам

Во своето работење со клиенти, Банката е изложена на различни видови ризици, меѓу кои и ризикот од перење пари и финансирање тероризам кој е еден од најистакнатите ризици во финансиската индустрија. Со цел превенција од овој вид на ризик, Банката има усвоено и доследно применува Програма за спречување перење пари и финансирање тероризам и останати интерни акти коишто ја регулираат оваа област а воедно соработува и со надлежните институции и кореспондентските банки. Банката во целост ги има имплементирано сите инструменти кои произлегуваат од позитивните прописи и политиките на НЛБ Групацијата во насока на ефикасно откривање и спречување перење пари и финансирање тероризам.

Сигурност на информативниот систем

Информативната сигурност на НЛБ Банка е имплементирана во согласност со Одлуката за Методологијата за сигурност на информативниот систем на Банката и меѓународните

стандарди ISO 27001 и 27002. Согласно наведените, во рамки на Банката воспоставен е систем на информативна сигурност, кој опфаќа:

- Проценка на ризикот – преку воспоставен континуиран процес на идентификација на слабостите и заканите кон своите информативни системи, вклучувајќи го ризикот од напади во дигиталниот простор;
- Следење и надградба **-** преку воспоставен процес на континуирано собирање и анализа на информации од аспект на појава на нови закани и слабости на информативниот систем, вклучувајќи и закани во дигиталниот простор;
- Имплементација на сигурносни контроли - преку следење на инциденти и оперативни контроли (административни, физички и технички контроли) со кои се врши заштита на сигурноста на информациите и системите на повеќе нивоа;
- Тестирање на сигурноста и тестирање на отпорноста на системите од напади во дигиталниот простор;
- Поделба на надлежностите на органите на Банката од аспект на управувањето со ризици поврзани со сигурноста на информативниот систем;
- Обезбедување непрекинатост во работењето – преку дефиниран план за непрекинатост во работењето, којшто ќе се темели врз повеќе сценарија и којшто ќе овозможи оперативност и минимизирање на загубите во случај на тежок прекин на деловните процеси.

Организациона структура на Банката

Организационата структура на НЛБ Банка не претрпе позначајни промени во текот на 2020 година, имајќи предвид дека промените кои се извршија во делот на организација беа во насока на доуредување и прецизирање на одговорностите на постоечките организациони единици. Организациската структура со состојба на 31.12.2020 година е прикажана во прилог бр.2 на овој извештај.

Акционерски капитал и сопственичка структура

Акционерски капитал

Акционерскиот капитал на Банката на 31.12.2020 година се состои од 854.061 обични акции со номинална вредност од 1.000 МКД по акција или вкупно 854.061.000,00 МКД. Акциите се регистрирани и се водат кај Централниот депозитар на хартии од вредност на РСМ.
Обичните акции на сопствениците им даваат право на дивиденда и право на глас на седница на собранието на акционери. Една обична акција носи право на еден глас.
Во согласност со акционерската книга на Банката, на 31.12.2020 година кај 816 обични акции односно 0,0955% од вкупниот акционерски капитал на Банката (2019: 816 обични акции односно 0,0955%) има ограничување на акции со право на глас на правата засновани на закон и/или Одлука на надлежен орган.
Во текот на 2020 година, Банката нема издадено нови емисии на акции, ниту пак има извршено откуп на сопствени акции.

Број на акционери и структура

На 31.12.2020 година, бројот на акционери во Банката изнесува 939 (2019: 895). Од нив, 801 се физички лица (2019: 764), а 138 се правни лица (2019:131).

Табела 17. Акционерска структура

		2020
Акционерска структура	**Број на акции**	**% на акции**
НЛБ д.д.	**742.804**	**86,97%**
Останати акционери	**111.257**	**13,03%**
Физички лица	80.080	71,98%
Правни лица	31.177	28,02%

Единствен акционер со учество над 5% во вкупниот број на издадени акции на НЛБ Банка АД е Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, со 86,97% учество (742.804 акции) во вкупниот број на акции на Банката. НЛБ д.д. како акционер со најголемо учество управува со Банката преку своите претставници во Надзорниот одбор. НЛБ Групацијата е најголемата банкарска и финансиска групација во Република Словенија, со стратешки фокус на избраните пазари на земјите од Југоисточна Европа и претставува препознатлив меѓународен бренд. Од ноември 2018 година, акциите на НЛБ д.д. Љубљана се класифицираа на берзанскиот пазар, а истовремено беа вклучени во тргувањето на главниот пазар на Лондонската берза за хартии од вредност. Во текот на 2019 година, се финализираше процесот на приватизација на НЛБ д.д.Љубљана, со што Република Словенија остана доминантен сопственик со 25% од акциите плус една обична акција.

Берзанска котација

Акциите на Банката котираат на официјалниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност, во сегментот задолжителна котација – обични акции, регистрирани под ISIN: MKTNBA101019.
Со акциите на Банката се тргува на секундарниот пазар на берзата, преку овластени брокерски куќи.
Акциите на Банката се дел од Македонскиот берзански индекс МБИ10.
Согласно Правилата за котација, Банката редовно ја известува берзата за своето работење, за членовите на органите на управување, управувањето и правните односи со трети лица и за настани и информации кои се од значење за работењето на Банката по претходно утврден Календар на настани кој се објавува на информацискиот сервис на Берзата најдоцна до крајот на јануари тековната година.

Политика на дивиденда

Согласно одлуките за издавање на емисиите на акции на Банката, акциите носат право на дивиденда, која може да се определи со одлука на Собранието на акционери на Банката. Одлуката за распределба на добивката за дивиденди, зависи од голем број фактори, вклучително и капиталната структура на Банката, апетитот за ризик, добивката, финансиската состојба, регулаторните барања, општите економски и деловни услови и идни перспективи. Политиката на дивиденда на Банката предвидува годишна распределба на дивиденда од околу 70% од остварената добивка во годината за која се исплаќа дивидендата и е зависна од регулаторните барања за капитал.
Минималното ниво на капитал (изразено како стапка на адекватност на капиталот) кое Банката треба да го исполнува во текот на годината изнесува 15,5%, вклучувајќи го интерниот менаџмент додаток од 0,5%.
Со оглед на економската криза која настана поради Ковид 19 пандемијата, на ден 04.11.2020 година до Банката е доставено известување од Народната банка на Република Северна Македонија, во коешто се укажува дека остануваат препораките на Народната банка доставени до сите банки со известување од ден 20 март 2020 година, во врска со очекувањето банките да се воздржат од исплата на дивиденда од остварената добивка во 2019 година. Притоа, повторно се потенцира дека банките треба да дадат приоритет на зачувување на своите капитални ресурси, јакнење на нивната солвентна позиција и натамошна поддршка на економијата, што е во линија со укажувањата и мерките преземени од страна на Европската централна банка и централните банки во регионот.
За исполнување на оваа препорака, во согласност со Одлуката донесена на собранието одржано на 30.11.2020 година, во 2020 година не беше извршена исплата на дивиденда за 2019 година.

XVI. Стратегија и идни изгледи

Врз основа на обновената Стратегија на НЛБ Групацијата, Банката го усвои Буџетот за 2021 година и финансиските проекции за период од 2021-2025 година, која во фокусот го има креирањето на подобрено искуство за клиентите врз база на технолошки иновации, промени во процесите на работа и понатамошна автоматизација и дигитализација на работењето, како и фокус на едукација и надградување на компетенциите и знаењата на вработените од различни нивоа, со цел креирање посакувана организациска култура како темел на обезбедувањето врвна услуга за клиентите.
Главниот фокус на Банката и понатаму ќе биде кредитирање на населението и претпријатијата, како и поддршка на клиентите во проектите за рестартирање на бизнисите и реализација на инвестициони активности. Активностите ќе бидат насочени кон обезбедување поголема достапност и поедноставување на банкарските услуги и софистицирано и современо корисничко искуство скроено според потребите и барањата на клиентите.

Дигитализацијата, особено после изминатата 2020 година и понатаму ќе биде во центарот на активностите и ќе биде една од стратешките определби на Банката. Во план е понатамошно проширување на продуктното портфолио со иновативни продукти и услуги во согласност со светските трендови, паралелно со обезбедувањето квалитетна услуга на клиентите преку традиционалните канали.

Во однос на развојот на дигитални функционалности со целосна посветеност ќе се работи на обезбедување на нови иновативни продукти кои ќе овозможат поголема достапност на банкарските услуги и олеснета интеракција, со цел онлајн интеракциите и трансакциите за клиентите да бидат многу поедноставни, побрзи и што е најважно побезбедни.

Корисничкото искуство и задоволството на клиентите е појдовната точка и останува да биде во центарот на фокусот, со цел услугите да бидат на располагање во секое време до крајните корисници. Во таа насока, ќе се интензивираат активностите за персонализиран пристап кон клиентите, интуитивни услуги кои ги препознаваат нивните потребите и барања, дигитализирана продажба како и продажба на продукти преку самоуслужни канали, како што се банкоматите и мобилното банкарство.

И во иднина Банката ќе продолжи да биде сериозен партнер и поддршка за сите сегменти од општественото живеење. Составен дел од стратегијата на Банката е грижата за општото добро како еден од највисоките приоритети во системот на вредности. Со поддршка на проекти во областа на културата, спортот, науката, образованието, животната средина, децата и младите, Банката се стреми да придонесе за подобрување на целокупниот квалитет на животот на поединците, семејствата, институциите и организациите.

XVII. Прилози

Прилог 1. Изјави за примена на Кодексот за корпоративно управување

Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување од Претседателот на Управниот одбор Антонио Аргир

NLB Banka

Изјава
за примена на Кодекс за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје

Кодексот за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје подетално ги определува стандардите на управување и раководење на органите на НЛБ Банка АД Скопје и водејќи се од истите Банката воспоставува јасна организациска структура, транспарентен и разбирлив систем на управување кој го зголемува нивото на доверба како на домашните, така и на странските инвеститори, и на вработените.

Изјавувам дека НЛБ Банка АД Скопје го применува Кодексот за корпоративно управување на Банката (бр. 0309 - 55/2020) одобрен од страна на Надзорниот одбор на Банката и истиот е јавно достапен на веб страна на Банката www.nlb.mk.

Отстапувања од правилата на Кодексот за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје не постојат и правилата на Кодексот претставуваат обврска за сите органи на Банката, како и за нејзините вработени.

Скопје, Јануари 2021 година

Антонио Аргир
Претседател на
Управен одбор

Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување од Членот на Управниот одбор Петер Зелен

NLB Banka

Изјава
за примена на Кодекс за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје

Кодексот за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје подетално ги определува стандардите на управување и раководење на органите на НЛБ Банка АД Скопје и водејќи се од истите Банката воспоставува јасна организациска структура, транспарентен и разбирлив систем на управување кој го зголемува нивото на доверба како на домашните, така и на странските инвеститори, и на вработените.

Изјавувам дека НЛБ Банка АД Скопје го применува Кодексот за корпоративно управување на Банката (бр. 0309 - 55/2020) одобрен од страна на Надзорниот одбор на Банката и истиот е јавно достапен на веб страна на Банката www.nlb.mk.

Отстапувања од правилата на Кодексот за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје не постојат и правилата на Кодексот претставуваат обврска за сите органи на Банката, како и за нејзините вработени.

Скопје, Јануари 2021 година

Peter Zelen Digitally signed by Peter Zelen Date: 2021.01.15 17:04:49 +01'00'
Петер Зелен
Член на Управен одбор

Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување од Членот на Управниот одбор Гинтер Фриедл

NLB Banka

Изјава
за примена на Кодекс за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје

Кодексот за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје подетално ги определува стандардите на управување и раководење на органите на НЛБ Банка АД Скопје и водејќи се од истите Банката воспоставува јасна организациска структура, транспарентен и разбирлив систем на управување кој го зголемува нивото на доверба како на домашните, така и на странските инвеститори, и на вработените.

Изјавувам дека НЛБ Банка АД Скопје го применува Кодексот за корпоративно управување на Банката (бр. 0309 - 55/2020) одобрен од страна на Надзорниот одбор на Банката и истиот е јавно достапен на веб страна на Банката www.nlb.mk.

Отстапувања од правилата на Кодексот за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје не постојат и правилата на Кодексот претставуваат обврска за сите органи на Банката, како и за нејзините вработени.

Скопје, Јануари 2021 година

Gunter Mag. Friedl MBA

Digitally signed by Gunter Mag. Friedl MBA
Date: 2021.01.15 10:33:01 +01'00'

Гинтер Фриедл
Член на Управен одбор

Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување од Членот на Управниот одбор Игор Давчевски

NLB Banka

Изјава
за примена на Кодекс за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје

Кодексот за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје подетално ги определува стандардите на управување и раководење на органите на НЛБ Банка АД Скопје и водејќи се од истите Банката воспоставува јасна организациска структура, транспарентен и разбирлив систем на управување кој го зголемува нивото на доверба како на домашните, така и на странските инвеститори, и на вработените.

Изјавувам дека НЛБ Банка АД Скопје го применува Кодексот за корпоративно управување на Банката (бр. 0309 - 55/2020) одобрен од страна на Надзорниот одбор на Банката и истиот е јавно достапен на веб страна на Банката www.nlb.mk.

Отстапувања од правилата на Кодексот за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје не постојат и правилата на Кодексот претставуваат обврска за сите органи на Банката, како и за нејзините вработени.

Скопје, Јануари 2021 година

Игор Давчевски
Член на Управен одбор

Digitally signed by Igor Davchevski
Date: 2021.01.12 14:22:35 +01'00'

Прилог 2. Организациона структура на НЛБ Банка



Скопје, март 2021

Донка Марковска
Директор на
Сектор за финансиско управување

Игор Давчевски
Член на Управен одбор

Гинтер Фриедл
Член на Управен одбор

Петер Зелен
Член на Управен одбор

Антонио Аргир
Претседател на
Управен одбор

Мислење
кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2020 година

Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2020 година го опфаќа работењето на Банката во периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година. Во извештајот на систематизиран начин е презентирано остварувањето на одделни банкарски активности, како во поглед на основните финансиски активности така и за сите останати активности за кои се известува согласно Законот за трговските друштва, Законот за банките и Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка.

Извештајот вклучува податоци за промените на макроекономските и пазарните услови во кои работеше Банката и промените на регулативата која директно или индиректно влијаеше на остварувањето на финансискиот резултат и пазарната позиција.
Остварените финансиски резултати и исполнувањето на планираните деловни и стратешки цели за 2020 година се презентирани согласно со законските регулативи кои се применуваат во РСМ.

Оперативните активности се подетално презентирани по одделни пазарни сегменти и укажуваат на остварените резултати по одделни финансиски и нефинансиски активности на Банката.

Начинот на управувањето со ризиците во Банката е детално презентиран и укажува на постоење интегриран систем на управувањето со ризиците во Банката. Дополнително, презентирани се информации за управувањето со човечките ресурси во Банката, управувањето со информатичката технологија, преземените маркетиншки активности како предуслови за успешно работење, подобро и квалитетно управување со Банката, почитување и усогласеност со целокупната законска регулатива и остварување на планираните цели за 2020 година.
Во Извештајот интегрално се презентирани корпоративното управување на Банката, работењето и активностите на органите и нивните членови, остварувањето на обврските во поглед на спречувањето перење пари и сигурноста на информативниот систем и активностите за промоција на корпоративната општествена одговорност. Извештајот дава целосна слика за состојбата и промените на сопствените средства и акционерската структура на Банката кај акционерите со над 5% учество во капиталот на Банката.

Според нашето мислење, Годишниот извештај дава вистинска и објективна слика за работењето на Банката во 2020 година, состојбата на нејзините средства и финансиската успешност.

Блаж Бродњак
Претседател
на Надзорен одбор

Назив на банка/финансиска институција:
НЛБ Банка АД Скопје
Адреса, седиште, телефон:
Ул. Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје, 02 / 5100 601
Адреса за е-пошта:
sekretarijat@nlb.mk
Единствен даночен број:
4030993191133

Биланс на успех
за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020

(во денари)

Ред бр.	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	Износ	
			Тековна година	Претходна година
1	2	3	4	5
1	Приходи од камата	001	3.329.533.787	3.481.088.498
2	Расходи за камата	002	416.348.276	519.601.263
3	Приходи од провизии и надомести	003	1.737.146.719	1.723.497.357
4	Расходи за провизии и надомести	004	614.255.218	619.422.355
5	Приходи од вложувања во придружени друштва, подружници и заеднички вложувања	005	-	-
6	Нето добивка од трансакции со хартии од вредност	006	-	-
7	Нето загуба од трансакции со хартии од вредност	007	41.093.839	14.552.757
8	Нето добивка од курсни разлики	008	239.538.085	188.526.225
9	Нето загуба од курсни разлики	009	-	-
10	Останати приходи од дејноста	010	274.536.355	180.015.404
11	Трошоци за вработените (012+013+014)	011	845.587.843	850.549.794
11а	Плати	012	474.346.993	467.266.706
11б	Трошоци за даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување	013	240.087.146	239.571.555
11в	Останати користи за вработените	014	131.153.704	143.711.533
12	Амортизација на нематеријални средства и материјални средства	015	195.992.105	167.306.393
13	Исправка на вредност на нематеријални средства и материјални средства	016	50.790.175	4.473.353
14	Исправка на вредност, посебна резерва и резервирањата (018+019+020)	017	673.069.707	447.530.706
14а	Исправка на вредност на активните билансни побарувања	018	669.489.051	490.795.184
14б	Посебна резерва за вонбилансна кредитна изложеност	019	3.580.656	(63.364.466)
14в	Останати резервирања	020	-	20.099.988
15	Расходи од вложувања во придружени друштва, подружници и заеднички вложувања	021	-	-
16	Останати расходи од дејноста	022	886.283.123	902.532.562
17	**Добивка од редовно работење (001+003+005+006+008+010)-(002+004+007+009+011+015+016+017+021+022)**	023	**1.857.334.660**	**2.047.158.301**
18	Загуба од редовно работење (002+004+007+009+011+015+016+017+021+022)-(001+003+005+006+008+010)	024	-	-
19	*Добивка од прекинато работење	025	-	-
20	*Загуба од прекинато работење	026	-	-
21	**Добивка пред оданочување (023+025-026)**	027	**1.857.334.660**	**2.047.158.301**
22	Загуба пред оданочување (024+026-025)	028	-	-
23	Данок од добивка (дел од Даночниот биланс)	029	153.063.404	197.240.303
24	**Добивка од финасиската година(027-029)**	030	**1.704.271.256**	**1.849.917.998**
25	Загуба за финансиската година (029-027) или (028+029)	031	-	-

26	Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)	032	704	689
27	Број на месеци на работење	033	12	12
1	ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА			
2	Добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното претпријатие	034	-	-
3	Добивка која припаѓа на малцинското учество	035	-	-
4	Загуба која се однесува на имателите на акции на матичното претпријатие	036	-	-
5	Загуба која се однесува на малцинското учество	037	-	-

*Пополнуваат само оние субјекти кои составуваат консолидирана годишна сметка

Додаток на Билансот на успех (го пополнуваат само оние субјекти кои составуваат консолидирана годишна сметка)

ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПРЕТЕЖНО ОД ДРУГО МОНЕТАРНО ПОСРЕДУВАЊЕ - 64.19

(Со назначување на главната приходна шифра на дејноста утврдена со НКД согласно член 9 од Законот за едношалтерскиот систем - Службен весник на Република Македонија бр. 84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11, 53/11 и 70/13).

Лице одговорно за составување на образецот:

Име и презиме Славица Лазаревска

Број од регистарот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија: 0103832

Потпис _____

Во Скопје

На ден 18.02.2021 година

Во Скопје На ден 18.02.2021 година	Име и презиме на законски застапник на банката/финансиската институција: Гинтер Фриедл Нлб банка АД Скопје NLB Потпис _____

Назив на банката/финансиската институција:
НЛБ Банка АД Скопје
Адреса, седиште, телефон:
Ул. Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје, 02 / 5100 601
Адреса за е-пошта:
sekretarijat@nlb.mk
Единствен даночен број:
4030993191133

БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
на ден 31.12.2020 година

(во денари)

Ред. Бр.	Позиција	Ознака на АОП	Износ	
			Тековна година	Претходна година
1	2	3	4	5
	АКТИВА			
1	Парични средства и парични еквиваленти	140	12.569.663.132	11.296.280.002
2	Вложувања во должички хартии од вредност кои може да се користат за рефинансирање во НБРМ (142+143-144)	141	3.090.399.021	4.582.123.547
2а	Благајнички записи	142	1.692.983.599	4.054.753.599
2б	Државни хартии од вредност	143	1.397.415.422	527.369.948
2в	Исправка на вредноста	144	-	-
3	Кредити на и побарувања од банки (146+147+148-149)	145	502.402.575	424.780.733
3а	Кредити	146	129.790	377.240
3б	Депозити	147	502.558.127	424.194.750
3в	Останати побарувања	148	315.436	314.371
3г	Исправка на вредноста	149	600.778	105.628
4	Кредити на и побарувања од други коминтенти (151+152-153)	150	57.977.711.439	54.691.235.913
4а	Кредити	151	62.798.297.818	59.444.305.749
4б	Останати побарувања	152	92.232.966	114.537.364
4в	Исправка на вредноста	153	4.912.819.345	4.867.607.200
5	Должнички хартии од вредност (155+156+157-158)	154	14.937.133.938	10.351.374.698
5а	Благајнички записи	155	-	-
5б	Државни хартии од вредност	156	14.937.133.938	10.351.374.698
5в	Останати должнички хартии од вредност	157	-	-
5г	Исправка на вредноста	158	-	-

6	Вложувања во сопственички инструменти	159	32.922.917	32.920.885
7	Вложувања во придружени друштва (161+162)	160	-	-
7а	Вложувања во банки	161	-	-
7б	Останати вложувања во придружени претпријатија	162	-	-
8	Вложувања во подружници (164+165)	163	-	-
8а	Вложувања во банки	164	-	-
8б	Останати вложувања во подружници	165	-	-
9	Заеднички вложувања (167+168)	166	-	-
9а	Заеднички вложувања во банки	167	-	-
9б	Останати заеднички вложувања	168	-	-
10	Нематеријални средства (170+171+172+173+174)	169	278.153.917	206.620.206
10а	Основачки издатоци	170	-	-
10б	Издатоци за истражување и развој	171	-	-
10в	Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права	172	66.481.380	50.680.846
10г	Гудвил	173	-	-
10д	Останати нематеријални средства	174	211.672.537	155.939.360
11	Материјални средства (176+177+178)	175	2.032.106.620	2.004.050.173
11а	Земјиште	176	145.639.044	145.639.044
11б	Недвижности и опрема	177	1.855.727.332	1.848.504.945
11в	Останати материјални средства	178	30.740.244	9.906.184
12	Останати средства / побарувања (180+181+182+183+184+185+186+187+188+189+190+191-192)	179	5.107.635.437	4.573.243.711
12а	Ограничени депозити	180	3.322.090.269	3.004.470.857
12б	Дериватни средства чувани за управување со ризик	181	460.366	-
12в	Вградени деривати	182	-	-
12г	Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување	183	-	-
12д	Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	184	139.194.520	193.165.067
12ѓ	Заложени средства	185	-	-
12е	Аванси за нематеријални средства	186	2.325.637	2.325.637
12ж	Аванси за материјални средства	187	256.691	5.227.619
12з	Побарувања за данок на добивка	188	30.923.702	17.953.141
12s	Одложени даночни средства	189	-	-
12и	Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање	190	-	-
12j	Останати побарувања	191	1.661.033.424	1.413.141.653
12к	Исправка на вредноста	192	48.649.172	63.040.263
13	Одложени приходи и однапред платени трошоци	193	17.083.065	14.316.550
14	**ВКУПНА АКТИВА (140+141+145+150+154+159+160+163+166+169+175+179+193)**	194	**96.545.212.061**	**88.176.946.418**

	ПАСИВА			
15	**ОБВРСКИ (196+202+208+213+222+223+227)**	195	**83.132.366.907**	**76.533.759.114**
16	Обврски кон банки (197+198+199+200+201)	196	715.604.138	1.083.914.876
16а	Трансакциски сметки	197	323.196.238	489.307.612
16б	Депозити	198	303.996	31.252.218
16в	Ограничени депозити	199	21.672.590	21.599.380
16г	Обврски по кредити	200	370.431.314	541.755.666
16д	Останати обврски	201	-	-
17	Обврски кон други комитенти (203+204+205+206+207)	202	79.486.611.444	72.438.614.544
17а	Трансакциски сметки	203	47.400.121.788	39.542.127.761
17б	Депозити	204	29.826.702.588	30.572.176.836
17в	Ограничени депозити	205	2.207.841.591	2.221.762.310
17г	Обврски по кредити	206	51.945.477	102.547.637
17д	Останати обврски	207	-	-
18	Обврски по издадени должнички хартии од вредност (209+210+211+212)	208	-	-
18а	Издадени инструменти на пазарот на пари	209	-	-
18б	Издадени серфитикати за депозит	210	-	-
18в	Издадени обврзници	211	-	-
18г	Останати издадени должнички хартии од вредност	212	-	-
19	Останати обврски (214+215+216+217+218+219+220+221)	213	586.316.941	721.972.585
19а	Дериватни обврски чувани за управување со ризик	214	-	666.462
19б	Вградени деривати	215	-	-
19в	Обврски за тргување	216	-	-
19г	Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	217	-	-
19д	Обврски за данок на добивка	218	-	-
19ѓ	Одложени даночни обврски	219	-	-
19е	Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех	220	-	-
19ж	Останати обврски	221	586.316.941	721.306.123
20	Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди	222	240.845.863	205.027.475
21	Резервирања за ризици и обврски (224+225+226)	223	254.970.621	243.238.784
21а	Резервирања за вонбилансна кредитна изложеност	224	123.532.549	119.925.688
21б	Резервирања за пензии и за други користи на вработените	225	69.740.432	61.615.456
21в	Останати резервирања	226	61.697.640	61.697.640
22	Субординирани обврски	227	1.848.017.900	1.840.990.850

23	**КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ (229+230+231+232+235+236+237+238+239+240)**	228	**13.412.845.154**	**11.643.187.304**
24	Запишан капитал	229	854.061.000	854.061.000
25	Премии од акции	230	2.274.483.721	2.274.483.721
26	Откупени сопствени акции (-)	231	-	-
27	Резерви (233+234)	232	5.299.563.869	5.299.563.869
27а	Законска и статутарна резерва	233	5.299.563.869	5.299.563.869
27б	Останати резерви	234	-	-
28	Ревалоризациски резерви и останати разлики од вреднувањето	235	295.966.365	230.579.771
29	Добивка за финансиската година	236	1.704.271.256	1.849.917.998
30	Загуба за финансиската година (-)	237	-	-
31	Задржана добивка	238	2.984.498.943	1.134.580.945
32	Пренесена загуба (-)	239	-	-
33	*Малцинско учество	240	-	-
34	**ВКУПНА ПАСИВА (195+228)**	241	**96.545.212.061**	**88.176.946.418**
	ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА			
35	Вонбилансна евиденција - актива	242	73.663.283.476	66.092.692.357
36	Вонбилансна евиденција - пасива	243	73.663.283.476	66.092.692.357

*Пополнуваат само оние субјекти кои составуваат консолидирана годишна сметка

Лице одговорно за составување на образецот:

Име и презиме Славица Лазаревска

Број од регистарот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија: 0103832

Потпис _____

Во Скопје

На ден 18.02.2021 година

Во Скопје На ден 18.02.2021 година	Име и презиме на законски застапник на банката/финансиската институција: Гинтер Фриедл Потпис _____